Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно [illegible] училиште на град Скопје
Shkolla [illegible] dhe gjimnazit e qytetit të Shkupit
ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ - ZDRAVKO CVETKOVSKI
Бр.-Nr. 03-1263/4
30.09 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ИЗВЕШТАЈ ОД

САМОЕВАЛУАЦИЈА

за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште

СГГУГС „Здравко Цветковски "

2024-2026



ИЗВЕШТАЈ ОД

САМОЕВАЛУАЦИЈА

за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште

СГГУГС „Здравко Цветковски "

2024–2026



Содржина

Вовед во извештајот од самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште гимназија СГГУГС „Здравко Цветковски“ - Скопје за учебните години 2024-2026 5

Цели на самоевалуацијата 7

Техники и инструменти кои се користени во Самоевалуацијата 9

Преглед на индикаторите за квалитетот на работата на училиштето 9

1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ 19

Преглед на документација преку архивски метод 19

1.1.1. Применувани наставни планови и програми 20

1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми 26

1.1.3 Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби 27

1.1.4. Избор на наставни предмети 32

1.1.5. Планирање активности за реализација на слободните часови/ проектните активности на училиштето 33

1.2. Квалитет на наставни планови и програми 34

1.2.1. Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала 35

1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала 36

1.2.3. Интегрирање на меѓупредметаните цели на образованието 36

1.2.4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми 37
1. 3. Воннаставни активности 38
1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности 38
1.3.2. Опфатност на учениците со воннаставните активности 39
1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности 41
1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности 42
2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ 44
2.1. Постигнувања на учениците 45
2.2. Задржување/осипување на учениците 49
2.3. Повторување на учениците 52
3.1. Планирања на наставниците 55
3.2. Наставен процес 59
3.3. Искуства на учениците од учењето 64
3.4. Задоволување на потребите на учениците 74
3.5. Оценувањето како дел од наставата 76
3.6. Известување за напредокот на учениците 80
4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ 86
Преглед на документација преку архивски метод 86
Метод на интервју и метод на анкетирање 88
4.1. Севкупна грижа за учениците 89

4.2. Здравје 99
4.3. Советодавна помош за понатамошно образование 104
4.4. Следење на напредокот на учениците 109
5.1. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО 114
6. РЕСУРСИ..... 135
Преглед на документација преку архивски метод..... 135
- Метод на интервју и метод на анкетирање 135
6.1. Сместување и просторни капацитети 136
6.2. Наставни средства и материјали 140
6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар 146
6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар..... 149

Вовед во извештајот од самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата на средното градежно – гимназиско училиште СГГУГС „Здравко Цветковски“ - Скопје за учебните години 2024-2026.

Врз основа на Законот за средно образование, средното градежно-гимназиско училиште СГГУГС „Здравко Цветковски“ - Скопје спроведе самоевалуација на работата и постигнувањата за учебните 2024/2025 и 2025/2026 години. За таа цел, директорот на средното училиште на 25.06.2026 година (со дел. број 04-918/1) формираше Комисија за спроведување на самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште, со следниот состав:

Носител на самоевалуација: м-р Николина Ивановска Котевска

Помошник носител на самоевалуација: Мартина Самболец и Невенка Трајановска

1. **НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

Носител на тимот - Елена С. Трајковска

Членови - Надире Садику, Ерсан Муртезани и Јулија К. Огненовска

2. **ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Носител на тимот - Феми Јусуфи

Членови - Ерблина Муаџери, Биљана Јовановска и Ана Јанкоски

3. **УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

Носител на тимот - Виолета Златевска

Членови - Башким Исуфи и Шукран Ќазими

4. **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Носител на тимот - Арта Мемети

Членови - Семир Бајрами, Мелита Чаушоска и Доротеа Трајановска

5. **УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Носител на тимот - Билјана Анчевска

Членови - Леонид Миладинов, Арлинда Османи и Редифе Сулимановска

6. **РЕСУРСИ**

Носител на тимот - Фатмире Балажи

Членови - Розафа Ферати, Стојанче Тодоровски и Анета Милошевиќ

7. **УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

Носител на тимот - Мелита Станковиќ

Членови - Калина Трајановска, Манушаќе Имери и Берајет Зекири

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2024-2026 година. За нејзино успешно спроведување, комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 31.08.2026 година, Комисијата ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети.

Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето. Во овој извештај ќе ги презентираме описот/резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Цели на самоевалуацијата

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, стручни соработници, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.
- Развој на професионалните вештини на наставниците – Идентификување на областите за професионален раст и образование.
- Промовирање на учество и одговорност на учениците - Поттикнување на активното учество во наставата и развој на самостојност.
- Поддршка за иновации и современи образовни практики – Воведување нови технологии и методи во наставата.

- Подобрување на условите за учење – Унапредување на инфраструктурата, опремата и условите за работа.
- Следење на напредокот и резултатите – Анализа на постигнувањата и поставување на нови цели.
- Зголемување на одговорноста и транспарентноста - Вклучување на сите чинители во процесот на оценување и подобрување.
- Развој на училишната култура – Стимулирање на тимската работа, соработката и позитивната атмосфера во училиштето.

Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата

Во согласност со прирачникот за подготовка на самоевалуација издаден од Државниот просветен инспекторат на РС Македонија, користени се следниве методи, техники и мерни инструменти:

Методи:

- **Архивски метод** - кој го опфаќа прегледот и истражувањето на целата документација.
- **Метод на интервју** - индивидуални интервјуа со директор, педагошко-психолошка служба, дефектолог, секретар на училиштето, како и фокус групи со наставници, технички персонал, наставници и родители.
- **Метод на анкетирање** - за целите на самоевалуацијата спроведени се анкети на ученици, родители и наставници.
- **Метод на набљудување**
- **Корелациски метод** - споредување на резултати добиени во самоевалуацијата 2020/2022 со цел да се корелира напредокот на одредени индикатори.

Техниките и мерните инструменти се прикажани согласно со индикаторите во секое подрачје.

Преглед на индикаторите за квалитетот на работата на училиштето

За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат **условите** во кои училиштето работи, **процесите** кои се одвиваат во него како и **резултатите** и **постигнувањата** на училиштето. Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување и индикатори за квалитет.

ПОДРАЧЈЕ БР. 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Број	Индикатор на квалитет	Теми
1.1.	Реализација на наставните планови и програми	- Применувани наставни планови и програми - Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми - Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби - Избор на наставни предмети - Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето - Реализација на проширени програми

1.2.	Квалитет на наставните планови и програми	-Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала - Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала -Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието -Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми
1.3.	Воннаставни активности	-Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности -Опфатност на учениците со воннаставните активности -Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности - Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

ПОДРАЧЈЕ БР. 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

2.1.	Постигнувања на учениците	- Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди -Подобрување на постигнувањата на учениците -Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој -Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава -Следење на хоризонталното и на вертикалното движење -Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците

2.2.	Задржување/осипување на учениците	-Опфат на учениците -Редовност во наставата -Осипување на учениците -Премин на ученици од едно училиште во друго
2.3.	Повторување на учениците	Ученици што не ја завршуваат годината/ образованието

ПОДРАЧЈЕ БР. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

3.1.	Планирања на наставниците	-Поддршка и следење на планирањата на наставниците -Индивидуални планирања на наставниците -Размена на искуства и на информации при планирањето - Распоред на часови

3.2.	Наставен процес	-Наставни форми и методи -Употреба на ИКТ во наставата -Избор на задачи, активности и на ресурси -Приодот на наставникот кон учениците -Интеракција меѓу наставниците и учениците -Следење на наставниот процес

		- Изведување практична обука на учениците кај работодавачите
3.3.	Искуства на учениците од учењето	- Средина за учење - Атмосфера за учење - Поттикнување на учениците за преземање одговорност - Интеракција на учениците меѓу себе - Учење во реални работни услови кај работодавач
3.4.	Задоволување на потребите на учениците	-Идентификување на образовните потреби на учениците -Почитување на различните потреби на учениците во наставата
3.5.	Оценувањето како дел од наставата	-Училишна политика за оценување - Методи, форми и инструменти на оценување -Користење на информациите од оценувањето во наставата
3.6.	Известување за напредокот на учениците	- Известување на родителите за напредокот на учениците

ПОДРАЧЈЕ БР. 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

4.1.	Севкупна грижа за учениците	-Заштита од физички повреди и од елементарни непогоди - Превенција од насилство -Заштита од пушење, алкохол и од дрога -Квалитет на достапна храна -Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост - Грижа за учениците од социјално загрозени семејства
4.2.	Здравје	-Хигиена и заштита од болести - Грижа за учениците со здравствени проблеми -Грижа за учениците со емоционални тешкотии
4.3.	Советодавна помош за понатамошно образование на учениците	- Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување

4.4.	Следење на напредокот	-Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците -Анализа на напредокот на учениците по паралелки
ПОДРАЧЈЕ БР. 5: УЧИЛИШНА КЛИМА		
5.1.	Училишна клима и односи во училиштето	-Углед/имиџ на училиштето -Кодекс на однесување -Училишна клима -Поведение и дисциплина во училиштето - Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми
5.2.	Промовирање на постигнувањата	-Промовирање на личните постигнувања на учениците -Промовирање на постигнувањата во име на училиштето
5.3.	Еднаквост и правичност	-Познавање и поттикнување на правата на децата -Еднаков и правичен третман на сите ученици -Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

5.4.	Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница	-Соработка на училиштето со родителите - Соработка со општината и со урбаната заедница -Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор

ПОДРАЧЈЕ БР. 6: РЕСУРСИ

6.1.	Сместување и просторни капацитети	-Просторни услови -Искористеност на просторните капацитети
6.2.	Наставни средства и материјали	-Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала -Училишна библиотека -Потрошен материјал -Училишна реална или виртуелна компанија -Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати

6.3.	Обезбедување на потребен наставен кадар	-Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници - Ефективност и распоредување на кадарот -Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар
6.4.	Следење на развојните потреби на наставниот кадар	- Професионален и кариерен развој на наставниците
6.5.	Финансиско работење на училиштето	- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет
ПОДРАЧЈЕ БР. 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА		
7.1.	Управување и раководење со училиштето	- Управување со училиштето - Раководење со училиштето
7.2.	Цели и креирање на училишна политика	-Јасност и соодветност на мисијата и визијата -Процедури за креирање на училишната политика -Резултати од развојно планирање

1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Методолошка рамка за подрачјето „НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ“:

Преглед на документација преку архивски метод

- Годишни извештаи за работата на стручните активи во училиштето.
- Месечни извештаи на стручните активи за реализација на далечинско учење.
- Решенија за формирање на инклузивни тимови за работа со ученици со посебни образовни потреби.
- Извештаи за работењето на инклузивните тимови.
- Записници од работни средби на инклузивните тимови.
- Информативни листови за класни часови и родителски состаноци.
- Анкетни листови за избор на изборни предмети и насоки.
- Ученички досиеја во педагошко- психолошката служба.
- Наставни планови и програми донесени од МОН и БРО.
- Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците.
- Програми за дополнителна настава.
- Акциски планови за планирани активности.
- Извештаи за работата на стручните активи во училиштето.
- Евидентни листови за следење на планирањата на наставниците.
- Евидентни листови за посета на часови.
- Формулар за следење на работата на наставникот при планирањето на наставата.

- Информативни листови за класни часови и родителски состаноци.
- Годишна програма на училиштето и Годишен извештај за работењето на училиштето.
- Записници од Наставнички совет.
- Записници/извештаи од евиденција на работа на психолог.
- Записници од претходни инспекциски надзори.
- Увид во добиени потврди за учества во активности, проекти.
- Издадени пофалници на ученици за учество во активности и натпревари
- Потврди за освоени награди.
- Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците.
- Ученички досиеја во педагошко- психолошката служба.
- Информативни листови за класни часови и родителски состаноци.
- Програми за работа на слободните ученички активности.
- Листа за вреднување на учениците во постапка за избор на првенци.

Метод на интервју:

- Разговор со психолог, педагог, наставници и ученици.

1.1. Реализација на наставни планови и програми

1.1.1. Применувани наставни планови и програми

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука (МОН). Наставниот план за гимназиско образование е конципиран во четири дела: Задолжителни предмети;

Изборни предмети;

Задолжителни изборни програми;

Проектни активности.

Задолжителните предмети се програмско јадро на гимназиското образование и се однесуваат на сите ученици. Со нив се обезбедува општообразовен стандард од знаења, што ќе им овозможи на учениците проодност во сите подрачја на гимназискиот систем на образование.

Изборни предмети се нудат во II, III и IV година и тоа на следниов начин:

Во II година за учебната 2026/2027, секој ученик избира еден предмет од листата на изборни предмети понудени според новата концепција за гимназиско образование.

Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепциите за основно и средно образование. https://bro.gov.mk/wp-content/uploads/2025/01/КОНЦЕПЦИЈА-гимназиско-1-2025.pdf.

Според новата концепција за гимназиско образование наставните програми за задолжителните предмети, за изборните предмети и за слободните изборни предмети се изготвени на национално ниво од страна на стручни тимови. За воннаставните активности и за општествено корисната работа, на национално ниво се изготвуваат насоки за нивно планирање, организирање и реализација, а самите програми ги изработуваат наставниците во училиштето. Од учебната 2025/26 година во училиштето по новите програми се работеше во прва година, а во останатите години наставниците ги усогласуваат наставните програми со своите долгорочни, среднорочни и краткорочни планирања, адаптирајќи ги со условите за работа во училиштето, потребите на учениците и потребата од достигнувањето на целите опфатени со програмските документи.

Во СГГУ на ГС „Здравко Цветковски“ се едуцираат средношколски кадри од 4ти степен: гимназиско образование, архитектонски техничари, градежни техничари и геодетски техничари, а од учебната 2011/12 и техничар-дизајнер за внатрешна архитектура. Исто така, во училиштето се профилираат и кадри од 3ти степен монтер за сува градба и поставувач на подови и плочки. Плановите и програмите на стручното образование со четиригодишно и тригодишно траење се целосно (за сите профили) реформирани од почетокот на учебната 2019/2020 година. Покрај овие степени на образование во училиштето се организира и настава за дообука и специјализација на одредени наставни програми од областа на градежништвото и архитектурата. Во ова постсредно, специјалистичко образование ги има следните струки: Ѕидар-специјалист, Дрводелец–специјалист, Армирач-специјалист, Бетонирец-асфалтер-специјалист, Градежен керамичар-специјалист, Молеролакер-специјалист, Хидроизолатер и процесен организатор, Техничар специјалист за индустриско градење, Градежен калкулант и Специјалист монтер на стаклени елементи.

Содржините во сите наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Инклузивните вредности и принципи кои се применуваат во гимназиското образование ги подготвуваат учениците да бидат свесни и активни членови на општеството, кои активно се борат за еднаквост, правичност и почитување на човековото достоинство. Во училиштето е унифициран начинот на изработка на тематските и дневните подготовки за час на наставникот, во соработка со просветните советници и инспектори, но се остава простор и за нивно индивидуално изработување во зависност од содржините што се обработуваат, со цел достигнување на поставените цели и поквалитетна настава. На почетокот на учебната година, наставниците ги доставуваат годишните и тематските планирања за содржините наменети за редовната настава. Во планирањата се интегрирани и ИКТ и еколошки содржини.

Според реформираните програми феријалната пракса се реализира согласно планот за стручно образование одобрен од Министерство за образование и наука. За време на извршувањето на феријалната практика, секој ученик води дневник за работа под надзор на соодветно стручно лице од организацијата каде ученикот ја обавува практиката, а го вреднува одговорниот наставник во месец септември.

Феријалната практика има посебно значење во оспособувањето на учениците за усвојување на целите, задачите и содржините во соодветните наставни планови и програми.

Преку неа на учениците им се овозможува теоретските знаења непосредно да ги поврзат со практиката, односно да се запознаат и директно да се вклучат во извршувањето на определени работи и работни задачи од делокругот на образовниот профил. Таа има задача да ги обедини здобиените знаења од стручните предмети и да овозможи учениците да се здобијат со нови знаења. Се реализира во сите градежни претпријатија, фирми, задруги кои се верифицирани за соодветната дејност.

Во нашето училиште се воведува дуално образование почнувајќи од учебната 2021/2022 год. Оваа учебна година дуални паралелки се градежен и геодетски техничар со времетраење од 4 години во градежно геодетската струка.

Додатната и дополнителната настава - покрај годишните програми и планови, во фаза на имплементација претрпуваат значителни промени поради потреба од нивно усогласување со потребите на учениците како и просторно-временските капацитети и ограничувања при реализација на наставата во училиштето. Потребно е да се напомене дека и покрај работењето на училиштето во две смени, како и комплексноста на наставниот процес, како што се: голем број предмети, проектни активности, воннаставни активности, проекти, работилници и сл., за кои се користат училишните просторни капацитети во текот на учебната година, наставниците реализираат додатна и дополнителна настава согласно со законските прописи.

Проектни активности - До крајот на месец септември се врши запознавање на учениците со проектните активности кои се нудат во гимназијата и на сите ученици им се понудуваат по две проектни активности во секоја година. Изборот на проектната активност за учениците е однапред изготвен по методолошки практичен план. Во последните две учебни години, надминати се оние потешкотии поврзани со организациските проблеми и се изнајде иновативно решение со назначување на координатори на години**.**

Проектните активности се посебно подрачје во наставниот план чијашто функција е задоволување на индивидуалните интереси и желби на учениците во одделни области.

Поради својата специфичност, тие се разликуваат од наставните предмети и затоа се реализираат во рамките на годишниот фонд на часови /со по 70 часа/ од I до IV година, по слободен избор на ученикот.

Проектните активности се реализираат во време прифатливо за учениците и кое нема да се поклопува со редовниот седмичен распоред на часовите. Тие не се оценуваат (ни бројчано, ни описно), но секој ученик мора здолжително да ги реализира според предвидената програма во текот на секоја наставна година. Одговорниот наставник води посебна евиденција за реализацијата на проектните активности и прави извештај за секој ученик.

Слободните часови на училиштето се посебно подрачје во наставните планови за четиригодишното стручно образование. Тие имаат за цел да ги задоволат индивидуалните потреби на дел од учениците кои доброволно се определуваат за нив за стекнување, проширување и продлабочување на своите знаења, развивање на способности, вештини и изградување на сопствени ставови. Слободните часови на училиштето се застапени со 72 часа во прва, втора и трета година и до 66 часа во четврта година.

Функцијата на овие часови е задоволување на индивидуалните потреби на учениците како и поуспешна подготовка за матурскиот и завршниот испит, за професионален развој и усовршување на определени истражувачки техники и

методи. Групите за реализирање на слободните часови е од 18 до 25 ученика. Тие ќе се реализираат во и надвор од училиштето не попречувајќи го редовниот распоред на часови. Времето и местото на реализација ќе го договараат наставникот и учениците.

Учениците најмногу имаат инерес за следните слободни часови:

- Светско наследство во рацете на младите;
- Албански јазик и култура на пишување во градежништво;
- Математика во градежништвото;
- Планирање на кариера;
- Подготовка за вработување и работа
- Примена на графички дизајн Auto CAD 2D
- Презентациски вештини
- Активно барање на работа
- Иновации и претприемништво

Евиденција за реализација на слободните часови водат и наставникот и учениците, наставникот во дневникот на паралелката, главната книга и свидетелството.

Компании со кои е склучена соработка за потребите на дуалните паралелки се:

- Сити Билд ДООЕЛ-Скопје;
- ГД Гранит АД Скопје;
- Занаетчија Занаетчиски дуќан ЧЕЛИКН енад Кирил Бошевски Скопје;
- ДГТ ЖИКОЛ ДООЕЛ Струмица;
- Велетекстил ДООЕЛ Скопје;
- Лоџик Инженеринг ДООЕЛ;
- Градежен Институт на Македонија;
- Агенција за катастар;
- СППТУ Макаус ДООЕЛ Скопје;
- ПМГ КОНСТРУКТИОН ДООЕЛ;


- АИНОВУМ Скопје:

1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства да ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците, како и сите други што бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучувајќи ги и програмите што се однесуваат на образованието за меѓуетничка интеграција.

За сите ученици со посебни образовни потреби постои инклузивен тим на детето, а родителите се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Преку континуирани родителски средби и Совет на родители како и на web стрницата на училиштето преку директни линкови до плановите и програмите на страницата на БРО и МОН, родителите, учениците и граѓаните се информираат за целите и содржините на новите наставни планови и програми.

Според спроведената анкета 75.3% од родителите (од вкупно 243 испитаника) се изјасниле дека се известени за целите на наставните планови и програми што се реализираат во училиштето во целост, а 23.9% се изјасниле за делумно.




1.1.3 Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби

Со сите ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава, се работи според ИОП. Училиштето има пропишана процедура за изготвување ИОП врз основа на наставните програми по сите наставни предмети со учество на дефектолог.

Во училиштето се формираат инклузивни тимови составени од психолог, дефектолог, педагог, класен раководител, родител на ученик/ка со посебни потреби, наставници кои предаваат во паралелката каде што има ученик со посебни потреби. Инклузивните тимови во ваков состав користејќи ја Програмата за ученици со посебни потреби ги приспособуваат наставните планови и програми од постојните предмети според можностите на учениците со посебни образовни потреби. Педагошко-психолошката служба и дефектологот се вклучени во определувањето на карактеристиките на посебните образовни потреби на одделните ученици, реализираат информативни и советодавни разговори со родители, како и други професионални лица со цел да се обезбеди адекватна поддршка на учениците и нивна инклузија во редовната настава. Во училиштето се реализирани повеќе обуки на наставниците и класните раководители за прилагодување на учениците со посебни образовни потреби, преку нивна идентификација во паралелките. Инклузивните тимови редовно организираат работни средби и во соработка со родителите даваат помош во совладувањето на содржините од наставата, во следењето на постигнувањата и оценувањето на овие ученици.

Според наведената анкета за наставници 67,3% од наставниците се изјасниле дека во целост се согласуваат дека инклузивниот тим обезбедува подршка за изработка на ИОП и остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции а 30,6% делумно се согласуват.



Во извештајот за работа на училишниот инклузивен тим **за учебната 2025/2026 година е наведено следното:**

Еден од основните приоритети во средното училиште СГГУГС „Здравко Цветковски“ е социјалната инклузија, кохезија и децентрализација. Иако инклузијата е релативно нов концепт, кој преставува сеопфатност, чиј инклузивен пристап е фокусиран кон целиот образовен систем, негово менување и прилагодување, ние се залагаме за максимално вклучување на сите ученици со посебни образовни потреби во редовната настава и нивна интеграција. Нашето училиште максимално вложува и инволвира ресурси и време за подготвување на целата институција и зацврстување на инклузивната култура, политика и практика. Идентификување на учениците со посебни образовни потреби, дополнителната образовна, здравствена и социјална поддршка се нераскинлив дел од континуираниот процес на училиштето за обезбедување активно учество на сите ученици во образовниот систем.

Надминување на маргинализацијата подразбира развивање политики, мерки, применети програми и методи, особено во полето на образованието и

осамостојувањето на поединецот кои ќе му овозможат на ученикот да го поттикне личниот развој и ќе допринесат за негов активен и исполнет живот.

1.1. Ученици со посебни образовни потреби:

- ученици со пречки во психичкиот развој;
- слепи и слабовидни ученици;
- глуви и наглуви ученици;
- ученици со пречки во говорот;
- ученици со телесна инвалидност;
- хронично болни ученици;
- ученици со асоцијално однесување;
- ученици со аутистичен спектар на нарушувања;
- ученици со емоционални проблеми;
- ученици без родители;
- ученици од семејства со нарушени семејни односи;
- ученици од културно-депривирани семејства;
- ученици кои не го познаваат јазикот на кој се изведува воспитно – образовната работа;
- ученици на бегалци и на раселени лица; ● надарени ученици.

За унапредување на инклузивното образование во нашето училиште, во учебната **2025/2026** година, тимот за инклузија ги реализираше следниве активности:

- ✓ Изготвен е Годишен план и програма за работата на Училишниот инклузивен тим;
- ✓ Идентификувани се вкупно осум ученици со посебни образовни потреби, од кои два ученика со аутистичен спектар на нарушувања, еден ученик со сурдомутитас (најтешко оштетување на слухот), три ученици со потешкотии во учењето (дислексија, дисграфија и дискалкулија), еден ученик со Даунов

синдром (умерена попреченост во психофизичкиот развој) и еден ученик со дисхармоничен развој;

Соработка со ДУРЦ „Св. Наум Охридски“ и ДУРЦ „Партенија Зографски“ за обезбедување на образовени асистенти на учениците со посебни образовни потреби;

- ✓ Изготвен е Регистар за учениците со посебни образовни потреби;
- ✓ Направена е дефектолошка, педагошка и психолошка проценка на учениците со посебни образовни потреби;
- ✓ Остварени се индивидуални советувања и консултации со родителите на учениците со посебни образовни потреби;
- ✓ Остварени се индивидуални советувања и консултации со наставниците на учениците со посебни образовни потреби;
- ✓ Соработка со дефектолозите од основните училишта од кадешто доаѓаат учениците со посебни потреби од прва година;
- ✓ Индивидуална работа со учениците со ПОП од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор, педагогот и психологот по потреба;
- ✓ Индивидуална работа со ученици со емоционални проблеми и асоцијално однесување (по потреба);
- ✓ Изработени се Долгорочни планови за четири ученици кои во согласност со родителите, оваа година ќе следат настава според ИОП;
- ✓ Прегледување и водење евиденција за Среднорочните индивидуални планови за учениците со посебни образовни потреби;
- ✓ Доделување на Листови за евалуација на сите наставници кои предаваат на ученици кои работат по ИОП, со цел водење евиденција за постигнувањата и напредокот на учениците;
- ✓ Изготвени се брошури за Инклузивно училиште, за потребите на училиштето;

- ✓ Проекција на кратки анимирани и документарни филмови за лицата со аутизам, во паралелките каде што се вклучени учениците со аутистичен спектар на нарушувања – специјален едукатор и рехабилитатор;
- ✓ Следење на учениците со ПОП (редовност, успех, поведение, потреба за дополнителни прилагодувања, мислење од класен раководител итн...);

  Во текот на учебната 2025/2026та година се одржани вкупно четири состаноци на Училишен инклузивен тим за следење на учениците со посебни потреби и дискусии за подобрување на инклузивноста на нашето училиште;
- ✓ Состаноци на Инклузивен тим на ученик (за 4 ученици кои работат по ИОП), заедно со класниот совет и образовниот асистент на ученикот (анализа на адаптацијата и постигнувањата на учениците со ПОП, како и потребата од дополнителни ресурси и прилагодувања;
- ✓ Барање до МКФ за реални насоки за работа со ученик со аутизам кај кого целите во целост не се постигнати. Повратна информација – нова проценка и насоки за работа по модифицирана програма од следната учебна година;
- ✓ Одбележување на Светскиот ден на лицата со дислексија, дисграфија и дискалкулија - специјален едукатор и рехабилитатор;
- ✓ Опсервација на учениците со ПОП за време на часовите, на големиот одмор, во училишниот двор и на воннаставните активности;
- ✓ Опсервација на образовните асистенти за време на часовите;
- ✓ Посета на часови со цел следење на реализацијата на индивидуалното планирање и степенот на вклученост на учениците со ПОП за време на часовите, како и пристапот на наставниците кон учениците со ПОП;
- ✓ Работилница по повод одбележување на Меѓународниот ден за подигнување на свесноста кај учениците за лицата со попреченост – новогодишна работилница со корисниците од ЦПЛИП „Порака“ – специјален едукатор и рехабилитатор и педагог;

- ✓ Интервенирање и решавање на конфликтни ситуации предизвикани од ученик со посебни потреби, работа со класот за прифаќање и прилагодување на класот;
- ✓ Организирање и спроведување на работилница со корисниците од ЦПЛИП „Порака“ и ученици од нашето училиште, по повод Денот на вљубените и на виното, Валентајн и Св Трифун;
- ✓ Соработка со Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори;
  Соработка со МОН, БРО, Град Скопје, МНЗА, МКФ, ДУРЦ „Св. Наум Охридски“ и ДУРЦ „Партенија Зографски“.

1.1.4. Избор на наставни предмети

Училиштето нуди повеќе од три (3) изборни предмети, според наставниот план. Постапката за определување на изборни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.

Училиштето со настава на повеќе јазици обезбедува учење на јазикот на заедниците, а училиштето со настава на еден јазик во кое има ученици припадници на различни етнички заедници нуди изучување на јазикот и културата на која ѝ припаѓаат тие ученици.

Училиштето им нуди можности на учениците за избор на изборни предмети, кои соодветствуваат на личните потреби и интереси на учениците и спецификите на локалната средина. Училиштето им овозможува на учениците да избираат повеќе од три изборни предмети со доследно применување на постапката за избор на наставни предмети, која се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Во училиштето преку воннаставните и проектните активности се организираат разни активности со кои учениците ги учат јазикот и културата на другите. Настани/активности како Одбележување на Денот на европските јазици под мотото „Симфонија на љубовта“, Учество во активност за меѓуетничка интеграција - посета на градинка, дом за стари лица заедничка презентација за ненасилство и др.

1.1.5. Планирање активности за реализација на слободните часови/ проектните активности на училиштето

Во рамките на слободните часови/проектни активности, училиштето континуирано нуди и реализира програми за задоволување на интересите и желбите на учениците од разни области, вклучувајќи и програми за здобивање со знаење и вештини од областа на претприемништво и иновации, бизнис и кариерен развој, меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Учениците се вклучени во бројни натпревари од областа на природните науки и математика, странски јазици, дебатирање и јавно говорење, како и спортот, активности од областа на уметностите, екологијата и активности од хуманитарен карактер во соработка со Црвен крст, како и чести посети на споменици, музеи, театри и други институции. Училиштето е домаќин на натпревари на општинско и регионално ниво, по различни предмети.

Учениците со посебни образовни потреби редовно ги реализираат слободните часови/проектни активности во склоп на редовната настава. Училиштето осигурува вклученост на учениците со посебни образовни потреби во слободните часови.

Проектни активности - До крајот на месец септември се врши запознавање на учениците со проектните активности кои се нудат и на сите ученици им се понудуваат по две проектни активности во секоја година. Изборот на проектната активност за учениците е однапред изготвен по методолошки практичен план. Во последните две учебни години, надминати се оние потешкотии поврзани со организациските проблеми и се изнајде иновативно решение со назначување на координатори на години. Во анкентата спроведена за ученици 57,8% од нив се изјасниле дека целосно се запознаени со начинот на реализирање на проектните активности, 33,2 % делумно, а 9 % воопшто не се запознаени.

Практичната настава се реализира паралелно со стручно – теоретската настава. Има за цел да ги оспособи учениците за извршување на определени работи и работни задачи: почитување и применување на правилата на однесување на работното место, примена на теоретското стручно образование во практиката, примена на приборот и разни технички средства и помагала и материјали; да црта,

испишува, пакува и комплетира техничка документација, да го избира и применува алатот, приборот и градежните машини, потребен за изведување на градежни работи и др.

Практичната настава по реформираните планови за стручното четиригодишно образовани е опфатена со посебен предмет **Учење преку работа кај работодавач** во сите профили и тоа во трета година со 4 наставни часа на неделно ниво, а во четврта со 6 наставни часа.

Најчесто се изведува во соодветни градежни фирми и во училиште. За реализирање на овој вид настава, одговорниот наставник изготвува оперативна програма, каде се утврдени видот, времетраењето и времето на реализација на истата.

Според реформираните програми феријалната пракса се реализира согласно планот за стручно образование одобрен од Министерство за образование и наука. За време на извршувањето на феријалната практика, секој ученик води дневник за работа под надзор на соодветно стручно лице од организацијата каде ученикот ја обавува практиката, а го вреднува одговорниот наставник во месец септември.

Феријалната практика има посебно значење во оспособувањето на учениците за усвојување на целите, задачите и содржините во соодветните наставни планови и програми.

Преку неа на учениците им се овозможува теоретските знаења непосредно да ги поврзат со практиката, односно да се запознаат и директно да се вклучат во извршувањето на определени работи и работни задачи од делокругот на образовниот профил. Таа има задача да ги обедини здобиените знаења од стручните предмети и да овозможи учениците да се здобијат со нови знаења. Се реализира во сите градежни претпријатија, фирми, задруги кои се верифицирани за соодветната дејност.

1.2. Квалитет на наставни планови и програми


Училиштето континуирано посветува внимание на одржување и подобрување на квалитетот на наставата, при што најголем дел од одговорноста ја има педагошко-психолошката служба. Службата го организира следењето на наставниот процес преку посебно подготвени формулари, како што се *формулар за*

следење на работата на наставникот при планирањето на наставата, како и евидентни листови за проверка на наставничките планирања и за посета на часови. Со нивна помош службата добива информации за начинот на планирање и реализација на наставата од страна на наставниците.

Во рамките на спроведувањето на наставните планови и програми се врши и проверка на постигнувањата на учениците, при што оценувањето, и писмено и усно, претставува составен дел од процесот на планирање, следење и евалуација на наставата. Темите поврзани со квалитетот на наставата се опфатени и во анкетата наменета за наставниците, што покажува дека училиштето посветува значително внимание на квалитетот на наставниот процес и на интересите на учениците. Во таа насока, педагошката служба, во соработка со наставниот кадар, активно придонесува за обезбедување на квалитетна и ефективна настава.

1.2.1. Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала

Училиштето преку формалните органи планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност. Имено, во документите за планирање на наставата е интегриран и овој аспект во наставата т.е. се бара од наставниците да го внесат во планирањата. Според спроведените истражувања, во учебниците и на часовите е доволно застапена родовата и етничка рамноправност.



Согласно со анкетните листови за наставници, се констатира дека училиштето во голема мера планира активности за прибирање и разгледување мислења од наставниците и родителите од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност, односно: целосно се согласувам 68.5%, делумно 30.1%.

1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала


Постојат повеќе добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество.

Според информациите од психолошко-педагошката служба, во поголем дел од предметите, наставата и активностите соодветно се интегрирани особеностите на локалната средина, а најзабележливо е интегрирањето на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставата по предметите од општествените науки, странски јазици и одреден дел од природните науки, како и предметите по музичка и ликовна уметност.

1.2.3. Интегрирање на меѓупредметаните цели на образованието

Училиштето има разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки. Во рамките на реализација на воннаставни активности, проширени програми и проектни активности, работата со училишната заедница, се вложуваат напори во иницијативноста кај учениците, развивање на самодовербата, почитување на различностите, на човековите права, градење на свеста кај учениците за концептот на добар граѓанин, како и јакнење на свеста за припадност кон државата како мултикултурно општество.

На прашањето „ Училиштето има разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат“ голем процент од испитаниците-наставници, одговориле со целосно се согласувам (48.9%), додека делумно се согласувам (39.7%). Добиените резултати укажуваат дека најголемиот дел од наставниците се задоволни од разработените



насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат.

1.2.4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми

Училиштето повремено иницира активности насочени кон изменување, дополнување и унапредување на наставните планови и програми, како и кон иновирање на постојните содржини. Овие иницијативи најчесто произлегуваат како поддршка на наставниците кои, преку непосредната работа со учениците, идентификуваат одредени недостатоци или потешкотии во нивната практична реализација. Подготвените предлози и согледувања понатаму се доставуваат до Бирото за развој на образованието или до советниците во рамките на оваа институција.


Во рамките на редовната настава, наставниците применуваат разновидни наставни методи и техники со цел поефикасна реализација на наставните планови и програми. Притоа се поттикнува активното учество на учениците, што придонесува за нивна поголема вклученост во процесот на подобрување на квалитетот на наставата. Учениците често се ангажираат во истражувачки активности и изработка на презентации, при што, покрај презентирањето на фактографските сознанија до кои доаѓаат, им се овозможува да ги изразат и сопствените или тимските ставови и мислења. На овој начин се афирмираат нивните лични и заеднички интереси како дел од ученичката заедница.

Покрај учениците, предвидени се и механизми преку кои родителите можат да влијаат врз содржините на наставните планови и програми. Ова влијание се реализира преку советот и одборите на родители, кои одржуваат состаноци најмалку четири пати во текот на годината, а по потреба и почесто. На овие состаноци се разгледуваат извештаите за работата на училиштето, како и годишните програми за работа, со што родителите имаат можност детално да се запознаат со наставните содржини по одделни предмети. На ваков начин се обезбедува формалноправен механизам кој овозможува родителите да дадат придонес во процесот на унапредување на наставните планови.

Сепак, практичните искуства укажуваат дека родителите најчесто се активираат во оваа сфера во ситуации кога се појавуваат одредени проблеми

поврзани со реализацијата на наставата и нејзините резултати. Самоиницијативноста и проактивниот пристап за предлагање иновативни решенија и подобрување на содржините на одделни наставни планови и програми кои би произлегле од знаењата, компетенциите и професионалните искуства на родителите во одредени области, се појавуваат релативно ретко.

Во анкетата спроведена за наставници на исказот „ **Училиштето покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, иновирање на постојните и/или воведување нови струки и образовни профили врз основа на барања од родители, наставници и согледаните потреби на локалната средина. “** висок процент од испитаниците одговориле позитивно (повеќе од 63 проценти) односно целосно се согласуваме 63 % од наставниците кои ја пополниле анкетата, делумно се согласувам 31.5% и мал процент целосно не се согласуваат.




1. 3. Воннаставни активности


1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.

Во однос на спроведената анкета, на прашањето „Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење“ наставниците во голема мера одговориле дека целосно се согласуваат (високи 75.5% од наставниците), додека делумно одговориле 20.4%. Незначителен процент одговориле дека воопшто не се согласуваат.



Во анкетата наменета за ученици, на прашањето „ Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење“ учениците (315 испитаника) во голем процент одговориле дека се согласуваат и потврдуваат дека училиштето им нуди разновидни воннаставни активности кои ги одразуваат нивните потреби и интереси- 60.3% од нив одговориле дека целосно се с о гл а с у ва ат, д од е к а 32.2% одговориле делумно и 7.5 % воопшто не се согласуваат.



1.3.2. **Опфатност на учениците со воннаставните активности**

Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои родова, етничка и социјална рамноправност. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничка интеграција во образованието и младинско улество. Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби.

Во училиштето се организираат голем број воннаставни активности во кои се вклучени сите ученици во зависност од нивните афинитети и можности. Како во

сите успешни училишта и во нашето училиште, наставниците ги забележуваат интересите на сите ученици и достигнувањата и ги користат овие информации за да ги мотивираат учениците да се вклучат во различни воннаставни активности.


Воннаставните активности се реализираат во училиштето во вид на слободни активности, екскурзии, претстави, секции и работилници: литературна, рецитаторска и драмска секција, секција по странски јазици, ликовна и музичка секција, еколошка секција, макетарска секција, секција по математика, секција по физика, историска секција, фотографска секција, информатичка секција, црвен крст и други хуманитарни акции. Одговорните наставници за секоја секција изговуваат програма за активности за учебната година. Сите воннаставни активности подеднакво им се достапни и на сите ученици (пол и етничка припадност), а исто така во овие активности подеднакво се вклучени и учениците со посебни потреби.

Целта на воннаставните активности е да се развива позитивен однос кон општеството, подобрување на учењето на учениците, врз основа на нивните интереси и сатисфакција, јакнење на нивната самодоверба, будење и изразување на креативни идеи итн. Учениците развиваат натпреварувачки дух, како на пример во спортските секции.

Придобивки од воннаставните активности се: учество во манифестации во училиштето и надвор од него, проширување на знаењата, правилно користење на слободното време и социјализација. Училиштето има соработка со локалната самоуправа, институциите и бизнис секторот, со одбележување на позначајни датуми, како што се празници и меѓународни денови. Со награди и признанија се мотивираат и поттикнуваат учениците да се вклучуваат во голем број воннаставни активности. Постигнатите резултати од учеството на натпревари, манифестации, саеми на виртуелни компании, се објавуваат на веб страната на училиштето.

Во анкетата, на прашањето „Најголем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои родова, етничка и социјална рамноправност, 52.6% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, а пак


37.2 % дека делумно се согласуваат, што укажува на висок процент на нивна застапеност и рамноправност во воннаставните активности. Од нив, 10.2% воопшто не се согласуваат со тврдењето.




1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор низ транспарентна процедура. Учениците имаат клучна улога во подготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности.

Во спроведената анкета, на прашањето „Учениците се вклучуваат во воннаставните активно сти според сопствен избор из транспарентна процедура“, учениците во голем процент 67.9% одговориле дека целосно се согласуваат, а 25.6% делумно се согласиле.



На прашањето во спроведената анкета „Учениците имаат клучна улога во подготвувањето на програмите за работа“, 51.6% од учениците целосно се согласиле, додека 37.2% од нив делумно сметаат дека имаат клучна улога во подготвувањето на програмите за работа, 11,2 % - воопшто не сесогласуваат со тврдењето.



1.3.4. **Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво.

Фактот дека учениците се вклучуваат во разни проектни активности, организирани и спроведени од страна на училиштето, укажува дека на тој начин учениците имаат можност да се афирмираат и да ги промовираат своите интереси и потенцијали, земајќи предвид дека бројните настани најчесто се објавуваат преку социјалните медиуми, како што се Facebook (Фејсбук), Instagram (Инстаграм), YouTube (ЈуТуб), и други електронски и печатени медиуми. Истовремено промовирајќи се себеси, учениците се директно инволвирани во промоција на училиштето и ваквите ученички ангажмани делумно се валоризирани од страна на училиштето – ако се земе предвид фактот дека постои механизам за валоризација на ученички постигнувања, кој се применува во постапката за избор на првенци на паралелки, години или на ниво на училиште и овие ангажмани на учениците соодветно се вреднуваат.

Доказот за афирмација на воннаставните активности се и многубројните награди кои ги освоиле учениците во изминатиов период и нивната севклученост како ученици.

Резиме на подрачјето „НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ“:

КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ

-Училиштето успешно обезбедува јасно и навремено информирање на родителите за целите на наставните планови и програми, што укажува на ефективна комуникација и транспарентност во работата на училиштето.

- Училиштето обезбедува разновиден избор на изборни предмети, усогласени со индивидуалните потреби, интереси на учениците и спецификите на локалната средина, при што на учениците им се овозможува избор на повеќе од три изборни предмети.

- Јасната организација и ефективната насоченост во наставниот процес во училиштето овозможува учениците да бидат целосно запознаени со реализацијата на проектните активности.

- Училиштето има јасно разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели при планирањето и реализацијата на наставните планови од страна на наставниот кадар.

- Училиштето нуди разновидни воннаставни активности кои се во согласност со интересите и потребите на учениците, пришто тие често учествуваат во организација и реализација на активностите кои служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.

- Инклузивниот тим во училиштето обезбедува поддршка на наставниците во изработка на ИОП и остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции со цел да им пружаат помош во совладувањето на содржините од наставата, во следењето на постигнувањата и оценувањето на овие ученици.

- Учениците активно се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор преку транспарентна процедура, што укажува дека училиштето има механизам за поттикнување на нивната иницијативност и интереси.

ИДНИ АКТИВНОСТИ

Подобрување на процедурата за информирање на родителите за целите во наставните планови и наставните содржини – Родителските состаноци веќе се доволно обемни со содржини кои се презентирани, а изложувањето на целите за секој предмет одделно, согласно со програмските документи на МОН и БРО, би одземале премногу време и би било неефикасно. Можна стратегија би била изработката на скратена верзија на постојните цели на предметите, иницирано од стручните активи и нивно поставување на web-страната на училиштето или да се овозможи преземање на овие информации од официјалната интернет-страна на Бирото за развој на образование каде што можат да се проследат постојните програмски документи (линковска поврзаност со овие информации на web- страната на училиштето за достапност до родителите).

2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Методолошка рамка за подрачјето „ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ“:

Преглед на документација преку архивски метод:

- Извештаи од стручна служба (Извештаи за успехот и редовноста во учебната 2022/23 и 2023/24 година);
- Дневник на паралелка;
- Евидентни листови на успех и на поведение;
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Годишен извештај за работа на училиштето;
- Записници од наставнички совет и совет на паралелки;
- Записници од стручни активи;
- Записник од совети на родители;

- Резултати од интерно оценување;
- Програма за додатна и дополнителна настава;
- Програма за работа со надарени ученици;
- Програма за ученици со ПОП;
- Програма за работа на училиштето;
- Извешта и на училиштето
- -Разговор со стручни служби;
- Увид во педагошка евиденција и документација
- -Записник од средби со родители;
- Евиденција на заминати или новодојдени ученици;
- Интерни училишни акти;
- Увид во педагошката евиденција и документација;
- -Анализа на успехот на учениците;
- Метод на интервју:
- Разговор со психолог, педагог, наставници, ученици, класни раководители и родители.
-

2.1. Постигнувања на учениците

2.1.2. Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди

Училиштето континуирано прибира, анализира и користи податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети и во сите квалификациони периоди. Анализите се користат како основа за планирање на наставата и за преземање мерки за подобрување на успехот. Се забележува тенденција на подобрување на постигнувањата кај најголем дел од учениците, а наставниот кадар редовно ги следи и интерпретира резултатите.


2.1.3. Подобрување на постигнувањата на учениците

Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците. Во училиштето се промовира став

дека секој ученик може да напредува. Врз основа на анализите, се планираат конкретни активности како: дополнителни часови, индивидуална поддршка, диференцирана настава и користење современи наставни методи. Се работи на мотивирање на учениците и развивање на нивната самодоверба


Резултати од анкета – родители (243 испитаник):

Според добиените резултати, 79,8% од родителите целосно се согласуваат дека училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите уче ници може да се подобрат, додека 17.7% **делумно се согласуваат**.



Само **мал дел од испитаниците воопшто не се согласуваат** со ова тврдење. Овие податоци укажуваат на високо ниво на доверба кај родителите во однос на поддршката што училиштето ја обезбедува за напредокот на учениците и позитивната образовна клима.

На тврдењето „Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат“, 81,5 % од родителите целосно се согласуваат, а пак 17.7% делумно се согласуваат, што укажува на тоа дека родителите го перцепираат училиштето како стимулативна средина за постигнувањата на своите деца.




2.1.4. Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој

Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

Училиштето има воспоставен систем за рано препознавање на учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со пречки во развој. Во соработка со стручната служба (ППС), се изготвуваат индивидуални планови и се следи нивниот напредок. Поддршката е континуирана и прилагодена на индивидуалните потреби.


Резултати од анкета – родители (243 испитаник): Според добиените резултати, 70% од родителите целосно се согласуваат дека училиштето има воспоставен систем за идентификување и поддршка на учениците, додека 28.4**% делумно се согласуваат**.



Резултатите укажуваат дека доминира позитивна перцепција кај родителите во однос на грижата и поддршката што училиштето им ја обезбедува на учениците, со мал простор за понатамошно унапредување.

Резултати од анкета – ученици (315 испитаници):

Според добиените резултати, **57.7% од учениците целосно се согласуваат** дека училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците, додека **29.8% делумно се согласуваат**. **Околу 12.6% од учениците воопшто не се согласуваат** со ова тврдење.



Овие податоци покажуваат дека најголем дел од учениците ја препознаваат поддршката што ја добиваат во училиштето, што укажува на позитивна училишна клима и ефективност на применетите мерки.

Се забележува позитивна перцепција кај родителите и учениците за поддршката и напредокот.

2.1.5. Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава

Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците што покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава. Наставниците применуваат различни пристапи и активности со цел да ги задоволат потребите на сите ученици. Посебен акцент се става на индивидуализирана настава и активна вклученост на учениците.

2.1.6. Следење на хоризонталното и на вертикалното движење

Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците.

Училиштето за средно образование им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво.

Училиштето за средно образование им нуди на учениците можност да преминат од еден во друг образовен профил, доколку профилот е од иста или сродна струка, како и да го продолжат образованието на повисоко ниво. Целиот процес се реализира со поддршка и консултации од педагошко-психолошката служба, која ги советува учениците и родителите при изборот на соодветен профил, ги информира за можностите за напредок и ги води во донесувањето на

информирани одлуки. На овој начин се обезбедува дека секој ученик може да го продолжи образованието во насока што одговара на неговите интереси и способности, со минимизирање на ризикот од осипување и максимизирање на шансите за успешен и континуиран развој.

2.1.7. Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците

Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик. Училиштето бележи постојан раст на бројот на вклучени ученици од мешан етнички состав во заедничките активности.

Училиштето активно организира заеднички активности со ученици од различен етнички состав. Преку проекти, работилници и воннаставни активности се поттикнува меѓусебно почитување и соработка. Се бележи зголемување на бројот на ученици вклучени во овие активности.

2.2. Задржување/осипување на учениците

2.2.1. Опфат на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и презема различни активности да ги запише сите деца од својот реон (формирана училишна комисија, покани до родители, посети на семејства, посета на градинки, проверка на потврда за примени вакцини, кампањи, соработка со надлежните институции, локалната заедница, граѓански организации).

Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и ги известува надлежните институции. Училиштето има воспоставен систем за прибирање податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование.

Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес. Училиштето обезбедува услови за запишување на сите ученици од својот реон, вклучително и за ученици со посебни образовни потреби, со цел да се овозможи еднаква можност за образование за секој ученик. За постигнување на оваа цел се реализираат различни активности, вклучувајќи активна соработка со родители, локални градинки, институции и локалната самоуправа, со што се овозможува подобра подготовка и информираност на идните ученици и нивните семејства. Податоците за запишувањето и преминот од основно во средно образование редовно се ажурираат и анализираат, со цел да се следи текот на процесот, да се идентификуваат евентуални пречки и да се преземаат навремени мерки за олеснување на трансферот и успешна интеграција на учениците во средното образование.

2.2.2. Редовност во наставата

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите, локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.

Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.


Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди е помал од пет по ученик, а во најголемиот број паралелки просечниот број на изостаноци по ученик помеѓу два извештајни периоди е до два неоправдани изостаноци.

Редовноста на учениците систематски се следи и анализира. Училиштето презема мерки за намалување на изостаноците преку соработка со родители и институции. Се реализираат советувања и се води уредна документација. Во најголем дел од паралелките бројот на неоправдани изостаноци е во рамки на прифатливото.

Резултати од анкета - родители (243 испитаник):

Според резултатите од анкетата, **92.2% од родителите целосно се согласуваат** дека училиштето соработува со нив за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата, додека **7% делумно се согласуваат**.

Овие податоци покажуваат дека училиштето има **силна поддршка од родителите** во поглед на редовноста и навремено присуство на учениците, што укажува на ефикасна соработка со семејствата.



2.2.3.Осипување на учениците

Осипувањето на учениците се следи континуирано и се анализира според повеќе параметри, како што се пол, одделение/паралелка и етничка припадност. Училиштето презема навремени активности во соработка со локалната заедница и родителите со цел да ја намали оваа појава. Причините за напуштање на наставата системски се анализираат, при што се настојува да се воспостави контакт со учениците кои се отпишале, а воопшто, бројката на осипување е мала, што укажува на ефективноста на преземените мерки и поддршката која ја обезбедува училиштето.

2.2.4. Премин на ученици од едно училиште во друго

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитнообразовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

Се обезбедува размена на информации за ученикот со цел континуитет во образовниот процес и соодветна поддршка.

2.3. Повторување на учениците

Ученици што не ја завршуваат годината/образованието

Сите ученици го завршуваат одделението, односно годината. Процентот на ученици во средното училиште што положиле завршен испит, училишна матура, државна матура и меѓународна матура е во постојан раст. Во училиштето постојат пропишани процедури за идентификување и анализирање на причините за неуспехот во завршување на образованието и училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици што не го завршуваат образованието.

Процентот на учениците кои успешно ја завршуваат учебната година е висок. Училиштето применува јасни процедури за следење и поддршка на учениците со слаб успех, обезбедувајќи им соодветна помош и стратешки насочени мерки за подобрување на резултатите. Во училиштето нема ученици кои не го завршуваат образованието, што укажува на ефективноста на воспитнообразовните активности и мерки кои се применуваат за поддршка на секој ученик.

Резиме на подрачјето „ ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ “:

КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ

- Систематско следење и анализа на постигнувањата;
- Континуирана поддршка за сите категории ученици;
- Реализација на дополнителна и додатна настава;
- Добра соработка со родители и институции;
- Поттикнување на интеркултурна соработка;

КЛУЧНИ СЛАБИ СТРАНИ

- Потреба од уште поголема индивидуализација на наставата;
- Делумна недоволна вклученост на родителите кај одредени ученици;
- Потреба од дополнително намалување на изостаноците кај одредени паралелки;

ИДНИ АКТИВНОСТИ

- Унапредување на индивидуализираниот пристап во наставата;
- Зголемување на вклученоста на родителите;
- Дополнителни мерки за редовност и намалување на осипувањето;
- Проширување на интеркултурните активности;
- Континуирана едукација на наставниот кадар;

3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Методолошка рамка за подрачјето „УЧЕЊЕ И НАСТАВА“:

Преглед на документација преку архивски метод

- Годишни, тематски планирања/тематски планирања и оперативен план за наставен час;
- Планирања за додатна, дополнителна настава, воннаставни активности, слободни часови/ проектни активности;
- Пропишана/договорена интерна процедура за планирањата и следење на планирањата на наставниците;

  -Евидентни листови /инструменти за следење на планирањата на наставниците;

  -записници од состаноци на стручните активи;
- Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставни часови;
- Записници од средби на инклузивниот тим со активи и наставници;
- Извештаи од следење на планирањата,
- Распореди за реализација на наставни и воннаставни активности;
- Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час;
- Интрумент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час;

  -Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час,
- Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката;
- Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;
- Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците;
- Годишни, тематски, дневни планирања;
- Програма за учење преку работа;
- Професионално досие на наставникот;
- Анкета за учениците;
- Записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците;

- Увид во ученичките досиеја;
- Увид во евиденцијата на стручните соработници;
- Програмата за работа и извештаи на ученичката заедница;
- Увид на заедничкиот училиштен простор;
- Записници на ученичка заедница,
- Записници од класни и наставнички совети;
- Записници од совет на родители;
- Наставни планови и програми;
- Годишен извештај за работа на училиштето;
- Прашалник за изборни предмети;
- Прашалник за проектни активности;
- Дневници за работа на паралелки;
- Дипломи од натпревари;
- Интерен правилник за оценување;
- Стандарди за оценување; - увид во педагошката евиденција и документација;
- Користените инструменти за оценување;
- Примери на оценети ученички трудови;
- Извештаи од стручни соработници за следени планирања;
- Записници од инклузивниот тим; записници од стручните активи, наставничкиот совет;
- Евиденција на наставниците за остварените средби и соработката со родителите;
-

3.1. Планирања на наставниците

3.1.1.Поддршка и следење на планирањата на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручните соработници и/или лица назначени од стручните органи.

Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост во планирањата на наставниците. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции.

Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/ или од лица назначени од стручните органи.

Во училиштето постојат утврдени приоди и процедури за планирање на наставата, како и механизми за поддршка и следење на планирањата од страна на директорот, стручните соработници и лица назначени од стручните органи. Следењето на планирањата се реализира континуирано, најмалку двапати во текот на едно полугодие.


Поддршката која училиштето им ја обезбедува на наставниците за поефикасно планирање на наставата се реализира преку повеќе активности и ресурси. Наставниците имаат пристап до наставни планови и програми од Бирото за развој на образованието, при што се констатира потреба од почеста и подиректна комуникација со советниците**,** во зависност од наставниот предмет. Дополнително, значајна улога има соработката со педагошко-психолошката служба, како и посетите на часови од страна на директорот, педагогот и психологот**,** кои придонесуваат за унапредување на наставната практика.

Наставниците активно учествуваат на вебинари, работилници, обуки и семинари, со што континуирано ги развиваат своите професионални компетенции. Воедно, училиштето располага со соодветна ИТ опрема (компјутери и други технички средства)**,** кабинети за работа и библиотека, кои претставуваат значајна поддршка за квалитетно планирање и реализација на наставните и воннаставните активности.

Во однос на поддршката од Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, резултатите покажуваат дека 52% од испитаниците наставници целосно се согласуваат, 40% делумно се согласуваат, додека 8% воопшто не се согласуваат дека тимот обезбедува поддршка за вградување на целите за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост во наставните планирања. Овие резултати укажуваат дека иако постои одредено ниво на поддршка, значителен дел од наставниците не ја препознаваат доволно оваа улога на тимот, што укажува на потреба од нејзино зајакнување и поголема видливост.



Во однос на работата на Инклузивниот тим, резултатите се значително попозитивни. Имено, 67,3% од испитаниците целосно се согласуваат, а 30,6% делумно се согласуваат дека тимот обезбедува поддршка за изра ботка на ИОП и соработува со ресурсни центри и други релевантни институции. Ова укажува дека инклузивниот тим успешно ја реализира својата улога и е препознаен како значајна поддршка во процесот на инклузивно образование.



3.1.2. Индивидуални планирања на наставниците

Во училиштето сите наставници навремено и систематски ги изготвуваат индивидуалните планирања за реализација на наставата, кои опфаќаат: годишен глобален план, тематско-процесни планирања, оперативен план за наставен час, планови за додатна и дополнителна настава, проектни активности и ИОП. Планирањата се изработуваат согласно наставните планови и програми и работниот календар и се доставуваат до стручната служба на почетокот на учебната година.

Планирањата ги содржат сите неопходни елементи за квалитетна организација и реализација на наставата: јасно дефинирани цели, очекувани исходи од учењето, наставни содржини и активности (нов материјал, повторување, примена на ИКТ), наставни форми, методи и техники на учење, како и временска рамка за реализација. Во нив се вклучени и активности за меѓуетничка интеграција, како и предлози за зголемување на интересот кај учениците.

Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во наставниот процес. Следењето на планирањата го врши педагошко-психолошката служба, како на почетокот на учебната година, така и континуирано во текот на годината преку посети на часови.

Индивидуалните планирања на наставниците се навремени, целосни и функционални, со јасно утврдени цели и исходи, и претставуваат добра основа за квалитетна и организирана реализација на наставниот процес. Континуираното следење и користењето на резултатите од оценувањето дополнително придонесуваат за нивна ефективност.

3.1.3. Размена на искуства и на информации при планирањето

Наставниците во училиштето активно соработуваат и планираат во рамките на стручните активи, при што разменуваат искуства, идеи и добри практики со цел унапредување на наставниот процес. Во процесот на планирање користат стручни извори од различни медиуми, како и искуства стекнати преку соработка со други училишта на регионално и меѓународно ниво.

Размената на искуства и информации се реализира преку редовни состаноци на активите, но и преку секојдневна неформална комуникација и дискусии во колективот. Дополнително, наставниците остваруваат соработка со колеги од историодни предмети од други училишта, како и консултации со експерти од областа на образованието и науката.

Во планирањето значајна улога имаат и насоките и поддршката од стручната служба, директорот, советниците и инспекторите, чии препораки наставниците ги применуваат во својата работа.

3.1.4. Распоред на часови

Распоредот на часови во училиштето се изработува во согласност со наставниот план и програма, при што се води сметка за најдобриот интерес и потребите на учениците, како и за организацијата на наставниот процес. Во неговата изработка учествуваат наставници од училиштето во консултација со директорот и наставничкиот кадар.

Училиштето навремено изработува и распоред за додатна и дополнителна настава, како и за проектни активности, кој е достапен на учениците, родителите и надлежните институции.

Реализацијата на распоредот се одвива согласно предвидената динамика (со следење од страна на одговорните лица). Распоредот на часови е навремено и соодветно изработен, функционален и усогласен со потребите на учениците и наставниот процес, при што овозможува ефикасна организација на наставните и воннаставните активности.

3.2. Наставен процес


3.2.1. Наставни форми и методи

Од разговорите со наставниците произлегува дека во наставниот процес се применуваат разновидни наставни форми, методи и техники, кои се прилагодени на потребите, можностите и стиловите на учење на учениците. Наставниците користат индивидуална, фронтална, групна форма (работа во парови и мали групи), како и заедничка работа со целата паралелка, со примена на добро испланирани активни методи.

Во наставата се применуваат бројни интерактивни техники, како што се: бура на идеи, Венов дијаграм, ментални мапи, грозд, дијамант, вртелешка, сложувалка, групно истражување, дебата и дискусија, играње улоги, квизови, загатки, инсерт систем, Т-табела, петоред, техника на 6 прашања, семафор, картички**.** Овие пристапи придонесуваат за поголема активност на учениците, развој на критичко мислење и подобро разбирање на наставните содржини. Покрај овие, наставниците применуваат и современи наставни форми, како што се истражувачката настава, проблемска настава и проектно ориентираната настава.

На тврдењето: ***Наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.***

Резултатите од анкетата наменета за ученици покажуваат дека 63.9% од испитаниците целосно се согласуваат**,** 26.9% делумно се согласуваат**,** додека 9.3% воопшто не се согласуваат дека наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи во наставата.



Ова укажува дека 82,1% од испитаниците имаат позитивна перцепција, но и дека постои простор за дополнително унапредување.

Наставниот процес се карактеризира со примена на разновидни и современи наставни форми, методи и техники кои го поттикнуваат активно учење и развој на клучни компетенции кај учениците. Сепак, потребно е понатамошно јакнење на примената на современи и интерактивни пристапи**,** со цел сите ученици да бидат подеднакво вклучени и мотивирани во процесот на учење.

3.2.2. Употреба на ИКТ во наставата

Во училиштето најголем дел од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и современи образовни технологии**,** вклучително и асистивна технологија, и истите активно ги применуваат во наставниот процес. ИКТ се користи често при реализација на часовите и наставните содржини, со што се овозможува поинтересна, подинамична и поефикасна настава.

Примената на ИКТ придонесува за подобра визуелизација на содржините, поголема вклученост на учениците и развој на дигитални компетенции, како и за прилагодување на наставата на различните потреби на учениците.


3.2.3. Избор на задачи, активности и на ресурси

Наставниците во училиштето планираат и реализираат разновидни задачи и активности кои се прилагодени на индивидуалните образовни потреби, интереси и темпо на учење на учениците. При изборот и подготовката на наставните

активности се користат различни ресурси, при што наставата не се ограничува само на учебниците, туку се применуваат и дополнителни материјали и современи пристапи.

Како најчесто применувани активности се издвојуваат: домашни задачи, проекти, презентации, есеи, драматизации и симулации на ситуации, кои овозможуваат активно учење и практична примена на знаењата. На учениците им се овозможува да напредуваат според сопствените можности, а за учениците кои подоцна се вклучуваат во образовниот процес се применуваат приспособени програми и активности.


На тврдењето: ***Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.***
86% од родителите целосно се согласуваат**,** а 12.8% делумно се согласуваат дека задачите се поврзани со наставата и со активностите на час.




На тврдењето: ***Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература,*** 50% од учениците целосно се

согласуваат**,**

37,7% делумно се согласуваат**,** а 12, 3% не се согласуваат дека наставниците кори стат различни ресурси и приоди.



На тврдењето: ***На учениците им се овозможува да работат и да напредуваат според сопствените можности,*** 64.4% од учениците целосно се согласуваат**,** 27,8% делумно се согласуваат**,** а 7,9% не се согласуваат дека им се овозможува да напредуваат според сопствените можности.



Наставниот процес се карактеризира со соодветен избор на задачи, активности и ресурси кои го поддржуваат индивидуалниот развој на учениците. Позитивните резултати укажуваат на високо ниво на прилагоденост на наставата, со можност за понатамошно унапредување во насока на уште поголема разновидност и индивидуализација.


3.2.4.Приодот на наставникот кон учениците

Наставниците во училиштето редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето, кои се јасни за поголемиот дел од учениците. Наставниот процес е јасен, разбирлив и прилагоден на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците, при што се применуваат различни начини на учење.

Во наставата се промовира активна комуникација и градење доверба меѓу наставниците и учениците, што придонесува за позитивна и поддржувачка училишна клима. Наставниците користат различни интерактивни методи со цел да ги вклучат сите ученици во наставниот процес.


На тврдењето***: Најголем број од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата.*** Резултатите од анкетата за наставници покажуваат дека 73.3% од испитаниците целосно се согласуваат**,** а

25.3% делумно се согласуваат дека наставниците ја реализираат наставата со интерактивни методи и ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат.



3.2.5. Интеракција меѓу наставниците и учениците

На тврдењето***: „Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба“.*** Според анкетата: 50,9% од учениците целосно се согласуваат дека наставниците се однесуваат на начин што ги промовира овие вредности. 37% делумно се согласуваат, што покажува дека постои позитивна интеракција, но со можност за подобрување. 12% од учениците не се согласуваат, што укажува на присуство на одредени слабости и линееднаквости во односот наставник–ученик.




Наставниците се насочени кон обезбедување еднакви можности за сите ученици, без разлика на пол, социјално

потекло, етничка или религиска припадност. Тие се проактивни во создавање клима за надминување на стереотипи и предрасуди, вклучувајќи културни разлики, способности и различни форми на попреченост.

3.2.6. Следење на наставниот процес

Училиштето има јасна и пропишана интерна процедура за следење на наставата, која се применува редовно. Секој наставник се посетува најмалку двапати во полугодието од страна на директорот или стручните соработници, а наодите од следењето се користат за унапредување на наставниот процес.

На тврдењето: ***Постојат добри практики на размена на искуства преку следење наставни часови од колеги.*** Според анкетата на наставници, за размена на искуства преку следење наставни часови од колеги: 47.3% целосно се согласуваат, 43.2% делумно се согласуваат и 9.5% не се согласуваат. Постои делумна примена на практиките за размена на искуства, но значаен дел од наставниците смета дека оваа можност може да се подобри.



3.3. Искуства на учениците од учењето

3.3.1. Средина за учење

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Македонија.

Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и училиштето), при што се почитуваат естетски норми и тие редовно се

менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.

На тврдењето: ***„Училиштето го доживувам како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.“***


Според добиените резултати од анкетата, 49.1% од учениците целосно се согласуваат дека училиштето претставува безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина за учење. 36.1% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, што покажува дека кај значителен дел од учениците постои позитивна перцепција за училишната средина, но и простор за дополнително подобрување. Од друга страна, 14.8% од учениците воопшто не се согласуваат**,** што укажува дека кај одреден дел од учениците постои чувство дека училишната средина не ги исполнува целосно овие аспекти.

Генерално, резултатите покажуваат дека повеќе од половина од ученците во одредена мера ја доживуваат училиштната средина како позитивна и поддржувачка за учење**,** но истовремено укажуваат на потреба од понатамошни активности за унапредување на безбедноста, инклузивноста, интеркултурноста и мотивацијата за учење**,** со цел сите ученици да се чув ствуваат прифатени, поддржани и мотивирани во образовниот процес.



На тврдењето: ***„Училиштето го доживувам како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.“***

Според резултатите од анкетата**,** 75.3% од родителите целосно се согласуваат дека училиштето претставува безбедна, стимулативна,



инклузивна и мотивирачка средина која го поттикнува интересот на учениците за учење. Потоа, 23% од родителите делумно се согласуваат со ова тврдење, што укажува дека најголем дел од родителите имаат позитивна перцепција за училишната средина. Вкупните резултати покажуваат дека огромното мнозинство од родителите (над 98%) во целост или делумно го доживуваат училиштето како позитивна и поддржувачка средина за учење. Ова укажува на високо ниво на доверба на родителите во училиштето и во условите што ги обезбедува за развојот и благосостојбата на учениците. Истовремено, резултатите укажуваат на потреба од континуирани активности за понатамошно јакнење на инклузивноста, интеркултурната соработка и мотивацијата за учење.

Споредбено, може да се заклучи дека родителите имаат попозитивна перцепција за училишната средина отколку учениците. И покрај тоа, кај двете групи доминира позитивното мислење дека училиштето создава услови кои го поддржуваат учењето и развојот на учениците. Резултатите укажуваат на потреба од континуирано унапредување на училишната клима, зајакнување на чувството на безбедност, инклузивност и мотивација кај учениците, како и понатамошно поттикнување на активности што ќе придонесат за поголемо вклучување и задоволство на сите учесници во воспитно-образовниот процес.

На тврдењето: ***„ Нашите трудови се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и училиштето).“***

Според резултатите од анкетата, 74.5% од учениците целосно се согласуваат со тврдењето дека училишниот простор е естетски уреден и дека во него се изложуваат ученичките трудови на видни и соодветни места. 21.3% од ученците делумно се согласуваат, што укажува дека кај значителен дел од учениците постои позитивна перцепција за уреденоста на училишниот простор и За можноста учениците да ги презентираат своите трудови. Мал процент од ученците воопшто не се согласуваат со ова тврдење.



Вкупните резултати покажуваат дека големо мнозинство од ученците (околу 96%) во целост или делумно ја препознаваат позитивната улога на училишниот простор како место каде што се промовираат ученичките активности, креативноста и мултикултурните вредности. Овие резултати укажуваат дека училиштето посветува внимание на естетското уредување на просторот и на промоцијата на ученичките постигнувања. Истовремено, резултатите укажуваат на потреба од континуирано унапредување на визуелната презентација на ученичките трудови и на мултикултурните содржини, со цел дополнително да се поттикне чувството на припадност, креативност и меѓусебна почит кај учениците.


3.3.2. Атмосфера за учење

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

На тврдењето: ***„Начинот на кој се учи во училиштето ни е интересен и содржините што ни се пренесуваат нè оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество.“***

Според резултатите од анкетата, 54.6% од учениците целосно се согласуваат со тврдењето дека начинот на учење во училиштето е интересен и дека содржините придонесуваат за развој на вештини потребни за реалниот живот и активно учество во општеството. 35.2% од ученците делумно се согласуваат, што укажува дека значителен дел од учениците ја препознаваат вредноста на




наставните содржини, но истовремено сметаат дека постои простор за нивно понатамошно унапредување. Од друга страна, 10.2% од ученците воопшто не се согласуваат со ова тврдење, што покажува дека кај дел од учениците наставниот процес не е доволно интересен или не го поврзуваат доволно со практични животни ситуации.

Вкупно, околу 90% од учениците во целост или делумно се согласуваат со тврдењето, што укажува дека наставниот процес во одредена мера ги поддржува учениците во стекнување знаења и вештини за реалниот живот. Сепак, резултатите укажуваат на потреба од дополнително унапредување на наставните методи, поголема примена на интерактивни и практични активности, како и поврзување на наставните содржини со реални животни ситуации, со цел да се зголеми интересот на учениците и нивната подготвеност за активно учество во современото општество.

На тврдењето: ***„Начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат учениците за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество.“***


Според резултатите од анкетата, 40,8% од родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека начинот на кој се реализира наставата е интересен и дека содржините што учениците ги изучуваат придонесуваат за развој на знаења и вештини потребни за справување со реални животни ситуации и активно учество во општеството. 49,6% од родителите делумно се согласуваат, што укажува дека значителен дел од родителите ја препознаваат вредноста на наставните содржини и начинот на нивна реализација, но истовремено сметаат дека постои простор за дополнително подобрување. 9,6% од родителите воопшто не се согласуваат со ова тврдење.



Вкупно, 90,4% од родителите во целост или делумно се согласуваат дека наставниот процес придонесува за развој на практични знаења и вештини кај учениците. Овие резултати укажуваат на генерално позитивна перцепција кај родителите за квалитетот на наставата и нејзината поврзаност со реалниот живот, но истовремено и на потреба од континуирано унапредување на наставните методи, поголема примена на интерактивни активности и практични примери, со цел дополнително да се зголеми интересот на учениците и нивната подготвеност за активно учество во современото општество.

На тврдењето: ***„За време на часот, најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.“***

Според резултатите од анкетата, 42,9% од учениците целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците ги поттикнуваат да размислуваат самостојно и критички, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за наставните содржини. 42,5% од учениците делумно се согласуваат, што покажува дека кај значителен дел од учениците постои позитивна перцепција за начинот на работа на наставниците и нивната поддршка во процесот на учење. Од друга страна, 14,6% од учениците воопшто не се согласуваат со ова тврдење.



Вкупно, 85,4% од учениците во целост или делумно се согласуваат дека наставниците ги охрабруваат да развиваат критичко размислување и активно да учествуваат во наставниот процес.


Овие резултати укажуваат дека наставата во голема мера ги поттикнува учениците на активно учење, поставување прашања и донесување

заклучоци. Сепак, резултатите покажуваат дека постои потреба од понатамошно унапредување на наставните практики и поголема примена на интерактивни методи на работа, со цел сите ученици да бидат уште повеќе вклучени и мотивирани во процесот на учење.

На тврдењето***: „Наставниците НЕ ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.“***

Според резултатите од анкетата, 30,6% од учениците целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците не ги искажуваат нивните слаби страни пред другите ученици. 42,2% од учениците делумно се согласуваат, што укажува дека кај значителен дел од учениците постои перцепција дека наставниците во одредена мера водат сметка за начинот на кој ги посочуваат слабостите на учениците. Од друга страна, 27,2% од учениците воопшто не се согласуваат со ова тврдење, што покажува дека кај дел од учениците постои чувство дека нивните слабости понекогаш се истакнуваат пред другите.

Вкупно, 72,8% од учениците во целост или делумно се согласуваат со тврдењето, што укажува дека во најголем ден наставниците се обидуваат да постапуваат внимателно и професионално при укажување на слабите страни на учениците. Сепак, релативно високиот процент на ученици кои не се согласуваат со тврдењето укажува на потреба од дополнително внимание во начинот на комуникација и давање повратна информација, со цел да се зачува достоинството на учениците, да се зајакне нивната самодоверба и да се создаде позитивна и поддржувачка атмосфера во училницата.



3.3.3. Поттикнување на учениците за преземање одговорност


Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права.

Нивното мислење сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето.

Учениците иницираат и спроведуваат активности со одговорности во училиштето (во и надвор од наставата) и во локалната средина.

На тврдењето: ***„Учениците имаат можност да го искажат своето мислење и тоа се зема предвид при решавање проблеми и донесување одлуки, при тоа почитувајќи ги мислењата на другите и човековите права.”***

Според резултатите од анкетата, вкупно 84% од учениците (63.4% целосно + 30.6% делумно) сметаат дека имаат можност да го изразат своето мислење и дека тоа се почитува при решавање проблеми и донесување одлуки. Ова укажува на релативно позитивна оценка на училишната средина во однос на вк лучувањето на учениците и почитувањето на нивните права. Само 6% од учениците воопшто не се согласуваат, што покажува дека мал број ученици чувствуваат дека нивното мислење не се зема предвид или дека не се почитуваат нивните права. Иако мнозинството ученици се позитивни, сепак постои простор за подобрување за да се обезбеди дека сите ученици имаат еднаква можност да учествуваат во процесите на донесување одлуки и решавање проблеми, и дека нивните мислења се почитуваат.



Учениците се поттикнати и охрабрени да размислуваат самостојно, да преземаат лична одговорност преку:

- Самостојно активно учење
- Реализација на часови ид страна на ученици
- Изработка на проекти
- Учество во класна заедница
- Учество во еко-активности

- Младинска организација
- Соработка со локална средина
- Учество на натпревари и саеми


3.3.4. Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето

Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите.

Учениците заеднички работат на различни проекти, во наставата и надвор од неа, во групи со балансиран хетероген состав.


Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето.

На тврдењето: ***„Учениците имаат можност да соработуваат меѓу себе и со наставниците преку групни проекти, со балансиран и хетероген состав на групите.”*** Според резултатите од анкетата, вкупно 96.3% од учениците (80,1% целосно + 16.2% делумно) сметаат дека имаат можност да соработуваат меѓу себе и со наставниците преку групни проекти со балансиран и хетероген состав на групите. Ова укажува на силна позитивна оценка на училишната средина во однос на соработката и организацијата на групната работа. Само мал број од учениците сметаат дека немаат таква можност, што значи дека мал број ученици се чувствуваат исклучени или дека не можат да учествуваат рамномерно во групни активности. Ситуацијата е генерално позитивна и покажува дека училишната средина ја поттикнува соработката, но сè уште постои простор за подобрување за да се осигура дека сите ученици имаат еднакви можности да учествуваат и да влијаат во групната работа.



На тврдењето: ***„Се чувствувам прифатен/а, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето.”***


Анализата на овие податоци покажува многу позитивна слика за социјалната клима во училишната средина: вкупно 94% од учениците (71,8% целосно + 22.2% делумно) се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето. Ова укажува на висок степен на социјална интеграција и позитивна атмосфера меѓу учениците. Само 6% од учениците не се согласуваат со тврдењето, што значи дека мал број се чувствуваат исклучени или незадоволни од училишната средина.



Училиштето генерално создава средина каде учениците се чувствуваат прифатени и среќни, што е важно за нивниот емоционален и социјален развој.

На тврдењето: ***„ Моето дете се чувствува прифатено и задоволно, а училиштето поттикнува интеркултурна комуникација и почитување на различностите".***

Анализата на овие податоци од родителите покажува многу позитивна слика за училиштната средина од нивна перспектива: 77,2% од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете се чувствува прифатено, задоволно и дека училиштето поттикнува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. 19,7% од родителите делумно се согласуваат, што покажува дека и тие генерално ја оценуваат училиштната средина позитивно, но можеби постои мал простор за подобрување во комуникацијата или интеграцијата на одредени ученици. Нема пријавено големо незадоволство, што укажува на висок степен на доверба на родителите во училиштето и во неговите интеркултурни практики.



Родителите го гледаат училиштето како место каде нивните деца се чувствуваат прифатени и каде се поттикнува почитување на различностите, што е добра основа за понатамошно унапредување на интеркултурната соработка и вклученост.

3.4. Задоволување на потребите на учениците


3.4.1. Идентификување на образовните потреби на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

За учениците што следат настава на јазик различен од мајчиниот се обезбедува посебна поддршка за изучување на јазикот на кој се одвива наставата.

На тврдењето***: „Наставниците и стручните соработници ги препознаваат моите индивидуални потреби за учење и пречките со кои се соочувам во процесот на учење .”***

Анализата на овие податоци покажува дека постојат значителни предизвици во однос на препознавањето на индивидуалните потреби на учениците: вкупно 88.4% од учениците (53.7% целосно + 34,7% делумно) сметаат дека наставниците и стручните соработници ги препознаваат нивните индивидуални потреби и пречките со кои се соочуваат во учењето. Ова покажува дека мнозинството ученици ја оценуваат оваа област како делумно или целосно позитивна. 11.6% од учениците воопшто не се согласуваат, што е релативно висок процент. Тоа укажува дека речиси една третина од учениците се чувствуваат дека нивните потреби и пречки не се доволно препознаени или поддржани од страна на наставниците и стручните соработници.




Иако мнозинството ученици ја оценуваат поддршката како позитивна, значителниот процент на несогласност покажува дека треба да се развијат стратегии за подобро индивидуално следење на потребите и поддршка на учениците, особено за оние кои се чувствуваат занемарени.

3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците во наставата

Најголем број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.


На тврдењето: ***„Наставниците и стручните соработници ги почитуваат моите индивидуални потреби во наставата, користат различни интерактивни техники и ми помагаат да постигнам најдобар можен личен развој.”***

Анализата на овие податоци покажува дека ученичката перцепција за индивидуализираниот пристап во наставата е слична на претходното тврдење: Најголем број од учениците (58.9% целосно + 33.8% делумно) сметаат дека наставниците и стручните соработници ги почитуваат нивните индивидуални потреби, користат различни интерактивни техники и им помагаат во личниот развој. Ова укажува дека мнозинството ја оценуваат оваа област како делумно или целосно позитивна. 9.3% од учениците воопшто не се согласуваат, што покажува дека речиси една четвртина од учениците сметаат дека нивните индивидуални потреби не се доволно почитувани или поддржани во наставата. Иако голем дел од учениците ја оценуваат наставата како индивидуално прилагодена и поддржувачка, постои јасен простор за подобрување на практиките на персонализирана поддршка, интерактивни техники и следење на личниот развој на секој ученик.



На тврдењето: ***„Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.”***

Анализата на ова тврдење, односно перцепцијата на наставниците, го покажува следното: вкупно 91,8% од наставниците (62.7% целосно + 34.7% делумно) сметаат дека систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците и пречките во учењето, и дека преземаат активности за нивно решавање. Ова укажува дека наставниците се свесни за важноста на индивидуализираниот пристап и го применуваат во пракса. Само мал дел од наст авниците не сесогласуваат, што е релативно низок процент и покажува дека поголемото мнозинство се ангажира за задоволување на индивидуалните потреби на учениците.



3.5. Оценувањето како дел од наставата

3.5.1. Училишна политика за оценување

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.

Училиштето има дефинирана политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување.

Училиштето на ниво на стручни активи има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени.


Сите наставници изготвуваат и користат сопствени критериуми со утврдени стандарди за оценување на учениците според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште.

Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината и не се препознатливи отстапувања во оценувањето.

Во согласност со позитивните законски и подзаконски прописи, училиштето има јасно дефинирана политика за оценување вклучувајќи и правилник за оценување чија основна цел е да даде поддршка на секој ученик во процесот на

учење. На ниво на стручни активи училиштето има, во голема мера усогласени критериуми за оценување со кои се запознаени и учениците но и родителите.

Од спроведената анкета, на тврдењето „Целосно сум запознаен со критериумите за оценување кои ги користат наставниците", 68.3% од родителите се изјасниле дека се согласуваат, со 28.8% делумно се согласуваат и мал процент од нив воопшто не се согласуваат. Оттука може да заклучиме дека сепак од страна на наставниците треба да се подобрат начините преку кои родителите се запознаваат со критериумите на оценување кои индивидуално ги применува секој предметен наставник во училиштето.



Сите наставници изготвуваат и користат сопствени критериуми со утврдени стандарди за оценување на учениците според образовните потреби, кои во најголем дел се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината и не се очекува отстапувања во оценувањето.

3.5.2. Методи, форми и инструменти на оценување

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.

Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигнувањата.


Наставникот ги оценува постигнувањата на учениците со пречки во развојот во согласност со целите во индивидуалниот оперативен план, во соработка со инклузивниот тим на училиштето.

Постигнувањата на учениците во училиштето се оценуваат со користење на различни форми, методи и техники: писмени работи, усна проверка, тестови и контролни задачи, практични задачи и вежби, изработка на проекти, самостојни изработки, континуирано следење на нивните активности за време на часовите, евидентни листови, чек-листи, самооценување, оценување во парови, работа со податоци, јавен сценски настап, дебати, претстави.

Наставниците ги евидентираат сите активности на учениците и врз база на тие податоци јавно ја формираат оценката на ученикот. Новите наставни програми за прва година бараат почесто формативно оценување и врз база на тие оцени и еден завршен тест (тест на знаење) да се оформи сумативна оцена. Поголем дел од наставниците овозможуваат учениците да се вклучат во оценувањето и практикуваат да го стимулираат ученикот да се самооцени или ја слушне проценката од групата врсници за степенот на совладаност на градивото.


Од спроведената анкета, на тврдењето: “Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.)”, целосно се согласувам одговориле 23,4%.

Најголем дел од учениците одговориле делумно се согласувам со 40,5%, а 36,1% одговориле дека воопшто не се согласуваат.



На прашањето од анкетата „Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигнувањата”, 69.3% од наставниците се согласуваат, 29.3% делумно се согласуваат и еден мал процент, а многу мал процент не се согласуваат.

Постигнувањата на учениците со пречки во развојот како индивидуален процес на секое дете, се оценувани во согласност со целите во индивидуалниот оперативен план и во соработка со инклузивниот тим на училиштето.




3.5.3. Користење на информациите од оценувањето во наставата


Наставниците целосно ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Наставници даваат повратни информации на учениците за нивната работа, разговараат со учениците за нивниот напредок и даваат општи и индивидуални совети за подобрување на успехот. Сè повеќе акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и идентификување на активностите што ги покажуваат учениците. Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и модифицираат планирањето и спроведувањето на наставата со единствена цел – зголемување на квантумот на знаење кај учениците и подобрување на нивниот успех.

Тврдењето од анкетата наменето за родителите „Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава” 70.9% целосно се согласуваат, поголем процент 27.5% делумно се согласуваат.



На прашањето од анкетата наменето за учениците: „Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава”, 40,9% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 46,1% одговориле дека делумно се согла суваат и 13% одговориле дека не се согласуваат.



3.6. Известување за напредокот на учениците

3.6.1. Известување на родителите за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно.

За таа цел се користат добро организирани родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родителите.

Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, како и пишани извештаи и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно со гледиштата на родителите во однос на постигнувањата и напредокот на нивните деца.

Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите што треба да се постигнат.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно. Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, извештаи и детали за напредокот по секој наставен предмет.

Интересот на родителите за напредокот на нивните деца, училиштето го задоволува преку:


- електронски дневник ;
- редовно одржување на родителски средби (5 во една година и по потреба и вонредни);
- средби и разговори со класен раководител и предметни наставници;
- разговори со педагошко-психолошка служба;
- учество на родителите во советот на родители на училиштето;
- учество на родителите во Училишниот одбор на училиштето;
- отворени денови;
- приемни денови.

Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите што треба да се постигнат.

Покрај успехот и поведението на учениците, на овие средби се разговара и за воспитувањето како важна алка на цел процес, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за потребата и користа од образованието, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивните карактеристики на личноста, формирање на општествено корисни индивидуи.

Водењето на Е-дневникот се одвива редовно и одговорно, со постојана контрола од стручната служба. На тој начин родителите најлесно се информирани за оценките и редовноста на своето дете, писмените работи и тестовите на знаење, поведението и слично.


На тврдењето од анкетата наменета за родители „Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува", 82.8% од родителите целосно се согласуваат, а пак 16.4% делумно и оттука може да заклучиме за навистина добар комуникациски систем и во овој индикатор.




На тврдењето „Системот вклучува редовно прибирање информации за постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно" од вкупно 243 родители, 74.2% одговориле дека целосно се согласуваат, а 23.8% - делумно се согласуваат.



На тврдењето „Родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби се добро организирани од страна на училиштето и наставниците“, од вкупно 243 родители 92.4% одговориле дека целосно се



согласуваат, а пак на тврдењето „Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, како и пишани извештаи и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето“, 83.5% целосно се согласуваат, а пак 13.7% делумно, што значи дека квалитетот на родителските средби е навистина на високо ниво кое ги исполнува сите прописи.



Резиме на подрачјето „ ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ “:

КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ

- Постојат утврдени приоди и процедури за планирање, поддршка и следење на наставата од страна на директорот, стручните соработници и лица назначени од стручните органи.
- Наставниците редовно изготвуваат индивидуални планови (годишни, тематски, оперативни) кои содржат јасни цели, исходи, наставни содржини, методи и временска рамка.
- Наставниците користат информации од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето.
- Наставниците активно учествуваат во стручни активи, размена на искуства со колеги, вебинари, обуки, семинари и меѓународна соработка.

- Распоредот на часови е навремено изработен, функционален, усогласен со наставниот план и со најдобриот интерес на учениците.
- Во наставниот процес се применуваат разновидни наставни форми, методи и техники (индивидуална, фронтална, групна настава, интерактивни методи, истражувачка и проектно ориентирана настава).
- Примената на ИКТ и современи образовни технологии го прави наставниот процес поинтересен, подинамичен и прилагоден на потребите на учениците.
- Задачите и активностите се прилагодени на индивидуалните потреби и интереси на учениците, овозможувајќи им да напредуваат според сопствените можности.
- Наставниците активно промовираат прифаќање, почитување, соработка, толеранција и доверба, обезбедувајќи еднакви можности за сите ученици.
- Следењето на наставниот процес е редовно и резултатите се користат за унапредување на наставата.
- Инклузивниот тим успешно обезбедува поддршка за изработка на ИОП и соработка со релевантни институции.
- Училиштето се доживува како безбедна, стимулирачка, инклузивна и мотивирачка средина.
- Учениците ја препознаваат уредеността на просторот и изложувањето на ученички трудови.
- Наставниот процес ги поддржува учениците во развој на вештини за реалниот живот.
- Наставниците поттикнуваат критичко размислување, поставување прашања и донесување заклучоци.
- Наставниците внимаваат да не ги истакнуваат слабите страни на учениците пред другите.
- Учениците имаат можност да го изразат своето мислење и да учествуваат во одлуки.
- Силна поддршка за самостојно учење, проекти, еко-активности, учество во класната заедница и соработка со локална средина.
- Висок степен на чувство на прифаќање и задоволство во паралелката и училиштето.

- Наставниците и стручните соработници ги препознаваат образовните потреби и преземаат активности за нивно решавање.
- Учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот наставникот ги советува редовно да посетуваат дополнителна настава.
- Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и правилник за оценување.
- Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.
- Родителските средби се добро организирани и корисни и на нив јасно се пренесуваат информациите.
- Родителите редовно го користат електронскиот дневник за да се информираат за успехот и повоедението на нивните деца.

КЛУЧНИ СЛАБИ СТРАНИ

- Потреба од појасна и подиректна поддршка од Тимот за меѓуетничка интеграција – дел од наставниците не ја препознаваат доволно неговата улога.
- Ограничена примена на практики за размена на искуства преку следење наставни часови од колеги.
- Примената на ИКТ и современи наставни ресурси може да се подобри за целосно вклучување на сите ученици.
- Недоволна застапеност на методот на самооценување на учениците.
- Потребна е поголема разновидност и индивидуализација во наставните активности за сите ученици.
- И покрај високото ниво на доверба кај родителите, учениците покажуваат помалку позитивна перцепција во однос на училиштната средина.
- Недостаток од нови правилници за оценување во согласност со новите програми.

- Дополнителна настава по сите предмети.

ИДНИ АКТИВНОСТИ

- Зајакнување на видливоста и ефективноста на Тимот за меѓуетничка интеграција во наставните планирања.
- Подобрување и поголема промоција на размената на искуства преку следење наставни часови од колеги.
- Понатамошно јакнење на примената на современи и интерактивни наставни методи и техники.
- Поголема и систематска употреба на ИКТ и современи наставни ресурси за прилагодување на наставата според различните потреби на учениците.
- Зголемување на застапеноста и примена на методот на самооценување кај учениците.
- Подобро следење и анализа на резултатите од наставата за понатамошно унапредување на процесот.
- Повеќе интерактивни методи: дебати, симулации, проекти со примена во реалниот живот.
- Планирање активности за интеграција на учениците кои се чувствуваат исклучени.
- Подобро запознавање на учениците со барањата на новите наставни програми и усогласување по сите предмети.

4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Методолошка рамка за подрачјето „ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ“:

Преглед на документација преку архивски метод

- Увид во инфраструктурните капацитети и просторните капацитети на училиштето;
- Протоколи за постапување и елиминирање на ризици;
- План за заштита и спасување во случај на пожар и елементарни непогоди;
- Програма за спречување и реагирање во случај на насилство;
- Политика на ненасилство;

- Протокол за спречување и постапување во случај на насилство;
- Интерен правилник за начин на пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;
- Куќен ред и кодекси на однесување;
- Статут на училиштето;
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Програма за работа на директорот;
- Програма за работа на педагошко-психолошка служба во училиштето;
- Протокол за рана детекција и спречување на употреба психоактивни супстанци;
- Податоци за организирани трибини во училиштето и надвор од него;
- Записници (евидентни листови);
- Записници од индивидуални разговори со ученици и родители во педагошко-психилошка служба;
- Анкети;
- Програма за работа на стручните служби;
- Извештаи за реализирани активности на ППС;
- Протокол за рана детекција и спречување на употреба психоактивни супстанци;
- Годишна програма за ученици со посебни образовни потреби;
- Годишна програма на инклузивен тим, досиеја на ученици со ПОП, датотека за ученици со посебни образовни потреби;
- Интерен правилник за изработка и реализација на ИОП;
- Годишна програма за работа на дефектолог;
- Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето; евиденција и известувања од училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми; досие на ученикот; годишна програма за работа на училиштето;
- Записници од советодавни разговори со класовите во кои учат ученици со ПОП;

- Извештај од разговор со ученик со ПОП, извештај од разговор со родител на ученик со ПОП;
- Сертификати од посетени семинари, обуки;
- Правилник за организација и спроведување на систематски прегледи;
- Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците;
- План за реализација на активностите на техничкиот персонал;
- ЕКО кодекс;
- Протокол за постапување со ученици со емоционални потешкотии;
- Процедура за постапување со ученици со хронични заболувања;
- Записници од органите на училиштето;
- Извештаи за реализирани предавања;
- Извештаи од работилници;
- Информации изготвени од стручната служба и пласирани преку расположивите медиуми во училиштето;
- Програма за професионална ориентација на учениците;
- Увид во дневникот за работа; педагошка евиденција и спроведени анализи од статистики по квартали, како дел од педагошката документаци.

<u>Метод на интервју и метод на анкетирање</u>

-набљудување

-интервјуа

-анкети

<u>Вклучени во процесот на собирање податоци:</u>

-директор

-педагог

-психолог

-дефектолог

-наставници

-родители

-ученици

-тим за подрачје

4.1. Севкупна грижа за учениците

4.1.1. Заштита од физички повреди и елементарни непогоди

Училишниот простор е безбеден за извршување на наставата и наставниот процес, како и воннаставните активности. Училиштето има и располага со пропишани мерки и активности за безбедност на учениците и возрасните во текот на наставата во училишната зграда, дворот на училиштето и спортската сала. Се планираат превентивни и реактивни активности за безбедност и заштита од повреди и елементарни непогоди и реализираат според планираното. Во однос на безбедноста на учениците во училиштето, од страна на вработените целосно се води грижа за нивната сигурност за време на нивниот престој во училиштето.

Инфраструктурно просторот во училишната зграда (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места итн.) најчесто е безбеден и сите потенцијално опасни места се обезбедуваат. Во училишниот простор има ПП апарати, внатрешни хидранти и громобрански инсталации и истите редовно се сервисирани. Во однос на околината на училиштето постои соработка со лица од полицијата кои повремено вршат надзор над просторот и навремено реагираат доколку училиштето ги контактира. Училиштето ги следи пропишаните мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда. Учениците користат заштитна опрема при изведување на практични вежби за одредени предмети. Во училиштето има сертифициран, обучен кадар за давање на прва помош на учениците при несреќни случаи. Училиштето има изготвено интерен акт во вид на *Правилник за заштита од пожари и физичко обезбедување на имотот*, заведен и документиран по дел.бр. 01-101 на 26.2.2002 год. кај правната служба во училиштето. Постои *План за заштита и спасување* и *План за евакуација* во училиштето и редовно се изведуваат вежби за симулација на евакуација со учениците и вработените. Планот за Заштита и спасување на училиштето се ажурира според препораки и насоки на Дирекцијата за заштита и спасување и агенции за безбедност при работата. Спроведени се обуки за заштита и спасување од Дирекција за заштита и спасување и обука за целиот наставен кадар од страна на одговорно лице од Противпожарниот сојуз. При оваа обука наставниот кадар и останатите вработени се обучени за навремена реакција во

ваквите ситуации. Училиштето има изработено соодветна шема со евакуациски патеки за движење во однос на просторот во случај на елементарна непогода. Недостигаат противпожарни скали за напуштање на првиот кат од зградата во случај на пожар или земјотрес.


Училишниот објект, училишната опрема, учениците и вработените се осигурани.

Индикатори: На поставените прашања во прашалниците доставени до учениците, наставниците и родителите согледани се следните ставови –


На тврдењето „**Во училиштето се организираат доволно активности за вежбање на постапување во ситуации на незгоди и елементарни непогоди**“, од вкупно 245 анкетирани родители, 60.6% целосно се согласуваат, 32.9% делумно се согласуваат.



На тврдењето „Во училиштето се организираат доволно активности за вежбање на постапување во ситуации на незгоди и елементарни непогоди“, од вкупно 315 анкетирани ученици, 29,5% целосно се согласуваат, 40,2% делумно се согласуваат, додека 30,3% воопшто не се согласуваат.



На тврдењето „Просторот во училиштето е безбеден за изведување настава и воннаставни активности“, од вкупно 315 анкетирани ученици, 77.8% целосно се согласуваат, 16.7% делумно се согласуваат, додека 6,3% воопшто не се согласуваат.



Од одговорите на анкетираните родители и ученици може да се забележи преовладување на ставот дека во училиштето се реализираат активности наменети за вежбање и постапување во ситуации на елементарни непогоди и несреќи, иако еден помал процент на ставови од учениците и родителите не се согласуваат што укажува на изразување на потреба за почесто реализирање на активности како горенаведените. Во однос на безбедност на просторот за изведување настава и воннаставни активност изјаснувањето на родителите и учениците укажува дека во голем процент постои чувство на безбедност во училиштето и на активностите, еден помал процент изразил несогласување што укажува на опстојување на активностите и мерките со кои се обезбедува сигурноста кај учениците.


4.1.2. Превенција од насилство

Училиштето има изготвено повеќе документи кои ги адресираат и регулираат ситуациите и појавата на насилство. Документи со кои располага се: Интерен правилник за начин на пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, *Политика на ненасилство* која се применува во секојдневниот живот на сите присутни во училиштето, *Програма за спречување и реагирање во случај на насилство*, *Протокол за спречување и постапување во случај на насилство и Анти-булинг програма, како и Статутот на училиштето*. Документите се достапни за сите – наставници, ученици, родители и сите посетители или надворешни соработници на училиштето. Во постоечките документи јасно се дефинирани и опишани формите на насилство, злоупотреба и занемарување како и мерките и активности - превентивни и реактивни активности и педагошки мерки, според кои постапува училиштето за да се спречат разните појави на насилство и да се обезбеди сигурен престој. Училиштето води евиденција за појавните форми на насилство и притоа изготвува извештаи од разговор со учениците кои пријавиле неадекватно однесување. Во училиштето се определени лица за контакт за пријавување на насилство и координатори на активностите за заштита на ученик/ка. При евидентирање на поплака за доживеано насилно однесување кај лицето за контакт се изработува план за поддршка на ученик-жртва и план за поддршка на ученик-сторител на насилно однесување. Активностите за заштита и безбедност на учениците,

училиштето ги координира со институциите во локалната заедница. Децата кои трпат насилство, децата кои применуваат форма на насилство, сведоците и нивните родители се запознаени со правата и процедурите за постапување во ситуации на манифестирано насилство и се реализира советување. Во училиштето е воспоставена процедура за пријавување на поплаки во случај на изложеност на некоја форма на насилсто - електронска адреса каде учениците можат да пријават и контакт лице каде може да се обратат. Стручната служба, директорот, класниот раководител или предметен наставник при утврдување на потреба ги известат надлежните институции доколку забележат какви било манифестации на насилство и злоупотреба кај учениците. Редовно се реализираат проекти од областа на ненасилството и безбедната средина за учење, во кои се вклучени наставниците и учениците. Стручната служба и наставниците активно работат на превенција на случаи на насилство. Со учениците во прва година се реализираат превентивни работилници за ненасилство од страна на училишниот психолог, додека во втора година се реализираат работилници за безбедност и заштита од сексуално вознемирување. Училиштето располага со тим за безбедност кој редовно соработува со одделението за Образование при Град Скопје и одделението за Превенција при СВР - Скопје и се реализираат заеднички активности.


Индикатори: На поставените прашања во прашалниците доставени до учениците, наставниците и родителите согледани се следните ставови –

На тврдењето „**Во училиштето се чувствувам безбедно во однос на ситуации на насилство“,** од вкупно 72 анкетирани наставници, 85,1% целосно се согласуваат, 12,8% делумно се согласуваат. Овие резултати укажуваат дека најголемиот дел од наставниот кадар има високо ниво на перцепција за безбедност во училиштето, што претставува значаен показател за позитивна училишна клима и ефективно функционирање на механизмите за превенција и справу вање со насилство. Истовремено, присуството на одреден процент на наставници кои не се целосно



согласни укажува на потреба од континуирано следење и унапредување на мерките за безбедност.

На тврдењето **„Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно**“, од вкупно 243 анкетирани родители, 73.9% целосно се согласуваат, 22.9% делумно се согласуваат.



Постои висок процент на позитивни одговори на вработените, учениците и родителите во однос на чувство на сигурност и безбедност во училиштето и познавање на процедурите за доставување поплаки што ја потврдува ефективноста на работата на училиштето во наведената област, иако и понатмау ќе работи на ибезбедување на истата.

4.1.3. Заштита од пушење, алкохол и дрога

Училиштето има и спроведува политика за забрана на пушење, внесување и консумирање на алкохол и дистрибуција на наркотични и супстанци и располага со *Протокол за рана детекција и спречување на употреба на психоактивни супстанции во училиштето*.

Во училиштето, канцелариите, тоалетите, училишниот двор и останатите простории пушењето е забрането согласно со Законот за заштита од пушење и поставени се плакати на видни места со соодветната информација за забрането пушење.


За училиштето како воспитно-образовна институција, е предизвик справувањето со овие појави кај учениците, особено по завршувањето на наставниот процес.

Во училиштето е строго забрането и казниво да се консумира алкохол и забранета е дистрибуција и консумирање на психоактивни супстанци.


Училиштето како институција е во постојана соработка со локалната самоуправа, како и со МВР, Црвениот крст и други невладини организации при што се организираат разни работилници, предавања и едукативни семинари на учениците, на кои им се презентирани опасностите од пушењето, алкохолот и дрогата како превенција.

Индикатори: На поставените прашања во прашалниците доставени до учениците, наставниците и родителите согледани се следните ставови –

На тврдењето **„Училиштето има и спроведува политика за забрана на пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции, што подразбира дека во училишниот објект и училишниот двор не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се ко нсумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции**“, од вкупно 315 анкетирани ученици, 62.5 %целосно се согласуваат, 25% делумно се согласуваат, додека 12.5% воопшто не се согласуваат.



На тврдењето **„Училиштето наоѓа начин да спречи користење алкохол, цигари и наркотични супстанции во дворот и во просториите на училиштето**“, од вкупно 315 анкетирани ученици, 64,6% целосно се согласуваат, 32,0% делумно се согласуваат, додека 3,4% воопшто не се согласуваат.



Здравите животни навики кај младите и учениците се од големо значение и училиштето е потребно континуирано да вложува во реализација на активности кои го поддржуваат развивањето на здравите навики. Поголемиот процент ученици во дадените одговори во анкетите потврдуваат дека во училиштето се работи на стимулирање на учениците кон здрав начин на живеење, но континуирано е

актуелна потребата редовно да се реализираат активности од областа на здрави животни стилови и воздрување од употреба на цигари и алкохол.

4.1.4. Квалитет на достапна храна

Училиштето нема организиран оброк. Учениците ги користат објектите во околината за време на одморите. Што се однесува до продавниците за храна во непосредната околина – училиштето нема надлежност да го контролира квалитетот на храна што им се продава на учениците.

4.1.5. Поддршка на ученици со пречки во развојот/физичка попреченост

Училиштето има инклузивен тим за секој ученик со посебни образовни потреби и инклузивен тим на ниво на училиште. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот и за учениците со физичка инвалидност, содржани во постојните документи - процедури за грижа на учениците со телесен инвалидитет, Документи со кои располага и со кои е операционализирана поддршкта на учениците со посебни потреби се *Програма за ученици со посебни образовни потреби* и *Програма на инклузивен тим*. Педагошко-психолошката служба води датотека со евиденција за ученици кои се образуваат според ИОП, педагошки досиеја, записници од разговори и работа со ученици и родители. Со работата на инклузивните тимови овозможена е континуирана и соодветна помош и поддршка, согласно со образовните потреби на учениците со ПОП и приспособување на поддршката според сознанијата од следење на напредокот. Дополнително, училиштето располага со соодветни инфраструктурни услови кои придонесуваат за поголема пристапност и инклузивност на просторот за учениците со посебни образовни потреби. Во објектот е овозможен непречен пристап за ученици со телесна попреченост. Во насока на поддршка на сензорните и емоционалните потреби на учениците, училиштето располага и со сензорна соба, која претставува специјализиран простор за релаксација, стимулација и регулација на сензорните доживувања. Овој простор се користи како дополнителна поддршка во работата со ученици кај кои се јавуваат потешкотии во вниманието, емоционалната регулација или сензорната обработка.

Ваквите услови укажуваат дека училиштето континуирано вложува напори во создавање на физички и функционално прилагодена средина, со цел обезбедување еднаков пристап до образованието и активно учество на сите ученици, согласно нивните индивидуални потреби. Во училиштето се образуваат ученици со посебни образовни потреби, при што училиштето се стреми кон препознавање и задоволување на нивните индивидуални потреби, овозможувајќи им прилагодување во училишната средина.

Училиштето соработува со надлежни и стручни институции, стручни лица, невладини организации и со родителите во обезбедување адекватна поддршка на учениците со ПОП. Училиштето обезбедува механизми за поттикнување на социјалната инклузија на учениците со ПОП и развивање на вештините кај соучениците во давање помош и грижа кон учениците со ПОП.

Учениците со ПОП (за кои има потпишана согласност од родител и наод и мислење од релевантна институција) се образуваат според ИОП и за таа цел се изработуваат годишни и тематски индивидуални образовни планови по одделни предмети. Училиштето располага со интерен *Правилник за изработка и реализација на ИОП* (за помош за наставниците околу поставување на целите и исходите, оценувањето итн.) Наставниците ги следат овие планови и работат според насоките на стручната служба при што ваквата соработка се покажува како многу успешна.

Во досегашниот период се релизирани повеќе обуки за поддршка на наставниците за работа со ученици со ПОП. Континуирано се извршува надополнување на *датотеката* за ученици со посебни образовни потреби. Во учебната 2024/2025 специјалниот едукатор и рехабилитатор одржа работилници за учениците во прва година и наставниците наменети за сензибилизирање за адекватно прифаќање на лицата со посебни потреби и нивните состојби.

Надополнувањето се извршува кога ученик ќе се пријави во стручната служба притоа приложувајќи медицински наод или мислење за својата состојба. По пријавувањето се реализира состанок со родителот и ученикот каде се утврдуваат индивидуланите потреби на ученикот кон кои е потребно прилагодување. Во училиштето се негува однос на соработка и почит помеѓу родителите на учениците со ПОП и училиштето. Родителите се рамноправен член во инклузивниот тим и ги

одобруваат ИОП за учениците изработени од наставниците околу соодветноста на поставените цели во ИОП бидејќи, сепак, тие поминуваат најголем дел од времето со своите деца и најдобро ги познаваат. Во текот на учебната година редовно се одржуваат состаноци на инклузивните тимови. Состаноците се наменети за дискусија и следење на напредувањето на ученикот од страна на присутните. На почетокот на годината се подготвува ИОП за секој предмет посебно. Индивидуалните образовни планови ги содржат прилагодувањата за секој предмет, во однос на цели, приод, начин на работа, како и наведени алтернативни начини на оценување, вреднување на знаењето и прилагодувања при креирање на тестови и прашања за учениците за кои тоа е потребно.


Во училиштето постојат одредени механизми за вклучување на соучениците во давање помош и водење грижа кон учениците со ПОП и со таа цел извршени се советодавни и информативни разговори со класовите во кои учат ученици со ПОП. Крајниот ефект бил поголемо вклучување на ученикот со ПОП во активностите со паралелката, поголема припадност кон колективот, повисок степен на инклузивна клима и непостоење на какви било форми на дискриминација.

Пристапот во училиштето е до одредена мера прилагоден за учениците со телесен инвалидитет: има широки ходници, има адаптиран тоалет, сепак просторот во училниците не секогаш овозможува непречено движење, има сензорна соба, но потребно е да се вложува и во обезбедување на асистивна технологија.


Училиштето соработува со невладини организации кои се залагаат за унапредување на животот на лицата со попреченост, како што е Здружение за дислексија – Ајнштајн и Здружение за унапредување на квалитетот на животот на лицата со аутистичен спектар на нарушувања *Отворете ги прозорците*. Во последната година стручната служба активно соработува со ресурсниот центар ДСУРЦ „Свети Наум Охридски“.

Индикатори: На поставените прашања во прашалниците доставени до учениците, наставниците и родителите согледани се следните ставови –

На тврдењето **„Сите наставници и стручни соработници се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби“,** од вкупно 75 анкетирани наставници, 68,5% целосно се согласуваат, 28,3% делумно се согласуваат, додека 3,2% воопшто не се согласуваат. Резултатите укажуваат дека мнозинството наставници ја препознаваат подготвеноста и обученоста на кадарот за работа со ученици со посебни образовни потреби, но истовремено одреден дел смета дека постои потреба од дополнителни обуки и континуирано професионално усовршување со цел обезбедување поквалитетна инклузивна практика.



На тврдењето **„Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок“,** од вкупно 243 анкетирани родители, 82.7% целосно се согласуваат, 16.5% делумно се согласуваат.



4.1.6. Грижа за учениците од социјално загрозени семејства

Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците со одредени облици на социјалната загрозеност, но низ соработка со класните раководители и соучениците од паралелката се прават напори да се собираат средства, со цел учениците од социјално загрозени семејства да имаат можност да се вклучат во некои слободни или воннаставни активности.

Доколку се утврди дека ученикот потекнува од социјално загрозено семејство, во тој случај ученикот е изземен од плаќање при различни воннаставни активности, матурски прослави, сликање за табло, екскурзии.


Во соработка со *Црвениот крст*, клубот *Хумани срца*, како и *ПХВ – проектот* во рамките на училиштето се организираат хуманитарни збиднувања, изложби, акции за собирање облека и храна за помош и поддршка на многу деца во училиштето и надвор од училиштето.


Во училиштето традиционално секоја година се реализира крводарителна акција, во организација на клубот *Хумани срца*, при која беа вклучени ученици од трета и четврта година кои ги исполнуваа условите за учество во ваква акција.

Во училиштето нема социјален работник.

Индикатори: На поставените прашања во прашалниците доставени до учениците, наставниците и родителите согледани се следните ставови –

На тврдењето „ Училиштето спроведува практика за поддршка на ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства“, од вкупно 243 анкетирани родители, 74.3% целосно се согласуваат, 25.3% делумно се согласуваат.





4.2. Здравје


4.2.1. Хигиена и заштита од болести

Хигиената во училиштето не е секогаш на највисоко ниво. Тоалетите се чистат два пати во денот. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чисти пред почетокот на секоја смена, додека останатиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат најмалку по два пати во секое полугодие. Училиштето работи во две смени, со вкупен персонал од четиринаесет лица, задолжени за одржување на хигиената. Според големината на училишната зграда и просторните капацитети бројот е доволен за да го задоволи капацитетот на двете смени.

Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Се врши редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Дворот на училиштето е хортикултурно уреден и редовно се чисти од секаков вид отпадоци и сите земјани површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Во периодот од 2024 до 2026 година се одржани најмалку три акции на чистење и средување на училишниот двор од страна на наставниот кадар како модел за правилен и еколошки пристап. Еколошките содржини преку точките на акција се интегрирани во *Годишната програма* и наставните програми на училиштето. Изработен е и еко - кодекс кој е адекватно достапен и впечатлив за сите во училиштето.


Училиштето има Пргограма за превенција од заразни болести и ред документи и протоколи за начин на постапување во училиштето при вонредни состојби или состојби на пандемија прогласени на ниво на државата. Во училиштето се одржуваат предавања за учениците по иницијатива на училиштето и во соработка со институции на кој начин да се заштитат од одредени заболувања. Предвидени се задолжителни систематски прегледи на учениците од прва и четврта година и истите редовно се реализираат. Вработените редовно вршат санитарни и систематски прегледи.


На тврдењето „**Хигиената во училиштето е на високо ниво“**, од вкупно 75 анкетирани наставници, 64% целосно се согласуваат, 34.7% делумно се согласуваат, додека многу мал процент воопшто не се согласуваат. Податоците покажуваат дека иако најголемиот дел од наставниците ја оценуваат хигиената позитивно, значителен процент од нив сметаат дека постои простор за подобрување, што укажува на потреба од континуирано следење и унапредување на условите за одржување на хигиената во училиштето.




На тврдењето **„Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот**“, од вкупно 75 анкетирани наставници, 49.3% целосно се согласуваат, 49.3% делумно се согласуваат, додека мал број воопшто не се согласуваат.

Резултатите укажуваат дека мнозинството наставници ја оценуваат состојбата како задоволителна, но високата застапеност на одговори „делумно се согласувам“ и „воопшто не се согласувам“ покажува дека е потребно дополнително унапредување на редовноста и квалитетот на одржувањето на хигиената во санитарните простории.





На тврдењето **„Хигиената во училиштето е на високо ниво“,** од вкупно 315 анкетирани ученици, 42,7% целосно се согласуваат, 43,4% делумно се согласуваат, додека 13,9% воопшто не се согласуваат.



На тврдењето **„Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот“,** од вкупно 315 анкетирани ученици, 36,9% целосно се согласуваат, 44,1% делумно се согласуваат, додека 19,0% воопшто не се согласуваат.

4.2.2. Грижа за ученици со здравствени проблеми

Училиштето има пропишана *Процедура за грижа за ученици со хронични заболувања и посериозни повреди* заради кои подолго време отсуствуваат од редовната настава. Стручната служба и тимот за поддршка на ученикот прават проценка за потребите на ученик или ученичка кои се соочуваат со посериозни потешкотии или повреди и заболувања и ја прилагодуваат поддршката на можностите и потребите на учениците. Истото се реализира во соработка со родителите и релевантни институции кога за тоа има потреба.

4.2.3. Грижа за ученици со емоционални потешкотии

Во училиштето се применуваат јасно утврдени процедури за навремено препознавање и обезбедување поддршка на учениците кои се соочуваат со емоционални потешкотии. Овие процедури опфаќаат ситуации како развод на родители, болест во семејството, изложеност на конфликти, семејно насилство или други трауматски искуства што можат да влијаат врз психо-емоционалната состојба на ученикот и неговото функционирање во наставниот процес.

Во таа насока, од страна на психолошко-педагошката служба е изготвена посебна Процедура за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални потешкотии. Стручната служба континуирано соработува со класните раководители, предметните наставници и родителите преку информативни и советодавни разговори секогаш кога ќе се забележи промена во однесувањето, учењето или емоционалната стабилност на ученикот. Од евиденциите и записниците што се водат во службата се согледува редовна и систематска комуникација со класните раководители и навремено преземање мерки кога е потребна стручна поддршка.

Во психолошко-педагошката служба се упатуваат ученици кои покажуваат потешкотии во однесувањето, адаптацијата, учењето или имаат лични и семејни проблеми кои влијаат врз нивниот развој. Стручните соработници се обучени да обезбедат советодавна поддршка и на учениците и на родителите, а кога ситуацијата го наложува тоа, учениците се упатуваат кон релевантни институции,

како здравствени установи, центар за социјална работа, полиција или граѓански здруженија, со цел да се обезбеди сеопфатна и координирана грижа.

Во последните години во училиштето постапно се градеше пристап на работа воден од Информирана грижа за траума со оглед на предизвиците со кои се соочуваше државата и училиштето. Како поддршка на адекватна примена на пристапот на Информирана грижа за траума, реализирани беа обуки за наставниците на тема „Грижа за ментално здравје на деца и млади во образовниот систем“ и „Ризик фактори и заштитни фкатори во училиште “. Стручната служба изработи протоколи кои овозможуваат адекватен одговор при вонредни, кризни или трауматски настани. Соодветно на тоа во училштето се обезбедуваше редовна поддршка на учениците доколку пројават било какви потешкотии како реакција на некој вонреден настан. Во периодот од 2024 до 2026 реализирани се голем број работилници за учениците за грижа за менталното здравје и различни теми поврзани со истото.

Соработката со родителите е редовна и се реализира преку индивидуални советувања, особено во случаи кога постојат тешкотии поврзани со училишниот успех, изостаноците, намаленото поведение, стравови или посериозни психички состојби. Дополнително, службата организира советодавни средби за родители – како за оние чии деца имаат слаб успех, така и за родители на ученици со изразени тешкотии во однесувањето или со зголемен број изостаноци.



На тврдењето „**Во училиштето се води грижа за ученици со емоционални потешкотии“**, од вкупно 243 анкетирани родители, 70.7% целосно се согласуваат,
24.9% делумно се согласуваат.

Врз основа на добиените резултати, може да се заклучи дека училиштето во голема мера обезбедува соодветни услови во однос на хигиената, заштитата од болести и грижата за учениците, особено во делот на поддршката за ученици со здравствени проблеми, каде што се забележува висок степен на позитивни оценки. Истовремено, резултатите покажуваат дека постои простор за дополнително

унапредување, особено во одржувањето на хигиената и во зајакнување на поддршката за учениците со емоционални тешкотии. Ова укажува дека, иако состојбата е генерално задоволителна, со континуирани и насочени активности може да се постигне уште повисоко ниво на квалитет и грижа за учениците.

4.3. Советодавна помош за понатамошно образование

4.3.1. Давање помош при избор на занимање/институција за понатамошно образование, доусовршување или вработување

Училиштето навремено обезбедува прецизни и разбирливи информации за учениците во врска со можностите за продолжување на образованието, професионално усовршување и вработување. Во таа насока се реализираат организирани активности и се користат информативни и промотивни материјали од образовни институции, со цел учениците да добијат јасна и реална претстава за достапните образовни и кариерни избори. Училиштето редовно ги информира учениците и родителите за видовите поддршка што им стојат на располагање, преку писмени известувања, усни презентации и директна комуникација.

Процесот на подготовка за избор на понатамошен образовен и професионален пат вклучува структурирани планирани активности како што се: проценка на сопствените способности, интереси и афинитети, поддршка при изработка на кратка професионална биографија (CV), подготовка за разговор за работа, како и советување и насочување во процесот на донесување информирани кариерни одлуки.

Професионалното информирање и советување се реализира постапно во текот на целото образование, започнувајќи од изборот на изборни предмети, при што класните раководители и предметните наставници ги насочуваат учениците за значењето на одделните предмети во понатамошното образование.

Стручната служба располага со Програма за професионално советување и насочување, во чии рамки редовно се спроведува тестирање за професионална ориентација. Со учениците од четврта година се реализира тестирање за професионални интереси и избор на идна професија, групно советување за планирање на кариерната патека, како и индивидуално советување по потреба, со дополнителна батерија на тестови. Во текот на учебната година се реализира и

RIASEC тестирање, проследено со индивидуални разговори и насочување, со цел резултатите правилно да се интерпретираат и поврзат со образовните и професионалните избори.

Во текот на месеците април и мај се организираат предавања и презентации од различни високообразовни институции, како и учество на учениците во едукативни настани, работилници и кариерни средби со претставници од академската и бизнис заедницата. Учениците се поттикнуваат на активно учество во натпревари, обуки и настани поврзани со развој на претприемачки, животни и професионални вештини, што претставува практична примена на кариерното насочување.

За учениците од четврта година се води индивидуално професионално досие, во кое се евидентираат резултатите од тестирањата, реализираните разговори и учеството во кариерни активности, што овозможува континуирано следење на нивниот развој и обезбедување индивидуална поддршка.

Како доказ за активна и практична реализација на програмските активности, учениците учествуваа на повеќе кариерни и едукативни настани, меѓу кои: настанот „Што ќе работам?“ во InnoX Innovation Center (02.10.2025), настанот „Науката како патоказ во време на промени“ (06.11.2025), настанот „Од амфитеатар до професија“ (19.11.2025), обуката „Вештини за успех“ (10– 12.12.2025), како и „Средба со гости – професионални кариерни приказни“ реализирана во училиштето (19.12.2025).

Училиштето остварува постојана соработка со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и други релевантни институции, со цел обезбедување дополнителни информации и поддршка во процесот на професионално насочување.

Согласно насоките на Министерството за образование и наука, од учебната 2025/2026 година во средните училишта е воведено работно место – кариерен советник. Во училиштето е назначен кариерен советник кој има проследено соодветни обуки и работи согласно Програма за работа на кариерен советник, која претставува дополнување и унапредување на постојната Програма за професионално советување и насочување. Активностите во тековната учебна

година се особено насочени кон учениците од четврта година, како генерација пред која стои избор на понатамошно образование и професионален ангажман.

Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација на учениците со посебни образовни потреби преку користење соодветни инструменти и реализација на индивидуални разговори, со цел обезбедување еднаков пристап и поддршка за сите ученици.

Индикатори: На поставените прашања во прашалниците доставени до учениците, наставниците и родителите согледани се следните ставови –

На тврдењето **„Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење“,** од вкупно 75 наставници, 75,5% целосно се согласуваат, 20,4% делумно се согласуваат, додека 4,1% воопшто не се согласуваат.



Резултатите од анализата покажуваат дека вкупно **95,9% од наставниците** целосно или делумно се согласуваат со тврдењето дека училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и придонесуваат за развој на нивните граѓански и општествени компетенции за доживотно учење. Овој висок процент укажува на позитивна перцепција кај наставниците во однос на квалитетот и значењето на воннаставните активности во воспитно-образовниот процес. Истовремено, **4,1% од наставниците** изразиле несогласување со тврдењето, што укажува на потреба од континуирано следење и понатамошно унапредување на планирањето и реализацијата на воннаставните активности, со цел тие уште поцелосно да ги одразуваат интересите и потребите на учениците.


На тврдењето **„Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта за кариерно советување што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија“**, од вкупно 243 анкетиран родител, 75.1% целосно се согласуваат,
22.1% делумно се согласуваат.



Резултатите покажуваат дека најголем дел од родителите имаат позитивна перцепција за информирањето, но постои простор за поинтензивна и појасна комуникација со сите родители.

Резултатите од анализата покажуваат дека целосно или делумно се согласуваат со тврдењето дека училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта за кариерно советување што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија. Овој процент укажува дека поголемиот дел од родителите имаат позитивна перцепција за начинот на информирање и за достапноста на информациите поврзани со кариерното советување. Истовремено, **многу мал дел од родителите** изразиле несогласување со тврдењето, што укажува дека постои простор за дополнително унапредување на комуникацијата и информирањето, со цел сите родители и ученици навремено и јасно да бидат запознаени со можностите за кариерно советување што ги обезбедува училиштето.


На тврдењето **„Училиштето со кариерниот советник навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување“,** од вкупно 315 анкетирани ученици, 50.7% целосно се согласуваат,
35.9% делумно се согласуваат, додека 13.4% воопшто не се согласуваат.



Резултатите од анализата покажуваат дека најголем број од учениците целосно или делумно се согласуваат со тврдењето дека училиштето, во соработка со кариерниот советник, навремено им обезбедува на учениците јасни и точни

информации за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување. Овој процент укажува дека поголемиот дел од учениците ја препознаваат поддршката што училиштето ја обезбедува во процесот на кариерно информирање и насочување. Истовремено, **13.4% од учениците** изразиле несогласување со тврдењето, што укажува дека постои потреба од дополнително унапредување на информирањето и видливоста на активностите поврзани со кариерното советување, со цел сите ученици навремено и целосно да бидат запознаени со можностите за нивниот понатамошен образовен и професионален развој.

На тврдењето **„Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, усовршување или вработување по завршувањето на образованието опфаќа широк спектар добро структурирани активности (самооценување на вештините и интересите, помош при изработка на кратка биографија, подготовка за интервју за работа)“,** од вкупно 315 анкетирани ученици, 48.8% целосно се согласуваат, 41% делумно се согласуваат, додека 10.1% воопшто не се согласуваат.



Резултатите од анализата покажуваат дека вкупно **89.8% од учениците** целосно или делумно се согласуваат со тврдењето дека подготовката што ја организира училиштето за избор на понатамошно образование, усовршување или вработување опфаќа разновидни и добро структурирани активности, како што се самооценување на вештините и интересите, помош при изработка на кратка биографија и подготовка за интервју за работа. Овој процент укажува дека поголемиот дел од учениците ја препознаваат поддршката што училиштето ја обезбедува во процесот на кариерна подготовка. Истовремено, **10.1% од учениците** изразиле несогласување со тврдењето, што укажува дека постои простор за понатамошно унапредување и проширување на активностите за

кариерна подготовка, со цел тие да бидат уште подостапни и повидливи за сите ученици.

4.4. Следење на напредокот на учениците


4.4.1. Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците

Сите наставници, предмети и класни раковидители, водат целосна и уредна евиденција во однос на постигнувањата, редовноста и поведението за секој ученик. Најчесто се користат посебни евидентни листови за забележување на писмените и усните одговори како и други наставни активности и секако, во користење за општа евиденција на оценките и изостаноците и електронскиот дневник. Со ваквиот тип на евиденција, секој наставник е во состојба да ги потенцира јаките, но и слабите страни на ученикот и притоа го следи континуирано неговиот успех и промените во неговото учество во наставата.

Како резултат на комуникација со наставниците, може да се следи дека водењето грижа и поттикнувањето на напредокот кај учениците, особено во поглед на успехот, воспитувањето и редовноста, резултира со подобри резултати на крајот на учебната година.

По извршената анкета во училиштето, генерално е утврдено дека постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/ предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците.

На тврдењето „**Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците“**, од вкупно 75 анкетирани наставници, 72% целосно се согласуваат, 26,7% делумно се согласуваат, додека мал процент воопшто не се согласуваат. Резултатите укажуваат дека најголемиот дел од наставниците ја оценуваат соработката како позитивна и функционална, но значајниот процент на одговори „делумно се согласувам“ укажува




дека постои простор за дополнително јакнење на комуникацијата, координацијата и заедничкото планирање во насока на подобрување на ученичките постигнувања. Податоците за постигнување во поглед на успехот, покрај евиденцијата во електронскиот дневник, класните раководители водат и одделна педагошка евиденција преку т.н. евидентни листови за секој ученик/ученичка одделно по тромесечјата и со посебен акцент на полугодието во текот на учебната година. Вака уредната евиденција е достапна за секој родител кој сака да изврши проверка за ученикот. Секојдневно, стручната служба има разговори со наставниците за тековните прашања кои се дел од работниот ден, но и за проблеми кои се случуваат помеѓу наставникот и ученикот/ученичката. Притоа, стручната служба главно цели кон заедничко решавање на отворените проблеми и прашања.

4.4.2. Анализа на напредокот на учениците по паралелки

Класните раководители подготвуваат редовни извештаи и според тримесечјата и за време на полугодието за напредокот и постигнувањата на учениците. Извештаите ѝ се достапни на педагошката служба, на родителите и останатите наставници кои би можеле да извршат проверка. Податоците служат за споредба на успехот и поведението од минатите години. Овие резултати од анализите се користат за да се направат промени и подобрување во пристапите со учениците во правец на подобрување на воспитно образовниот процес во текот на учебната година.

На тврдењето „Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, како и пишани извештаи и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето“, од вкупно 243 анкетирани родители, 66,8% целосно се согласуваат, 27,3% делумно се согласуваат.



Резиме на подрачјето „ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ“:

Клучни јаки страни:

- Просторот во училиштето е безбеден за изведување настава и воннаставни активности.
- Учениците и вработените се чувствуваат безбедно во училиштето во однос на ситуации на насилство.
- Постои добра запознаеност меѓу вработените и учениците со правата и процедурите за поднесување поплаки и начини на реакции на училиштето во ситуации на насилство.
- Училиштето вложува напори во спроведување на политиката за забрана за пушење, внесување и консумирање алкохол и консумирање наркотични супстанци.
- Во училиштето се води квалитетна грижа за ученциите со пречки во развојот или физичка попреченост и обезбедува поддршка на ученици со посебни образовни потреби.
- Во училиштето се води грижа за учениците со емоционални потешкотии.
- Училиштето планира и реализира доволно разновидни воннаставни активности во рамки на професионалната ориентација, кариерното насочувањеър и развој на граѓански и општествени компетенции за доживотно учење.
- Во училиштето се реализираат и планираат голем број воннаставни активности кои соодветствуваат на потребите и интересите на учениците.

- Во училиштето се обезбедуваат јасни и точни информации за понатамошно образование, усовршување и вработување.

Слаби страни:

- Неможност за намалување на бројот на ученици во паралелките со ученик со посебни образовни потреби.
- Недостасува бифе каде учениците можат да си купат храна.

Идни активности:

- Да се реализираат едукативни активности од страна на сите вработени во работата со учениците со цел развивање на адекватни хигиенски навики.
- Да се спроведуваат повеќе акции за чистење и уредување на просторот во училишната зграда и дворот на училиштето.
- Да се работи континуирано на подигањето на ЕКО свесноста и личната одговорност во обезбедување на здрава и чиста средина.
- Да се организираат и одржуваат предавања, работилници и кампањи за развивање на здрави животни навики меѓу учениците.
- Да се обезбеди поголема визуелна достапност на пропишаните процедури за безбедност и заштита во училиштето.
- Континуирано да се вложува во изнаоѓање механизми за поефикасно спроведување на Политиката за забрана за пушење.
- Да се обезбеди континуирана работа и вложување во одржување на позитивина и поддржувачка клима на односи помеѓу учениците и вработените.

5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Методолошка рамка за подрачјето „УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО“:

Преглед на документација преку архивски метод

-Увид во Кодекс на однесување

- Правилник за оценување и полагање испити, видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците;
- Статут на училиштето;
- Упатство и начин на изрекување педагошки мерки;
- Куќен ред на училиштето;
- Пофалби, награди и признанија;
- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;
- Годишна програма;
- Развоен план на училиштето;
- Годишен извештај;
- Извештај за работата на училиштето за:
- Изложени трудови на учениците;
- Паноа со пофалби и награди;
- Медиумско промовирање на постигнувањата на учениците и на училиштето;

Дневник за работа;

- Записници од наставнички и класни совети;
- Училишни соопштенија;
- Записници од наставнички совети;
- Дневник за работа;
- Записник кај педагог/психолог;
- Записник од совет на родители;
- Дневници за практична работа;
- Дневник за работа;
- Записник од совет на родители;

Метод на интервју и метод на анкетирање;

- Прашалник за наставници;

- Прашалник за ученици;
- Интервју со директорот;
- Интервјуа со наставниците и со стручните соработници, како и интервјуа со родителите и со учениците;

5.1. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

5.1.1. Углед/имиџ на училиштето


Училиштето е препознатливо по добриот квалитет на работа и постигањата на учениците во повеќе различни области. Од страна на вработените се посветуваат напори за остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мулти-културализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед. Учениците се активно вклучени во донесување дадени одлуки преку училишната заедница, во која учествуваат претседателите и нивните заменици од сите класови и години, која се одржува редовно под раководство на одговорен професор и стручната служба. Родителите на учениците активно се вклучени во образованието на своите деца, преку свои претставници во *Одборот на родители и Советот на родители* на ред и *Училишниот одбор*. Односот меѓу наставниците и учениците, меѓу самите наставници, како и меѓу учениците, се базира на меѓусебно почитување и толеранција, без разлика на полот и етничкото потекло. Училишниот одбор, како орган за управување во училиштето, се грижи за благосостојбата и успехот на учениците и дејствува како главен чувар на детските права во училиштето.

5.1.2. Кодекс на однесување

Училиштето има изготвен *Кодекс на однесување.* Во кодексот се поставени и опишани принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето – раководниот кадар, наставниците, стручната служба, учениците, родителите и техничкиот персонал. Кодексот на однесување транспарентно е достапен до сите субјекти во училиштето со презентирање пред Наставничкиот совет, на родителските состаноци, класните часови, состаноците на училишната заедница. Соодветно на постојниот кодекс на однесување изготвени се и процедури за реагирање во случај на прекршување на усвоените принципи и правила на однесување кои се пропишани со кодексот и истите се спроведуваат во практика. Преку соработка со повеќе структури во училиштето, изработен е документ со назив *Комуникациски протокол* кој има намена прецизно да ја утврди и олесни тековната комуникација меѓу сите субјекти во училиштето, на сите нивоа и со јасен опис на видовите комуникација и соодветно на постојните потреби на субјектите во училиштето. Креиран е интерен правилник на училиштето со наслов Правилник за пријавување и постапување во ситуации на насилство. Правилникот произлегува од Законот за средно образование со последните измени кои беа инкорпорирани во ЗСО и ги уредува начините на реакција во училиштето и училиштата во РС Македонија во ситуации на насилство.

5.1.3. Училишна клима


Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Во спроведената анкета, на тврдењето „**Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените“,** 57.3% од наставниците



одговориле дека целосно се согласуваат, 40% дека делумно се согласуваат и мал процент% дека воопшто не се согласуваат.

Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на училиштето.

Според спроведената анкета, наставниците на тврдењето **„Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на училиштето''**




74.3% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 23% дека делумно се согласуваат и мал процент дека воопшто не се согласуваат.

Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и социјалниот статус) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Се посветува доволно внимание на заемната соработка и грижата на учениците едни за други. Односот меѓу наставниците и учениците, меѓу самите наставници, како и меѓу учениците, се базира на меѓусебно почитување и толеранција, без разлика на полот, етничкото потекло и различната вероисповед. Постои добра комуникација меѓу вработените и раководството на училиштето.

5.1.4. Поведение и дисциплина во училиштето.

Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар.

Според спроведената анкета, на тврдењето ,,Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар'', 53.3% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 45.3% дека делумно се согласуваат и мал процент дека воопшто не се согласуваат.



Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Тековните проблеми во однос на редовноста и дисциплината понекогаш резултираат со изрекување педагошки мерки согласно со **правилникот за изрекување педагошки мерки.** Се собираат информации за изостаноците, поведението и дисциплината на учениците, се води анализа за причините за поголемиот број оправдани и неоправдани изостаноци. Училиштето е отворено за соработка и при решавање на проблемите со отстапувањата на учениците, ги вклучува родителите или другите лица одговорни за учениците. Редовно се одржуваат родителски средби со отворен ден за родителите на кој присуствуваат сите предметни професори. Секојдневно се остваруваат и индивидуални средби со родителите на учениците заради нивно навремено и детално информирање за сите проблеми, за секој професор има приемен ден за родители/старатели, што е истакнато на видливо место во училиштето.

Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки.

5.1.5. Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и целосно демократска процедура, која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Младинското, односно ученичкото организирање во нашето училиште има долга традиција. Со донесување на новиот закон за средно образование се воведоа терминолошки, но и суштински квалитативни измени во оваа област. Терминот ученичка заедница се преформулира во ученички совет и се овозможи присуство на претставниците на учениците на Класните и Наставничките совети, како и во Училишниот одбор. Деталните права се оставија на статутарна регулација, во кога е предвидена можност за нивно присуство кога прашањата што се разгледуваат се од нивни интерес, што е сосем коректен пристап од педагошки аспект. Нова законска форма и обврска е и ученичкиот правобранител и неговата легитимност што извира од сите ученици и обврската да соработува со државната комисија за спречување на дискриминација и Народниот правобранител. Ученичкиот совет и ученичкиот правобранител во нашето училиште се тела и органи кои се избрани и функционираат на демократски начин во интерес на остварување на правата, но и потенцирање на обврските што ги имаат учениците. Основната цел на ученичкиот совет е партиципативноста на учениците во образовната, воспитната, културната, спортската, еколошката, здравствената политика на училиштето. Добри страни се многуте ангажмани на погоре наведените полиња, слаба страна би била тоа што треба да се иницира поголема свесност за поголема присутност на учениците во активностите. Ова ќе се постигне со едукација и мотивација, со што учениците ќе чувствуваат потреба активно да се вклучат со активностите и покренуваат иницијативи училиштето да напредува на секое поле.

Ученичкиот совет има донесено правилник со кој се регулира изборот и подрачјата на активност на учениците, редовно одржува состаноци и дава отчет за својата работа. Ученичкиот совет непосредно соработува со еден претставник од наставниците и од педагошко психолошката служба. Специфична демократска вредност е и фактот што директорот на училиштето често присуствува на

состаноците и непосредно се информира за барањата, потребите и интересите на преставниците на учениците. Преносот на информации помеѓу претставниците на паралелките со останатите ученици е на солидно ниво.

Во минатите две години УС учествуваше во проектот на Народниот правобранител за спречување на врсничко насилство, заедно со претставници на други училишта во младинската канцеларија се одржа симулација за носење одлуки за младинска партиципација.

Во текот на изминатите две години се реализираа следните активности во кои беа вклучени членови на УЗ:

- Учество во трибина со тема ,,Состојби и грижа за менталното здравје кај деца и млади“ наменета за одбележување на светскиот Ден за грижа за ментално здравје;
- Работно-информативна средба со претставници од Одделението за превенција при СВР на која се дискутираше за состојбите во градот поврзани со безбедноста на младите, состојбите во училиштата и начини на соработка со службите за безбедност;
- Посета на Собранието на Република Северна Македонија;
- Посета на Европска куќа со одговорен наставник Александар Давидовски на која средба со претставници од Европска куќа учениците имаа можност да дискутираат за бројни актуални прашања поврзани со младите;
- Посета на домот за стари лица при која учениците претставници на УЗ имаа можност да комуницираат со жителите на домот и ги разонодат со своето присуство;
- Учесто во анти-булинг кампањата на Народен правобранител;
- Учество во хуманитарна трка наменета за поддршка на лица со ретки болести;
- Учество во реализација на ,,Отворен ден “ на училиштето за промоција на училиштето и прием на ученици во гимназијата во прва година;
- Учество во фокус група за дискусија и разгледување на актуелни предизвици и потешкотии попврзани со менталното здравје и состојби во однос на потреби за вклучување на сеопфатно сексуално образование во македнсокиот образовен систем;


- Организација и реализација на ,,Денот на вљубените“ со собирање и поделба на убави пораки од учениците до учениците и вработените;
- Учество во Денот на жената со поделба на цвеќиња и честитки до жените вработени во училиштето – предметни наставнички, стручни соработници, административни и технички служби;
- Хуманитарна активност при одбележување на Новата Година во соработка со Првата детска амбасада Меѓаши при која беа доделени пакетчиња и подароци до деца од маргинилизираните групи;
- Организација и реализација на предновогодишен базар наменет за сите ученици и возрасни од училиштето;
- Вклучување во работилници наменети за грижа за ментално здравје, тренинг за врснички едукатори;
- Вклучување во работилници наменети за кариерно советување и насочување и менторство;
- Учество во Националната конфренција ,, Преку инклузивно образование до еднаквост – Патот кон младинско општество“;
- Учество на учениците од УЗ во активност наменета за грижа за менталното здравје на учениците преку организација на герила караван за менталното здравје за надминување на стигмата за менталното здравје и стравот да се сподели предизвик и побара помош. Проектот се реализираше по иницијатива на Здружението на граѓани ,,Младите можат“. Во училиштето беа поставени кутии во кои учениците од училиштето имаа можност да достават пишани попраки во кои говорат за некој свој проблем кој е за нив предизвик и за кој би побарале помош и поддршка. Учениците од УЗ беа вклучени во работилница на која се дискутираше за менталното здравје, најчестите предизвици кај адолесцентите и се разгледуваа пораките од учениците со наведените предизвици и предлагаа решенија во соработка со училишниот психолог.

- Дополнителни проекти од 2024/25 кои продолжуваат во 2025/26

1. Поддршка за градење на капацитетите на Центарот за образование на возрасни и развој на програми за образование на возрасни и програми за описменување и завршувањето на основното образование на исклучените лица. Обуки за возрасни: ѕидар, фасадер, гипсар-монтер, градежен работник за одржување на згради, градежен работник за одржување на стари куќи - основан од Европската унија.
2. Knauf Junior Trophy
3. Твининг Проект - Центар за стручно образование
4. Проект „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ (2012 и сè уште трае)
5. Проект за мир (2011 година и сè уште трае)
6. Ние сме најдобри (2012 година и сè уште трае).
7. Еднакви, а различни (Во мојот свет) - 2012 и сè уште трае..
8. Моето училиште, мојата струка.
9. Општествена одговорност во училиштата
10. Младите и медиумот - Високата школа за новинарство.
11. Филм-„Надеж“
12. Превенција од зависности - ХЕРА
13. Хуманоста во глобални рамки
14. Промовирање мир и оспособување на младите со вештини во мултимедија и интернет
15. Зајакнување на постоечките училишни заедници во средните училишта во Република Македонија–Фондација Конрад Аденауер
16. Еразмус+ проекти партнерства
17. Превенција на преносливи и заразни болести и превенција на зависности – Центар за јавно здравје

Според спроведената анкета, на тврдењето **„Учениците навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи“**, 49.6% од

учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 40.4% одговориле дека делумно се согласуваат и 9.9% дека воопшто не се случуваат.




2. ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА

5.2.1. Промовирање на личните постигнувања на учениците

Училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците.

Според спроведената анкета, на тврдењето **„Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците''**, 45.2% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 43.7% дека делумно се согласуваат и 11% дека воопшто не се согласуваат.




Учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите; имаат аспирации за повисоки постигнувања на ниво на училиштето. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигнувања на сите ученици во рамките на училиштето и во поширокаата локална средина. Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности со преземање граѓански иницијативи и акции.

5.2.2. Промовирање на постигнувањата во име на училиштето

Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и на меѓународно ниво. Во екипните натпревари тимовите се со балансиран мешан етнички состав. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето.

Од спроведената анкета, на тврдењето ,,Училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето'', 69.3% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 26.7% дека делумно се согласуваат и мал процент дека воопшто не се согласуваат.



Училиштето има воспо ставени системи за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности.

5.3. ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ

5.3.1: Познавање и поттикнување на правата на децата

Во училиштето вработените се запознаени со правата на децата и настојуваат тие доследно да се применуваат во воспитно-образовниот процес. Наставните програми се усогласени со целите од Конвенцијата за правата на детето. Учениците се охрабруваат да ги познаваат и практикуваат своите права, како и да развиваат почит кон правата на другите. Во случаи на нарушување на правата, училиштето обезбедува заштита.

Особено значајна е соработката со Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“, преку која учениците имаа можност да се вклучат во хуманитарни и едукативни активности, насочени кон развој на емпатија, солидарност и одговорност кон ранливи групи на деца. Во рамки на оваа соработка беа реализирани:

- Едукативни предавања и презентации на теми како булинг, сајбер булиинг, ненасилство и толеранција, со цел подигнување на свеста кај учениците за важноста на почитувањето на различностите и мирното решавање конфликти.

- Работилници и интерактивни активности, преку кои учениците учеа за меѓусебна почит, емпатија и ненасилна комуникација.
- Форум театар активности, реализирани во Театар за деца и младинци, каде преку сценска игра учениците обработуваа теми како врсничко насилство и дискриминација.
- Хуманитарни активности, вклучувајќи посети на ранливи групи на деца и делење пакетчиња, со цел поттикнување на солидарност и грижа за другите.
- Учествување на конференции и јавни настани, каде учениците разменуваа искуства и идеи за мирољубиво и етичко однесување.

Преку овие активности, во соработка со Првата детска амбасада „Меѓаши“, учениците развија активен однос кон решавање на проблеми, хуманост, толеранција и граѓанска одговорност, што придонесе за создавање позитивна и безбедна училишна атмосфера. Голем дел од активностите на УЗ се исто така насочени кон запознавањето и поттикнување на децата.

5.3.2: Еднаков и правичен третман на сите ученици

Сите вработени се однесуваат правично и со почит кон учениците, независно од нивниот пол, етничка припадност, социјално потекло, религија или способности. Во наставата и воннаставните активности се промовираат вредности како толеранција, соработка и солидарност. Училиштето има развиено механизми за обезбедување еднаквост и правичност, што се рефлектира во позитивната училишна клима и довербата меѓу сите структури. Активностите на Мировниот клуб, форум-театарот и хуманитарните акции придонесуваат за развивање емпатија и општествена одговорност.

5.3.3: Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

Сите ученици во училиштето се третираат еднакво, без разлика на пол, етничка припадност, социјално потекло, религија или индивидуални способности. Во наставата и во воннаставните активности наставниците промовираат вредности како што се толеранција, почитување, соработка и солидарност. Во училиштето се

негува позитивна училишна клима која придонесува за развивање доверба и добри меѓучовечки односи меѓу учениците и наставниците. Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција, како и културата на другите етнички заедници.

Особено внимание се посветува на меѓуетничката интеграција. Преку наставни и воннаставни активности се поттикнува меѓусебно запознавање, почитување и соработка меѓу учениците од различни етнички заедници.

Во периодот од 2024 до 2026 година беа реализирани повеќе активности со цел унапредување на меѓуетничката интеграција, толеранцијата и соработката меѓу младите од различни етнички заедници.

Во рамки на соработката беа реализирани:

- Едукативни работилници на тема меѓуетничка толеранција, почитување на културните различности и градење култура на дијалог.
- Предавања и дискусии со учениците за важноста на соживотот, меѓусебната почит и разбирање.
- Меѓусебни посети на училиштата и институциите, со цел учениците да се запознаат со културата, традицијата и јазиците на различните заедници.
- Учество на патронатни свечености и заеднички активности, преку кои се поттикнуваше дружење и комуникација меѓу учениците.

Овие активности придонесоа за развивање на толеранција, соработка и пријателство меѓу младите**,** како и за јакнење на меѓуетничката интеграција во образованието.

5. 4. ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СО РОДИТЕЛИТЕ И СО ЛОКАЛНАТА И ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА


5.4.1. Соработка на училиштето со родителите

Нераздвоен сегмент на воспитно-образовната работа е и соработката на стручниот тим и на целиот наставен персонал со родителите. Постојаните контакти со родителите и со учениците овозможија надминување на одредени проблеми. Воспоставена е квалитетна комуникација на релација наставникученик-родител,

иако на овој план може да се работи уште многу. Разговорите на родителите со педагогот и со психологот придонесуваат за полесно трасирање на развојниот пат на ученикот, но и за навремено интервенирање во случај на негативно однесување.

Училиштето презема добро испланирани активности и организира обуки за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа.

Според спроведената анкета, на тврдењето **„Училиштето презема добро испланирани активности и организира обуки за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитнообразовната работа на училиштето на сите нивоа''**, 65.5% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 27.7% дека делумно се согласуваат.




Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање.

Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се: целите, организацијата, идните активности и нивото на постигнувања на учениците се јасни, разбирливи и им се достапни на сите родители во пишана форма.

Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишен одбор. Во Училишниот одбор има тројца претставници од одборот на родители. Училишниот одбор ги вклучува предлозите и идеите на родителите во креирањето и водењето на политики во кои се афирмира инклузивноста, меѓуетничката интеграција и младинското учество.

Во училиштето функционира и советодавната работа наменета за родителите. Во зависност од бројот на изостаноците или големиот број слаби оценки, родителите задолжително и редовно посетуваат советување спроведувано од страна на психологот во училиштето.

Според спроведената анкета, на тврдењето ,,Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето'', 93.6% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, 6% дека делумно се согласуваат.



5.2. Соработка со општината и со урбаната заедница

Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата.

Во насока на реализација на воспитно-образовниот процес, училиштето соработуваше со Одделението за образование на Град Скопје, Министерството за образование и наука – Секторот за основно и средно образование, Бирото за развој на образованието и Државниот испитен центар, барајќи стручна помош во решавањето на лоцираните проблеми (запишување на учениците во прва година, вработувањата во училиштето, државната матура, семинарите, и сл.).

По извршениот увид на записниците од наставничките совети, од разговор со педагошко-психолошката служба, како и со раководните органи на училиштето, може да се заклучи дека соработката со Град Скопје е на високо ниво. Училиштето учествува во сите проекти кои произлегуваат од Град Скопје. Градот исто така остварува и донации за училиштето.

Соработката на училиштето со локалната средина не е нова компонента во дејноста на средното образование. Посебно значење ѝ се придава на оваа соработка, со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина.

Училиштето соработува и со другите училишта, основни и средни, преку учество во одредени активности, натпревари и манифестации.

Унапредувањето на здравјето на учениците е постојана грижа на училиштето. Училиштето соработува со поликлиниката Букурешт и Здравствен дом - Карпош, каде што беа извршени систематски прегледи за учениците.

Реализирана е активност на тема ,,Заштита на репродктивно здравје кај младите“ во соработка со Центарот за јавно здравје.

Во соработка со Одделение за превенција при СВР, реализирани се активности наменети за безбедност на училиштето и учениците и соработка со тим за бебедност.

Покрај наведеното, училиштето остварува соработка и со: Македонски институт за медиуми (МИМ), Факултет за драмски уметности, Институт за човекови права, Институт за комуникациски студии, Градска библиотека ,,Браќа Миладиновци'', Висока школа за новинарство и односи со јавност, Кинотека на РСМ, Театар ,,Комедија'', Театар за деца и младинци, Агенција за млади и спорт, Национална агенција, Дом на култура ,,Кочо Рацин'' , Археолошки музеј, Институт за македонски јазик ,,Крсте Петков Мисирков'', Македонски народен театар, Драмски театар, Филолошки факултет, Гете – институт - Скопје, Француски институт - Скопје, Хемиски институт, Технолошко- металуршки факултет, Природно-математички факултет, Народна техника на РСМ, Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија, Факултет за електротехника и информациски технологии, Природно – научен музеј, Филозофски факултет, Американ колеџ, Институт за национална историја , Македонска академија на науките и уметностите, Музеј на македонската борба, Музеј на Холокаустот, Архив на РСМ, Народна и универзитетска библиотека, Криминолошки музеј, Народен правобранител, Јавно обвинителство, Дирекција за заштита на лични податоци, Министерство за внатрешни работи, Канцеларија на Европската Унија / Europe House, Сојуз на средношколски спорт на Град Скопје, Холандска амбасада, Амбасада на Република Италија, Универзална сала, Агенција за филм на РСМ, Музеј на современа уметност, Факултет за визуелни уметности, Македонска филхармонија, Младински културен центар, Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ, Детски ликовен центар, Агенција за млади и спорт.

5.3. Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор

Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практична обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни. Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата, како и соработка со училишта на меѓународно ниво.

Во рамки на соработката со деловната заедница и со граѓанскиот сектор, училиштето остварува соработка со: Црвен крст на Република Северна Македонија, Здружение на професори по италијански јазик и Институт ,,Данте Алигиери'', ЕЛТАМ МК – асоцијација на наставници по англиски јазик, Институт за човекови права, Друштво на писателите на РСМ, Прва детск а амбасада ,,Меѓаши'' , Македонски институт за медиуми, , Комора на психолози на РСМ, Федерација на училишен спорт на РСМ, Светска училишна федерација, Фондација ,,Фридрих , ,,Остен'', Здружение на музички педагози, Здружение на ликовни педагози, Фондација ,,Небрегово'', .ЛЕАД – невладина организација за младинско здружување, ,,Гоу Грин'' -здружение на граѓани за одржлив развој и заштита на животната средина, Џуниор Ачивмент Македонија .

Компании со кои е склучена соработка за потребите на дуалните паралелки се:

- Сити Билд ДООЕЛ Скопје;
- ГД Гранит АД Скопје;
- Занаетчија Занаетчиски дуќан ЧЕЛИКН енад Кирил Бошевски Скопје;
- ДГТ ЖИКОЛ ДООЕЛ Струмица;
- Велетекстил ДООЕЛ Скопје;
- Лоџик Инженеринг ДООЕЛ;
- Градежен Институт на Македонија;
- Агенција за катастар;
- СППТУ Макаус ДООЕЛ Скопје;
- ПМГ КОНСТРУКТИОН ДООЕЛ.

РЕЗИМЕ НА ПОДРАЧЈЕТО „УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО“

5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето има изграден позитивен имиџ и препознатливост преку квалитетна работа и постигања на учениците во повеќе области. Воспоставена е инклузивна, безбедна и поддржувачка средина во која се негуваат вредности како еднаквост, мултикултурализам и активна ученичка партиципација. Кодексот на однесување и придружните процедури се доследно применуваат, а комуникацијата е дополнително уредена преку утврдени протоколи. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи и добра соработка, што се потврдува и со анкетите, каде над најголем дел од наставниците од наставниците се согласуваат дека постои професионална соработка меѓу вработените.

Учениците се чувствуваат прифатени и активно вклучени во донесувањето одлуки, а мнозинството наставници ја истакнуваат улогата на наставниот кадар во одржувањето позитивна атмосфера. Сепак, резултатите укажуваат дека постои простор за понатамошно унапредување на професионалната соработка и за поголема вклученост на учениците во сите активности и процеси на одлучување.

5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето континуирано посветува значително внимание на промовирањето на личните и колективните постигања на учениците преку создавање стимулирачка средина со високи очекувања, мотивација и поддршка од наставниот кадар. Тоа се потврдува и преку анкетите, каде најголем дел од учениците од учениците се согласуваат дека наставниците поставуваат јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината.

Училиштето има воспоставена политика на поттикнување учество и успех на натпревари на сите нивоа, при што се постигнуваат значајни резултати во различни области. Воспоставен е функционален систем за наградување и признавање на успехот, што го потврдуваат и наставниците (речиси 90% позитивни одговори). Постигнатите успеси, како и бројните активности и настани, придонесуваат за зајакнување на угледот на училиштето.

Сепак, и покрај високото ниво на постигања, постои потреба од поинтензивен и постратешки пристап во промоцијата на резултатите во поширокатa јавност и заедница.

5.3. Еднаквост и правичност

Во училиштето се почитуваат и активно се промовираат правата на децата, при што воспитно-образовниот процес е усогласен со принципите на Конвенцијата за правата на детето. Учениците се охрабруваат да ги познаваат и практикуваат своите права, како и да развиваат почит, емпатија и одговорност кон другите. Особено значајна е соработката со Првата детска амбасада „Меѓаши“, преку која се реализираат бројни едукативни, интерактивни и хуманитарни активности насочени кон ненасилство, толеранција и граѓанска свест.

Во училиштето се обезбедува еднаков и правичен третман на сите ученици, без разлика на нивната етничка, социјална или друга припадност, при што се негува позитивна и инклузивна училишна клима.

Особено внимание се посветува на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција, преку реализирање заеднички активности со други училишта и институции, што придонесува за развој на толеранција, разбирање и почитување на различностите. Сепак, потребно е континуирано унапредување на инклузивните практики и понатамошно јакнење на свеста кај учениците за еднаквост и активно прифаќање на различностите.

5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето остварува континуирана и организирана соработка со родителите преку различни форми на комуникација, како што се родителски средби, индивидуални разговори и советодавна работа со стручната служба. Воспоставена е квалитетна комуникација на релација наставник–ученик–родител, што придонесува за навремено решавање на проблемите и следење на развојот на учениците. Тоа се потврдува и со анкетите, каде околу 90% од родителите се согласуваат дека училиштето презема активности за нивно вклучување, а над 98% се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето има развиена и активна соработка со општината, институциите и локалната заедница преку реализација на бројни проекти, активности и настани, како и преку соработка со релевантни образовни, здравствени и културни институции. Паралелно, се остварува широка партнерска соработка со деловната заедница и граѓанскиот сектор, што овозможува вклучување на учениците во различни иницијативи, проекти и практични активности.

Сепак, и покрај воспоставената соработка, постои потреба од понатамошно јакнење на партнерскиот однос со родителите и нивна поактивна вклученост, како и од продлабочување и систематизирање на соработката со деловната заедница.

КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ:

- Воспоставена позитивна и поддржувачка училишна клима со односи засновани на почитување и толеранција.
- Високо ниво на ангажираност кај наставниот кадар.
- Активно учество на учениците во училишниот живот преку ученичкиот совет и бројни активности.
- Успешно и континуирано промовирање на постигањата и резултатите на учениците и училиштето, вклучително и преку социјалните мрежи и јавни настапи.
- Воспоставен систем за наградување и мотивирање на учениците и наставниците.
- Негување на мултикултурализам и еднаквост во училиштето.
- Развиена соработка со локалната заедница, институциите и граѓанскиот сектор.
- Висока реализација на воннаставни активности.
- Нула толеранција на насилство од било кој вид.
-

КЛУЧНИ СЛАБИ СТРАНИ:

- Недоволна вклученост на сите ученици во процесите на донесување одлуки.
- Потреба од унапредување на професионалната комуникација и соработка меѓу наставниците.

- Потреба од понатамошно системско поттикнување на ученичката иницијативност и активност.
- Недостиг на метод за проверка на оправданите изостаноци (медицинските белешки) од страна на самото училиште.

ИДНИ АКТИВНОСТИ (ПРИОРИТЕТИ)

- Поттикнување на поголема ученичка партиципација во донесувањето одлуки и иницијативи.
- Унапредување на професионалната комуникација и тимската работа меѓу наставниот кадар.
- Поддршка и развивање на ученички иницијативи со цел зголемување на нивната активност и одговорност.
- Креирање на стратегија за ефективна евиденција на отсуствата на учениците со цел намалување на големиот број изостаноци.

6. РЕСУРСИ

Методолошка рамка за подрачјето „РЕСУРСИ“:

Преглед на документација преку архивски метод

-Образец за просторните капацитети од Министерството за образование од септември 2006;

- План за развој на училиштето;
- Пописни листи;
- Регистар на книги;
- Годишна програма за работа на библиотекар;
- Увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала;
- Увид во библиотечната евиденција;
- Документација за планирани и набавени потрошни материјали;
- Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето;
- Записници од стручни активи;
- Досиеја на вработените;
- Правилник за систематизација;
- Програма за работа на стручна служба;
- Годишна програма на училиштето;
- Програма за професионален развој на наставниот кадар;
- Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година;
- Увид во финансов план, развоен план;
- Склучени договори, тендери за јавни набавки;
- Понуди;
- Записници од ревизија и УЈП-увид во финансиските извештаи на училиштето, изготвени од сметководителот и секретарот на училиштето;

- Метод на интервју и метод на анкетирање

- Разговор со наставници, стручна служба и директор;
- Разговор со библиотекар;
- Разговор со перагог и психолог;

- Разговор со родители и ученици;
- Разговор со сметководител и секретар на училиштето;

Анкета спроведена на ученици, родители и наставници;

6.1. Сместување и просторни капацитети

6.1.2. Просторни услови

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот. Постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на работа на наставниот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците.

Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Во училиштето има училишни работилници за практична обука на учениците. За секоја струка има по една училишна работилница во која учениците се здобиваат со знаења и вештини.

Училишната зграда и просторот (ходници, фискултурна сала, училишен двор) се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот (пристапни рампи, лифтови, приспособени тоалети и др.).

Објектот на СГГУГС„Здравко Цветковски“ е уреден на начин што целосно ги исполнува условите за реализирање на наставата согласно важечките нормативи. Училиштето располага со главна зграда со вкупна површина од 11.261 м², која опфаќа подрум, приземје и два ката, како и фискултурни сали и игралишта со површина од 2.263 м². Површината на училишниот двое изнесува 14.000 м²

Секој кабинет/училница е опремен со современи наставни средства, вклучувајќи смарт табли и ЛЦД проектори, а два од кабинетите се целосно опремени со компјутерска опрема.

Училниците се светли и пространи, со големи ПВЦ прозорци кои обезбедуваат квалитетна звучна и топлотна изолација. Дополнително, во секоја училница има поставено нови прочистувачи на воздух, што придонесува за подобри услови за работа. На објектот е извршен целосна изолација на објектот, со што значително се подобри енергетската ефикасност на училиштето.

Целиот училишен двор е ограден со цврста железна ограда, што значително придонесува за безбедноста и непреченото одвивање на наставниот процес, а воедно овозможува и користење на просторот во вечерните часови.

бр.	НАСТАВНИ ПРОСТОРИИ Вид (намена) на просторијата	Број на простории	Површина во м2
1.	Училници за компјутерска настава	5	300
2.	Учили за редовна настава	37	2220
3.	Фискултурна сала	2	1 648
4.	Библиотека	1	60
5.	Кабинет Арт	1	70
6.	Кабинет по природни науки	1	70
7.	Медијална училница	1	60
8.	Кариерен центар	1	60
9.	КНАУФ-Училница	1	70
10.	Училница за плочкари	1	50
	ВКУПНО	51	4 558

- *Простории за педагошка и општествена дејност*

бр.	Вид (намена) на просторија	Број на простории	Површина во м2
1.	Просторија на директорот	1	34,35
2.	Просторија на пом. директор и раководител на настава	1	17,23
3.	Просторија на пом.директор	1	16,41
4.	Просторија на специјален едукатор и социолог	1	16,49

5.	Наставничка просторија	1	87,92
6.	Просторија на педагог и психолог	1	16,48
7.	Просторија на тех. секретар	1	14,22
8.	Сала за состаноци	1	118
	ВКУПНО	9	321,1

- *Други простории*

Бр.	Вид (намена) на просторија	Број на простории	Површина во м2
1.	Просторија за секретар	1	16,88
2.	Просторија за книговодител и благајна	1	16,67
3.	Просторија за архива	1	34,35
4.	Просторија за архивски материјали	1	60
5.	Кабинети на наставници	12	264
6.	Магацин	3	77
7.	Скали	4	50
8.	Ходници	9	2 576
9.	Санитарни јазли	27	160
10	Скривница	1	103
11	Работилници	2	185
	ВКУПНО	64	3 524,9

6.1.2. Искористеност на просторните капацитети

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

Училиштето располага со уреден двор со тревни површини и засадени дрвја долж патеката кај фискултурната сала. Во дворот се поставени и дрвени клупи кои учениците ги користат за одмор. Во задниот дел е изведена патека и обезбеден е простор за паркирање велосипеди, со цел да се поттикнат учениците и вработените да доаѓаат на училиште со велосипед.

Целиот училишен објект е покриен со безжичен интернет (Wi-Fi), достапен и за наставниот кадар и за учениците.

Училиштето располага со јасно утврден план и распоред и целосно ги искористува своите просторни капацитети за реализација на наставата и воннаставните активности, со што успешно одговара на потребите на учениците.

Во однос на просторните ресурси, дел од подрумските простории е адаптиран во современа мултимедијална сала, погодна за одржување состаноци, конференции и наставни активности. Сепак, потребата од паркинг-простор за наставниот кадар сè уште не е целосно решена, иако постои иницијатива за надминување на овој проблем.

Дворот е уреден со зеленило и цвеќе. Покрај одговорните лица за хигиена, во одржување на дворот учествуваат и учениците со повеќе организирани настани. Училиштето располага со нови клупи, нови наставни помагала, географски и историски карти и солиден библиотечен фонд. Училиштето има солидни санитарни јазли.

бр.	Вид (намена) на просторијата	Број на простории	Површина во м2
1.	Училници за компјутерска настава	5	300
2.	Училни за редовна настава	37	2220
3.	Фискултурна сала	2	1 648
4.	Библиотека	1	60

5.	Кабинет Арт	1	70
6.	Кабинет по природни науки	1	70
7.	Медијална училница	1	60
8.	Кариерен центар	1	60
9.	КНАУФ-Училница	1	70
10.	Училница за плочкари	1	50
	ВКУПНО	51	4 558

6.2. Наставни средства и материјали

6.2.1. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала

Училиштето располага со соодветна и современа стручна литература и наставни средства и помагала согласно со нормативите по сите наставни предмети.

Училиштето континуирано ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи современа стручна литература, учебници, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ-опрема, и ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат нив во наставата и учењето.

Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ.

Во училиштето, наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат интернет. Училиштето располага со соодветна и современа стручна литература, нагледни средства, материјали, асистивна технологија и специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби. За спецификите и потребите за учениците со посебни образовни потреби училиштето изготвува приспособени нагледни средства.

Училиштето постојано вложува во модернизација на наставата и интеграција на технологија. Секој кабинет е опремен со бела табла, смарт табла и ЛЦД проектор. Наставата се одвива со современи нагледни средства, предавањата се поддржани со презентации, а за природните науки се организира кабинетска настава со практични експерименти.


Училиштето располага со соодветна и современа стручна литература и наставни средства и помагала согласно со нормативите по сите наставни предмети.

Од спроведената анкета 61,9% од наставниците целосно се согласуваат дека **училиштето располага со соодветна и современа стручна литература и наставни средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети** и 34,1% делумно се согласуваат.



Училиштето континуирано ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи современа стручна литература, учебници, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ-опрема, и ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.

Од спроведената анкета 62.7% од наставниците целосно се согласуваат дека „ **Училиштето континуирано ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи современа стручна литература, учебни и , материјал и за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ-опрема, и ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови“** и 37.3% делумно се согласуваат.




Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат нив во наставата и учењето. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ.

Во училиштето, наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат интернет.

Од спроведената анкета за праша ет о **„Во училиштето,н аставниците имаат можност континуирано да користат интернет.“** 61,9% од наставниците целосно се согласуваат а 34,1% делумно се согласуваат	

.

Анкетата е спроведена и кај учениците .44,5% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат дека **имаат можност континуирано да користат интернет**, 34,2% делумно се согласуваат и 21,3% воопшто не се согласуваат .



Дополнително, во учебната 2025/2026 година се опремени и обновени:

***Прво полугодие**:*

-опремување на кабинет за Auto CAD;

-целосно реновирање на две училници со најсофистициран мебел и компјутери, донација од Турската агенција за соработка и координација - ТИКА;

-целосно реновирани два кабинети за наставниците по архитектонски предмети, донација од ТИКА;

-набавка и монтирање на нови LCD проектори во училните каде што беа неисправни и неупотребливи;

-обезбедување на цело училиште со интернет и заштита на истиот;

-пет статични компјутери донација од Град Скопје;

-пет преносни компјутери, донација од Град Скопје;

-прочистувачи на воздух во кабинетите на наставниците, донација од Град Скопје;

-2 СМАРТ телевизори, донација од Град Скопје;

-доопремување со 37 клупи и 80 столчиња, донација од Град Скопје;

-зајакнување на челичната конструкција на двата коша во надворешна сала;

-монтирање на три интерактивни табли и три LCD проектори, донација од Град Скопје;

-сервисирање на сите клими во училиштето;

--изградба на ново надворешно игралиште за фудбал и кошарка, донација од Град Скопје;

***Во второто полугодие**:*

-доопремување со 45 клупи (130*50) и 50 клупи (120*60) и 105 училишни столчиња, донација од Град Скопје;

-еден интерактивен панел 86“ RO2l и 2 интерактивни панели 75“ RO2L,донација од Град Скопје;

-две интерактивни табли Gaoke 75-T55-E6K;

-еден нов LCD проектор, монтиран во кариерниот центар;

-поправка на гипс картон на плафон во машка соблекувална и целосно бојадисување на ѕидовите во машката и женската соблекувална во надворешната фискултурна сала;

-поставување на нови прозорци и сервисирање на вратите од тоалетите во машкат и женската соблекувална во надворешната фискултурна сала;

-изградба на ново надворешно игралиште за тенис и одбојка, донација од Град Скопје;

-опремување на кариерен центар;

6.2.2. Училишна библиотека

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето.

Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер, смарт табла, има пристап до интернет и библиотечната евиденција се води во согласност со Законот за библиотеките.

Во библиотеката се води електронска евиденција за издадените и вратените книги.

Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарите.

Во библиотеката има литература на странски и на изборните јазици што се изучуваат во училиштето.

Најголемиот дел од библиотечката збирка се состои од белетристика и лектири кои се користат при обработката на предметот македонски јазик и литература. Преостанатиот фонд вклучува стручна литература и наставни материјали за сите предмети, како и енциклопедии, речници, лексикони, списанија и други изданија. Редовно се работи на проширување на библиотечниот фонд.

Поради измените во наставните програми и воведувањето нови учебници за прва година по сите предмети, со пописот на библиотечниот фонд на годишно ниво се ажурираат сите книги и прирачници.

Училишната библиотека располага со книжен фонд од стручна литература 2.300 книги, учебници 13.273, останата литература 18.415 книги, 108 енциклопедии и 530 книги за основно образование . Најголемиот дел од книгите го сочинуваат книгите од областа на белетристиката и дела и лектири неопходни за обработка по предметот македонски јазик и литература. Останатиот библиотечен фонд го сочинуваат разни стручни книги и материјали од сите предмети, енциклопедии, речници, лексикони, списанија и сл. Училишната библиотека располага и со помал

број ЕКО книги т.н. ЕКО литература, кои се користат за подигање на еко свеста на учениците при изготвувањето на најразлични Еко- проекти.

Училиштето континуирано издвојува средства за збогатување на библиотечниот фонд според потребите на годишно ниво и постојано се работи на зголемување на бројот на книгите со организирање акции за донирање на книги од страна на учениците и професорите. Исто така бројот на книгите се зголемува и по пат на донации од разни институции.

Библиотеката има соработка со директорот, учениците, наставниците (особено со наставниците по македонски јазик и литература за организирање на промоции со истакнати личности од разни области - театарот, филмот, музиката, ликовни уметници и сл., литературни читања со литературни дејци, писатели, поети и др.), при реализација на предвидените планови на училиштето.

6.2.3. Потрошен материјал

Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните, воннаставните активности и практичната настава, според планот на училиштето.


Училиштето систематски планира и навремено обезбедува потребен потрошен материјал за реализација на наставните и дел од воннаставните активности. Во редовната набавка се вклучени хартија за печатење, маркер-табли, канцелариски материјал, како и средства за хигиена и одржување — сапун, тоалетна хартија, средства за чистење.

Училиштето континуирано ги прилагодува набавките и распределбата на потрошниот материјал според актуелните потреби и современите барања на образовниот процес, со цел да се обезбеди непречено и безбедно изведување на наставата.

Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните, воннаставните активности и практичната настава, според планот на училиштето.

Од спроведената анкета , наставниците 74.4% се согласуваат , 22.7% делумно се согласуваат и мал процентвоопшто не се согласуваат дека

„ Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните, воннаставните активности и практичната настава, според планот на училиштето “ .



6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

6.3.1. Број на вработени и соодветност на наставниот кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно образовниот процес по сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно со нормативите.

Сите наставници и стручни соработници не се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби.

Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.

Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичната обука за нововработените наставници и стручни соработници.

Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

Табеларен преглед на број на вработени по работни места и пол

Работно место	Број на вработени
Директор	1
Администрација	5
Професори	113
Стручна служба	4

Хаусмајстор (домаќин)	4
Ноќен чувар	2
Хигиеничари	16
Вкупно вработени	145

Училиштето располага со доволен број на вработени за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес. Вкупниот број на вработени изнесува 88, при што наставниот кадар претставува носител на воспитнообразовната дејност.

Од увидот во персоналните досиеја на вработените може да се констатира дека наставниот кадар е соодветен на наставните предмети што ги реализира, односно поседува соодветна стручна подготовка согласно законските прописи. Оваа состојба е потврдена и преку инспекциски надзори од страна на надлежните институции.

Во учебната 2025/2026 година се случија повеќе промени во наставниот кадар. Промените пред се беа заради заминување во пензија, боледувања од подолг временски период или на сопствено барање. Со поддршка на целокупниот кадар како и менаџерскиот тим училиштето успеа позитвино да ја надмине оваа состојба со барање на соодветни замени, правење на тековни измени во распоредот на часови, како и прилагодувања со постоечките човечки ресурси кои гимназијата ги има на располагање.

Наставниот кадар ги извршува следниве задачи:

- Планирање и изработка на планови за реализација на наставата
- Изведување редовна, додатна и дополнителна настава
- Реализација на воннаставни активности
- Менторирање ученици и учество на натпревари
- Учество во класни и наставнички совети
- Изработка на извештаи и учество во самоевалуација
- Учество во организација и спроведување на државна матура

6.3.2. Ефективност и распоредување на кадарот

Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При вработување на наставници и стручни соработници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативот.

Во училишната библиотека ангажирано е лице со полно работно време вработено во училиштето.

Наставниот кадар е ефективно распореден согласно потребите на наставниот процес. Професорите успешно функционираат како тимови во рамките на стручните активи и активно придонесуваат за квалитетот на наставата.

Менаџерскиот тим на училиштето обезбедува координација, следење и унапредување на наставниот процес. Во училиштето функционираат стручни активи, класни совети и инклузивен тим.

Во случаи на отсуство на наставник, училиштето обезбедува соодветна замена со што се гарантира континуитет на наставата.

6.3.3. Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар

Училиштето има стручни соработници што им даваат поддршка на наставниците во реализација на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош за работа со учениците и за работа со деца со посебни образовни потреби.

Стручните соработници во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за подобрување на соработката на учениците и наставниците.


Училиштето располага со стручна служба составена од психолог, педагог дефектолог и социолог, која претставува значајна поддршка на наставниот кадар. Стручната служба ги извршува следниве задачи:

- Учество во планирање и програмирање на воспитно-образовната работа;

- Следење на напредокот на учениците;
- Советодавна работа со ученици и родители;
- Педагошко-инструктивна работа со наставници;
- Подготовка на извештаи и анализи;

Посебно внимание се посветува на инклузивното образование. Во училиштето е ангажиран дефектолог кој работи со ученици со посебни образовни потреби и учествува во изработка на индивидуални образовни планови.

Според резултатите од анкетата за наставници, 65.3% од испитаниците сметаат дека стручната служба активно придонесува во поддршката на учениците со посебни образовни потреби. 32% од наставниците делумно се согласуваат.



6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

6.4.1. Професионален и кариерен развој на наставниците

Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој. Училиштето на основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој при што ги има предвид основните професионални компетенции за наставници.

Училиштето има добра практика за дисеминирање на искуствата здобиени од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот.

Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи и обуки за деца со посебни образовни потреби, меѓуетничка интеграција и младинско учество итн.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата.

Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

Наставниците како носители на воспитно-образовниот процес, својата работа ја извршуваат одговорно, професионално и со високо ниво на посветеност. Наставата се реализира согласносо наставните планови и програми за средно образование, при што наставниците ги планираат и реализираат наставните содржини со јасно дефинирани цели и исходи од учењето. Во процесот на работа, тие применуваат современи наставни методи и форми на работа соодветни на возраста и развојните карактеристики на учениците, овозможувајќи активно учество и критичко размислување.

Примарна цел за професионалниот и кариерниот развој е „Иновативна, квалитетна и современа настава“, која воедно претставува и прва стратешка цел од развојната програма на училиштето. Кон оваа стратешка цел спаѓаат развојните:

1. Осовременување на наставата со иновативни и интерактивни методи на учење;
2. Обуки за наставен кадар за иновативна современа настава;
3. Активна примена на ИКТ во настава;
4. Доследно почитување на критериумите на оценување заради унапредување на наставата и подобар квалитет;

За овие развојни цели формирани се тимови, кои работат на унапредување и реализирање на истите.

Наставниците одржуваат континуирана и конструктивна комуникација со учениците, при што се негува позитивна и поттикнувачка средина за учење. Посебно внимание се посветува на следење на напредокот на учениците, индивидуалниот пристап и поддршката на учениците кои се соочуваат со потешкотии во учењето, како и на учениците со зголемени способности. Преку советодавна работа, менторство и редовна повратна информација, наставниците придонесуваат за целосен развој на личноста на ученикот и негова подготовка за понатамошно образование и вклучување на пазарот на труд.

Во наставниот процес активно се користат информациско-комуникациски технологии (ИКТ), со цел унапредување на квалитетот и ефикасноста на наставата. Наставниците користат дигитални алатки, мултимедијални содржини, образовни

платформи и електронски ресурси, при што наставата станува поинтерактивна и попривлечна за учениците. ИКТ се применуваат и во процесот на следење и оценување, како и во комуникацијата со учениците и родителите преку електронски дневници и дигитални канали.

Сите предметни наставници реализираа наставни единици со употреба на ИКТ. Некои од најчесто користени веб-страници и апликации се следните:

1. **За македонски јазик и сродни предмети:** http://makedonskijazik.mk/category, Microsoft Teams, Google classroom, презентации на Powerpoint, платформата Zoom, Youtube.
2. **За странските јазици –** Со активна употреба на смарт таблите во редовната настава значително се подобрија можностите за ефикасно користење на најразлични дигитални содржини, првенствено поради фактот дека добар дел од учебниците по странски јазици се така направени да имаат дигитална поддршка со бројни интерактивни јазични ресурси, како и дополнителни онлајн материјали за учење странски јазици и други мултимедијални образовни содржини за користење во корелација со наставните единици. Учениците следат и користат содржини или на своите смартфони или преку смарт табла под водство на наставникот. Од он-лајн содржините се вбројуваат:https://www.cambridgeone.org/; https://www.youtube.com/c/EnglishwithLucy; https://www.perfect-english-grammar.com/; https://www.ego4u.com/en/cram-up; https://ed.ted.com; https://www.myhappyenglish.com/free-english-lesson/2014/01/28/how-touse-sugge, https://www.wordreference.com/enit/; http://www.dipionline.it/dizionario/, https://legacy.hueber.de
3. **За природните науки** – При реализација на часовите по физика, хемија и биологија се користеа презентации и видео анимации од страниците на you tube за поуспешно совладување на наставните содржини преку алатките MS Word, MS Power Point , MS Teams , MS Forms.
4. **За општествените науки** од веб-страници се користат: www.sobranie.mk, www.vlada.mk, www.pravo.org.mk и www.gimza.edu.rs/ime-i-pojam-filozofije. Од дигиталните алатки за интеракција и визуелизација се применуваат: Kahoot, Mentimeter, Padlet, Canva, Google Slides, ChatGPT и Magic School AI. Во наставата се користат и мобилни апликации, како што е Business Model Canvas

& SWOT . Како образовен ресурс се користи и YouTube, преку видеа како: School of Life (видеа по филозофија), Philosophy Quotes (цитати од познати филозофи), како и видеа што ги обработуваат соодветните наставни теми. За обработка на економски и претприемнички содржини се користат шаблони како Small Business Plan Template, Business Model Canvas и SWOT анализа. По предметот психологија се користат страни на социјалните мрежи како и на „Youtube“ креирани од страна на предметниот професор Николина И. Котевска, со наслов „Македонска Средношколска Психологија“ кои ги содржат сите лекции по предметот, како и вежби и техники за психолошки раст и развој.

5. **За ликовна уметност** се користи ИКТ преку power point презентации изработени наменски за наставната содржина, користење на информации и репродукции од интернет.
6. **За музичка уметност** наставата се реализира со помош на PowerPoint презентации, и следните линкови: https://www.youtube.com/watch?v=vfT4xyKQOzY&ab_channel=DavidBruceComposer, како и подготовки за слушни тестови: https://www.youtube.com/watch?v=6_C87tZ-Z-8&ab_channel=TanjaGospel.

Инклузивниот пристап е составен дел од работата на наставниот кадар во средното училиште. Наставниците, во соработка со стручните соработници, обезбедуваат поддршка за учениците со посебни образовни потреби, како и за учениците од ранливи категории. Се применуваат индивидуализирани пристапи, прилагодени наставни стратегии и флексибилни методи на работа, со цел обезбедување еднакви можности за сите ученици и поттикнување на нивната активна вклученост во наставниот процес. Преку тимска соработка, индивидуално планирање и континуирана поддршка, инклузивниот тим придонесува училиштето да биде отворена и поддржувачка средина, во која успешно се реализира квалитетна настава за учениците со посебни образовни потреби.

Со цел континуирано унапредување на професионалните компетенции, наставниците редовно учествуваат во различни форми на стручно усовршување. Тие посетуваат обуки, семинари, вебинари и работилници, особено во областа на современите наставни методи, ИКТ во наставата, инклузивното образование и


оценувањето. Дел од наставниците се вклучени и во индивидуални, лични обуки, со што се поттикнува личниот и професионалниот развој. За ова детален опис по наставник има во секој годишен извештај на СУГГС „Здравко Цветковски“.

Во училиштето се поттикнува тимската работа и меѓусебната соработка преку стручни активи, заедничко планирање и размена на добри практики. Организирањето на тим-билдинг активности придонесува за зајакнување на колегијалните односи, подобрување на комуникацијата и создавање позитивна работна клима.

Професионалниот развој на наставниците е системски планиран преку Годишен план за професионален развој, кој се изработува согласно потребите на наставниот кадар и развојните приоритети на училиштето. Планот опфаќа активности за стручно усовршување, внатрешни обуки, менторство и следење на новите образовни трендови, со што се создаваат услови за континуирано подобрување на квалитетот на наставата и целокупниот воспитно-образовен процес.

Секој наставник на почетокот на новата учебна година прави анализа на научените алатки, ги согледува потребите за следната година и изработува Личен План за Професионален развој (ЛППР) за учебната година. На тој начин се подобрува и унапредува знаењето, а на тој начин се унапредува и наставата во поквалитетна и попродуктивна.

На спроведената анкета меѓу наставниците, во која учествуваа 75 наставници, се доаѓа до заклучок дека покрај големиот број на обуки, слаба страна е дисеминацијата од истите, како недостаток доколку некој вработен не е во можност да присуствува на истата. Во прилог резултатот од анкетата (48% целосно се согласуваат, а пак 48% делумно се согласуваат):



6.5. Финансиско работење во училиштето

6.5.1. Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства.

Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница.

Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Училишниот одбор еднаш месечно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Училишниот одбор редовно го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

СГГУГС „Здравко Цветковски“ преку својот раководен орган ги доставува информациите за средствата со кои располага училиштето. Тие информации се споделуваат на наставничките совети, состаноците на стручните активи, состаноци со комисиите за кариерен развој, инклузивниот тим за потребите на наставниците, активите и училиштето воопшто.

Училиштето редовно ги поддржува учениците со котизација за натпревари со што допринесува за афирмација на училиштето, учениците и менторите.

Со завршувањето на секоја календарска година се изготвува завршна сметка со сите приходи и расходи.

Орган на управување во училиштето е училишниот одбор.

Училишниот одбор е највисокиот управувачки и надзорен орган во гимназијата. Го застапува јавниот интерес и интересите на учениците, родителите, вработените и основачот, обезбедувајќи професионално и транспарентно функционирање.

Мандатот на членовите на Училишниот одбор трае 4 (четири) години, со право на уште еден повторен избор. Процедурата за избор на нов член, негова кандидатура и гласање се спроведува етапно:

- Се наведува причината за престанок на мандатот (истек, заминување во пензија, сопствено барање)
- Се отвара конкурс за истиот во законски определениот рок од 90 дена (3 месеци)
- Се отвара расправа/дискусија во стручните активи по оваа точка и се именува предлог кандидат
- На Наставнички совет се дискутира за кандидатурите, кандидатите се претставуваат и се гласа.
- Гласањето е однапред утврдено дали ќе биде јавно или тајно. Најчесто е тајно.

Мандатот на претставниците на родителите престанува со престанокот на статусот на ученик на нивното дете во Училиштето.

Училишниот одбор ги има и извршува следните работни задачи:

- Ја донесува Програмата за развој на Училиштето;
- Ја донесува Годишната програма за работа и го усвојува Извештајот за работа;
- Го донесува Статутот на Училиштето и другите општи акти;
- Предлага финансиски план до основачот и ја усвојува завршната сметка;
- Објавува јавен оглас за избор на директор и спроведува интервју со кандидатите;
- Дава мислење и согласност на предлозите на директорот за внатрешната организација и систематизација;
- Одлучува по приговори и жалби на вработените и учениците;
- Врши надзор над законитоста во работењето и материјално-финансиското работење на Училиштето.


Училишниот одбор се состанува на однапред закажани седници. Седницата може да се одржи доколку присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови, доколку со закон или овој Статут не е поинаку предвидено.


Училишниот одбор еднаш месечно добива детален извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето, што придонесува за транспарентно и одговорно работење. Во извештајот се опфатени детали. Оваа практика овозможува редовно следење на финансиската состојба и финансиската работа на училиштето. Членовите на одборот имаат јасен увид во начинот на користење и распределба на средствата. Со месечното известување се зајакнува финансиската дисциплина и отчетноста во работењето. Истовремено, се создава доверба меѓу раководството, вработените и родителите. Ваквиот систем на редовно известување придонесува стабилна и доверлива состојба во училиштето.

Преку континуирана анализа на приходите и расходите се обезбедува транспарентност во работењето. На овој начин се зајакнува одговорноста при располагањето со средствата на училиштето.Членовите на одборот преку редовниот увид можат да предложат корективни мерки доколку има потреба за истото.

На анкетата наменета за членовите на Училишниот одбор, од вкупно 9 испитаника кои одговорија, на тврдењето **„Училишниот одбор еднаш месечно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето“**, 55.5% од испитаниците целосно се согласуваат, 33.3% делумно се согласуваат, а пак 11.1% воопшто не се согласуваат.



На анкетата наменета за членовите на училишниот одбор, од вкупно 9 испитаника кои одговорија, на тврдењето **„Училишниот одбор редовно го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. “**, 66.7% од испитаниците целосно се согласуваат, 33.3% делумно се согласуваат, а пак мал процент воопшто не се согласуваат.



Анализата на ова подачје укажува на низа значајни предности, но и одредени предизвици кои треба да се надминат. Училиштето располага со современо опремени простории, функционално организиран двор и добра техничка инфраструктура, што овозможува квалитетно реализирање на наставниот процес и воннаставните активности.

Препознавањето на овие јаки и слаби страни претставува основа за понатамошно планирање и унапредување на условите во училиштето. Ваквиот пристап овозможува континуиран развој и подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Резиме на подрачјето „ ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ “:

КЛУЧНИ ЈАКИ СТРАНИ

- ✓ Училиштето ги има сите потребни капацитети за непречено изведување на наставата, вклучително и за инвалидизирани лица;
- ✓ Училиштето располага со соодветна и современа стручна литература и наставни средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети;
- ✓ Училиштето континуирано ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи современа стручна литература, учебници, материјали

за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ-опрема, и ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови;

- ✓ Во училиштето, наставниците имаат можност континуирано да користат интернет;
- ✓ Училиштето располага со доволен број на вработени за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес;
- ✓ стручната служба активно придонесува во поддршката на учениците со посебни образовни потреби;
- ✓ УО добива месечни извештаи за финансиското работење на училиштето, а воедно има увид и во сите потрошени финансиски средства;
- ✓ Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните, воннаставните активности и практичната .

КЛУЧНИ СЛАБИ СТРАНИ И ИДНИ АКТИВНОСТИ

- ✓ Учениците ја немаат можноста непречено да го користат училишниот интернет;
- ✓ Училиштето мора да обезбеди соодветна дисеминација од обуките на кои некои вработени не можеле да присуствуваат;
- ✓ Недостиг на паркинг простор;
- ✓ Ставање во функција на сета опрема со која располага училиштето;

7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Методолошка рамка за подрачјето „УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА“:

Преглед на документација преку архивски метод

- Статут на училиште;
- Документација на УО (записници, одлуки, извештаи);
- Деловник за работа на УО;
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Програма за работа на директорот;
- Развоен план на училиштето;
- Акциони планови;
- Записници од наставнички совети;
- Записници од Совет на родители;
- финансиски план, записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);
- Деловодник за работа на УО ;
- Записници од ученички парламент за избор на претставници;
- План за развој на училиштето;
- Програма за работа на директорот;
- Програма за професионалниот развој на директорот;

Метод на интервју и метод на анкетирање

- Разговор со наставници, стручна служба и директор;
- Анкета спроведена на ученици, родители и наставници;

7.1 Управување и раководење со училиштето


7.1.1. Управување со училиштето

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор (УО), а неговата улога и состав се дефинирани со Законот за средно образование.

Училишниот одбор ги уредува, предлага, одобрува и контролира сите документи кои се потребни за правилна реализација на планираната образовна дејност во училиштето. Училишниот одбор го донесува Статутот, предлага годишната програма за работа и извештај за работа до советот на општината; предлага годишен финансиски план и завршна сметка до основачот; објавува јавен оглас за именување на директор; врши интервју со кандидатите за директор; од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на директор; му предлага на градоначалникот на општината еден кандидат; поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на лицата од членот 70 ставови 1 и 2 од Законот за средно образование; одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето; одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици; ја разгледува реализацијата на Годишната програма за работа; разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето.

Со цел добивање на јасна слика за управувањето со училиштето, односно за работата на УО, беше изготвена посебна анкета наменета за членовите на УО и истата беше одговорена од од 6 испитаници од вкупно 11 членови.


Од испитаниците, 88.9% одговорија дека целосно се согласуваат со тврдењето дека **„Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето, при што се води сметка за родоватаи етничката структура на членовите на училишниот одбор“,**




а 11.1% дека делумно се согласуваат со ова тврдење. Од овие одговори може да се заклучи дека при конституцијата на УО се води грижа за правична застапеност на мажи и жени и на етничката структура на членовите, но понекогаш има отстапки.

Во однос на работата на УО, 87.5% од испитаниците, членови на одборот се согласуваат дека:

„Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор во којшто е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од структурите предвидени со Законите за основно и средно образование во училиштен одбор (освен во случаи на најавено отсуство или неименувани претставници) како и дека состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на училишниот одбор“.




На тврдењето дека: **„ Училишниот одбор има донесено план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество и квартално ги следи активностите“** 44.4% од испитаниците одговорија дека целосно се согласуваат, додека 44.4% од нив дека делумно се согласуваат, а пак 11.1% воопшто не се согласуваат.




пак

Исто така 55.6% испитаници целосно се согласуваат со тврдењето дека: **„Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес“,** а 33.3% од испитаниците одговориле дека делумно се согласуваат. Од нив 11.1% воопшто не се согласуваат со тврдењето.




Сите освен еден испитаник, целосно се согласуваат со тврдењето дека:

„Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури и дека Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.“



На тврдењето дека **„Училиштето обезбедува обука за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување“** , 55.6% од испитаниците одговориле дека целосно се согласуваат, а 33,3 % дека делумно се соглсуваат и еден испитаник воопшто не се согласува.

.



Училишниот одбор како колективно тело ја заснова својата работа на принципите на законитост, отчетност и транспарентност. За работата на УО се водат записници изготвени од записничар и заверени од секретарот на училиштето. Согласно записниците од одржаните состаноци на УО тие се одржуваат во присуство на мнозинството членови и одлуките на Училишниот одбор се

донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот. Седниците на Училишниот одбор ги свикува претседателот на своја иницијатива, по барање на директорот и 1/3 од членовите на Училишниот одбор. Датумот, дневниот ред и материјалите за работа на состаноците навремено се доставуваат до членовите на УО што им овозможува квалитетна и успешна работа.

7.1.2. Раководење со училиштето


Раководниот орган на училиштето е директорот. Неговата работа се темели на новоизготвената и усвоена Годишна програма за работа на училиштето, која произлегува од важечките законски и подзаконски акти. Во програмата се прецизно дефинирани и опфатени сите активности што раководниот орган ќе ги реализира во периодот од 2024 до 2026 година.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето, со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Визијата на училиштето е да се стреми да биде почитуван партнер во заедницата, да претставува безбедна средина со пријатна клима за работа на учениците, која ќе овозможи стекнување на квалитетни, трајни и применливи знаења и вештини, подготвувајќи ги учениците за комплетно вклучување во современите општествени текови.

При утврдувањето на клучните политики, документи и стратегии, раководниот орган се води од јасна стратешка насока, заснована на четиригодишен развоен план. Во рамки на развојното планирање за периодот од 2024 до 2028 година се идентификувани подрачја за промени и приоритети, односно стратешки цели, кои опфаќаат: развој на иновативна, квалитетна и современа настава; унапредување на организацијата, ефективноста во работата и училишната клима; подобрување на редовноста на учениците во наставата, зголемување на нивната мотивација за учење и поттикнување на партиципативноста на ученичката заедница; осовременување на постојните инфраструктурни капацитети на училиштето; како и зголемување на бројот на активности во рамки на меѓуетничката интеграција.

Со цел добивање на јасна слика за раководењето со училиштето, односно за работата на директорот, беше изготвена анкета наменета за наставниците од училиштето, на која одговорија вкупно 49 испитаници.

На тврдењата: „**Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето“** и **„ Раководниот орган има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот р а з в о ј “ ,** 85,6% о д испитаниците наставници одговорија дека целосно се согласуваат, а 12,1% дека делумно се согласуваат, додека многу мал процент од само 2,3% одговорија дека воопшто не се согласуваат со ова тврдење.




Добиените резултати упатуваат на високо ниво на доверба во работата на раководниот орган. Големото мнозинство од испитаниците смета дека директорот има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, како и способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој. Ваквата перцепција е потврдена со доминантното целосно и делумно согласување, додека минималниот процент на несогласување укажува дека овие ставови се речиси универзално прифатени.

Истовремено, испитаниците во голем процент оценуваат дека оценувањето на вработените е објективно, нивниот придонес во тимската работа е соодветно вреднуван, а добрата практика се препознава и промовира во училиштето. Овие резултати укажуваат на постоење на позитивна професионална клима и култура на вреднување на трудот.

Слична е состојбата и во однос на донесувањето одлуки, каде доминира ставот дека раководниот орган постапува одговорно. Па така на тврдењето**: *„ Раководниот орган донесува одговорни одлуки“*,** 82,9% од испитаниците

одговорија дека целосно се согласуваат, а 16% дека делумно се согласуваат, додека само 1.1% одговорија дека воопшто не се согласуваат. Од овие резултати може да се заклучи дека високиот процент на целосно и делумно согласување покажува дека вработените имаат позитивна перцепција за начинот на управување и процесот на одлучување.



Генерално, може да се заклучи дека раководниот орган ужива значајна поддршка и кредибилитет кај вработените. Се препознава неговата професионалност, транспарентност и посветеност во управувањето со училиштето, како и способноста за градење позитивни односи и поттикнување на развојот на кадарот. Истовремено, минималниот процент на негативни одговори укажува на постоење на мал простор за дополнително унапредување, особено во насока на уште поголема инклузивност и унапредување на комуникацијата во процесите на оценување и одлучување.

Раководниот орган на училиштето успешно ги имплементира промените во образовниот систем преку систематски, стратешки и инклузивен пристап во управувањето. Активностите на училиштето се усогласени со целите дефинирани во развојниот план, при што приоритетите се операционализирани во конкретни, мерливи и временски рамки. Овие цели се јасно комуницирани со вработените, кои се активно вклучени во процесите на планирање и реализација, што придонесува за нивна поголема посветеност и одговорност. Раководниот орган е фокусиран на мисијата и визијата на училиштето како стратешка определба, при што демонстрира професионален однос кон работата, носи одговорни одлуки и ефективно комуницира со вработените.

Во насока на успешно спроведување на промените, континуирано се обезбедува професионален развој на наставниот кадар преку организирање обуки, работилници и размена на добри практики. Истовремено, се применува ефективно

делегирање на обврските и се поттикнува тимската работа, што резултира со зголемена ефикасност во работењето. Раководниот орган со човечките ресурси и предизвици се справува со трпеливост, активно сослушување и нудење соодветни решенија, а по потреба применува и соодветни мерки како усни и писмени опомени.

Стручните служби и менаџерскиот тим вршат проверки на е-дневникот и на водењето на административната и педагошката евиденција и изготвуваат извештаи на неделно ниво; на годишно ниво се изготвува вкупен годишен извештај за целокупното работење на училиштето и постигнатите резултати на учениците, а на секои две години се спроведува самоевалуација. Се користат различни извори на податоци, како што се анализи на постигањата на учениците, интерни извештаи и анкети, врз основа на кои раководниот орган носи одлуки и презема мерки за континуирано подобрување на воспитно-образовниот процес.

Во центарот на работењето се учениците, нивните постигања и интереси. Континуирано се следи нивниот напредок и се создава поддржувачка и мотивирачка средина за учење, при што тие активно учествуваат во училишниот живот. Учениците се вклучени во разновидни проектни активности од областа на спортот, природните науки, музиката и уметноста, како и во дебатни и литературни клубови и секции, активности поврзани со странски јазици, бизнис и претприемништво. Дополнително, тие активно партиципираат и во работата на Ученичката заедница, која има значајна улога во заштитата на правата на учениците во воспитно-образовниот процес, а во нејзиниот состав членуваат претседателите на класните заедници од I до IV година.

Раководниот орган е проактивен во спроведувањето на училишните политики за инклузивност, меѓуетничка интеграција и младинско учество. Во училиштето функционираат тим за инклузија и тим за меѓуетничка интеграција, кои активно работат на унапредување на овие процеси. Во таа насока се воспоставуваат и одржуваат продуктивни партнерства со локалната и поширокатa заедница, како и со други средни училишта од Град Скопје, преку реализација на заеднички активности, проекти и настани. Соработката се остварува со релевантни организации и институции, како што се: Првата детска амбасада „Меѓаши“, Црвениот крст, Институтот за комуникациски студии, Здружението на граѓани за подобрување на себеси и другите – СФЕРА Скопје, Институтот за човекови права,

Парламентарниот институт, Македонскиот институт за медиуми, МОФ, НВО „Младински сојуз Крушево“, Институтот „Данте Алигиери“, ЕЛТАМ МК, Гете-институт, Францускиот институт во Скопје, Град Скопје, Холандската амбасада, Академијата за уметности Фонтис од Холандија, Фондацијата „Фридрих Еберт“ – Скопје и др. Преку овие активности се поттикнуваат толеранцијата, соработката и меѓусебното разбирање меѓу учениците.

Во однос на транспарентноста, раководниот орган применува инклузивен пристап во донесувањето одлуки, преку консултации со класните и наставничките совети, Училишниот одбор, како и преку демократска расправа и интерен договор во рамки на менаџерскиот тим. По потреба се вршат и консултации со стручниот кадар за специфични прашања. Донесените одлуки се основа за дефинирање на задолженијата, обврските и активностите кои се усогласени со важечките правни прописи.

Во делот на финансиското работење, раководниот орган одлуките ги заснова врз планот за јавни набавки, изготвен во консултација со стручните активи согласно нивните потреби. Финансиските средства, обезбедени од Град Скопје, се насочуваат кон подобрување на условите за работа, како што се унапредување на кабинетската настава, инфраструктурата, опремувањето со современи наставни средства (особено за ИТ-настава), одржување на училишните простории, спортската сала и дворниот простор, како и на системите за греење, водоснабдување и слично. Правниот сектор обезбедува соодветно регулирање на ресурсите на училиштето и соработката со надворешни субјекти.

Со ваквиот интегриран и проактивен пристап, раководниот орган обезбедува континуиран развој на училиштето, успешно спроведување на реформите и унапредување на квалитетот на образовниот процес.

7.2. КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНА ПОЛИТИКА

7.2.1. Јасност и соодветност на мисијата и визијата

Мисијата и визијата на училиштето се темелно поставени и целосно ја одразуваат државната и локалната образовна политика, при што се усогласени со современите образовни стандарди и стратешките приоритети за развој на квалитетно образование. Тие се јасно дефинирани и прецизно насочени кон континуирано подобрување на квалитетот на наставниот процес, унапредување на постигањата на учениците и градење инклузивна, демократска и поддржувачка училишна средина.

Во согласност со тоа, мисијата на училиштето е да овозможи квалитетна современа настава во стимулативна и здрава средина, која вложува во напредокот и истакнувањето на индивидуалните способности на сите ученици. Преку ваквиот пристап, учениците се поттикнуваат да стекнат знаења со кои ќе станат пример за наредните генерации и ќе се развијат во одговорни граѓани на светот.

Во фокусот на мисијата и визијата е обезбедување квалитетна настава која ги задоволува потребите на сите ученици, со посебен акцент на инклузијата, меѓуетничката интеграција и активно младинско учество. Истовремено, се потенцира значењето на професионалниот развој на наставниците како клучен фактор за подигнување на квалитетот на образовниот процес, како и развивање на компетенции кај учениците кои ќе им овозможат успешно функционирање во современото општество.

Визијата на училиштето е насочена кон тоа да биде почитуван партнер во заедницата и безбедно место со пријатна клима за учење и работа, каде учениците ќе стекнуваат квалитетни, трајни и применливи знаења и вештини, подготвувајќи се за целосно вклучување во современите општествени текови. Преку визијата, училиштето се стреми да биде средина во која се раѓаат нови идеи, се негуваат талентите и континуирано се унапредува знаењето.

Процесот на креирање и унапредување на мисијата и визијата е инклузивен и партиципативен, при што активно се вклучени сите клучни чинители во училиштето – наставниците, учениците и родителите. Вработените придонесуваат преку работата на стручните активи преку одржување на редовни состаноци, каде што се разменуваат идеи и се предлагаат насоки за понатамошен развој. Учениците учествуваат преку Ученичката заедница, која ги застапува нивните ставови, потреби и интереси, додека родителите се вклучени преку Советот на родители, давајќи конструктивни мислења и предлози за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Училиштето на систематски и организиран начин ги мобилизира сите свои ресурси и субјекти во функција на остварување на мисијата и визијата. Ова се реализира преку формирање и активно функционирање на различни комисии тимови (комисија за унапредување на наставата, тим за инклузија, комисија за следење на постигањата на учениците, училишна матурска комисија, комисија за организирање екскурзии, комисија за проектни активности и сл.), преку ангажман на стручните служби, како и преку континуирана координација од страна на раководниот кадар. Истовремено, се поттикнува активно учество на учениците во процесите на донесување одлуки и организација на училишни активности, со што се зајакнува демократскиот дух и се гради позитивна училишна култура.

Вработените во училиштето добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата и активно ги применуваат во секојдневната работа, додека учениците и родителите се континуирано информирани преку родителски средби, состаноци, училишни настани и официјални документи. На овој начин се обезбедува заедничко разбирање и посветеност кон остварување на поставените цели.

Во насока на остварување на својата мисија и визија, училиштето развива континуирана и систематска соработка со релевантни институции на локално и национално ниво. Соработката со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието се реализира преку имплементација на наставните програми, учество во обуки, семинари и следење на образовни политики. Со Град

и

Скопје и локалната самоуправа се соработува преку заеднички проекти, поддршка на инфраструктурата и реализација на активности од интерес за учениците.

Дополнително, училиштето соработува со организации како Црвениот крст, Прва детска амбасада „Меѓаши“, здравствени институции и невладини организации, преку реализација на хуманитарни акции, едукативни работилници и активности за унапредување на здравјето и благосостојбата на учениците. Соработката со културни и образовни институции (музеи, културни центри, универзитети) како и сорабптката со странски амбасади се остварува преку организирање посети, предавања и заеднички проекти, со цел збогатување на образовното искуство.

Училиштето е активно и на меѓународен план, преку учество во програми проекти како Риико, што овозможува размена на искуства, мобилност на ученици и наставници и примена на добри практики од други образовни системи.

Со ваков интегриран пристап, училиштето успешно ја реализира својата мисија и визија, позиционирајќи се како современа, отворена и квалитетна образовна институција која создава компетентни, одговорни и активни млади личности.

7.2.2. Процедури за креирање на училишната политика

Ефективното раководење со училиштето се заснова на системски и јасно структуриран пристап за креирање и унапредување на училишните политики преку јасно дефинирани процедури, кои опфаќаат идентификација на потребите и приоритетите, формирање на работни тимови или комисии, изработка на нацртдокументи, консултации со наставничкиот колектив, стручната служба, учениците и родителите; како и нивно усвојување од страна на наставничкиот совет или училишниот одбор.

Процесот на креирање и унапредување на политиките се карактеризира со транспарентност, инклузивност и континуирано следење и ажурирање на истите,

со цел нивно усогласување со актуелните потреби на училиштето. Ваквиот пристап обезбедува кохерентност во работењето, поголема одговорност на сите чинители и придонесува за континуирано унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, инклузијата, меѓуетничката интеграција, младинското учество, како и кон превенција од насилство, дискриминација и други ризични појави што придонесува за безбедната училишна средина.

Една од клучните добри практики е инклузивниот и партиципативен пристап во процесот на донесување политики. Во овој процес активно се вклучени наставниците, стручната служба, менаџерскиот тим, учениците и други релевантни чинители. Вклученоста се реализира преку конкретни структури и механизми, како што се стручните активи, наставничкиот совет, ученичкиот совет, како и преку советодавно-консултативната работа на педагогот и психологот, кои континуирано соработуваат со учениците, родителите и наставниците и учествуваат во креирање на клучни училишни документи и програми. Особено значајна е улогата на стручната служба, која иницира предлози (на пример за правилник за изостаноци, процедури за поддршка на ученици, програми за ментално здравје и сл.) и активно учествува во нивната разработка и имплементација. Овој пристап овозможува политиките да бидат реално засновани на потребите на училиштето и да имаат поголема применливост во пракса.

Дополнително, училиштето покажува високо ниво на колаборативност преку формирање на тимови, комисии и работни групи при изработка или ревизија на документи, но и преку функционирање на стручни активи кои редовно се состануваат и координираат наставни, проектни и воннаставни активности. Во рамките на овие активности се реализираат и различни ученички иницијативи како дебатни клубови, драмски и новинарски секции, кои придонесуваат за развој на критичко размислување, комуникациски вештини и активно учество на учениците во училишниот живот. Особено се истакнува соработката со надворешни организации и институции (како организацијата на Црвениот крст, Младински образовен форум, факултети, културни институции), што дополнително го зајакнува

квалитетот на донесените политики. Исто така конкретен пример за добра пракса е процесот на утврдување на критериумите за избор на првенец на генерација и наставник на година, каде што се формираат тимови составени од претседатели на стручни активи, претставници од менаџерскиот тим и стручната служба. Овие тимови ги анализираат постојните документи, предлагаат измени согласно актуелните потреби и конечните верзии се презентираат и усвојуваат на наставнички совет. Сличен пристап се применува и при изработка на различни паравилници како што се на пример правилникот за однесување и облекување, интерниот правилник за оценување, како и програмите за работа со ученици со посебни потреби, надарени ученици и ученици од социјално загрозени категори. Како значајна практика се издвојува и транспарентноста во процесот на донесување политики. Сите клучни документи (правилници, процедури, програми) се разгледуваат и дискутираат на наставнички совет, се презентираат пред целиот колектив, а процесот е поддржан и со евиденција, извештаи, записници и аналитички материјали кои се подготвуваат од одговорни наставници или од стручната служба.

Потоа донесетите одлуки се споделуваат со учениците и родителите преку класните раководители и ученичката заедница. На пример, правилото за влез и излез од училиштето е најпрво дискутирано на наставнички совет, потоа утврдено од менаџерскиот тим и системски комуницирано до учениците и родителите. На овој начин се обезбедува јасност, прифатеност и доследна примена на политиките.

Училиштето исто така успешно ги усогласува политиките и со актуелните потреби преку нивно редовно ажурирање и следење. Пример за тоа се измените во правилата за влез и излез, кои произлегуваат од потребата за подобро управување со изостаноците и зголемување на безбедноста, како и континуираното надградување на процедурите за постапување при прекршување на правилата на однесување, насилство и ризични појави. Исто така ова се реализира преку аналитичко-истражувачка работа (анкети, прашалници, анализи на успех и однесување), како и преку континуирано следење на воспитнообразовниот процес

и предлагање мерки за подобрување од страна на училишниот колектив и стручната служба. Посебно внимание се посветува на адаптацијата на учениците, нивниот успех, однесување и емоционална состојба. Политиките не се статични, туку се предмет на постојано подобрување врз основа на искуства од практиката.

Во училиштето постои широк спектар на политики, програми, правилници и процедури кои опфаќаат различни сегменти од воспитно-образовниот процес. Особено се истакнуваат:

- Годишна програма за работа на училиште (програма за работа на директор и стручните активи и стручна служба, програма за работа на класен раководител, програма за работа на училишна заедница и библиотека);
- Програма за работа со ученици со посебни образовни програми;
- Програма за работа на инклузивен тим;
- Програма за работа на кариерен советник;
- Програма за грижа на здравствено-социјална заштита на ученици и култура на живеење;
- Протокол за постапување во случаи на појава на насилство или насилно однесување во училиштето;
- Програми за ментално здравје и психо-социјална поддршка, кои се реализираат преку индивидуална и групна работа;
- Програми за професионален развој на наставниците и примена на современи наставни методи (вклучително и ИКТ);
- Програми за проектни активности и воннаставни активности кои поттикнуваат активно учество и интеркултурни вредности;
- Програми за соработка со родители и надворешни институции;
- Програма за работа со надарени и талентирани ученици;
- Годишен план за безбедност на училиштето;
- Програма за избор на основната професија и адекватно програмирање на образованието;
- Правилник за изостаноци, однесување и облекување;

и

- Процедура за постапување во ситуации на прекршување на правилата на однесување;
- Процедура за грижа за ученици со хронични заболувања или други посериозни проблеми;
- Процедура за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални потешкотии;
- Процедура за поддршка на ученици заради социјална загрозеност;
- Интерен правилник за постапување во ситуации на насилство, злоупотреба и занемаруавње;
- Протокол за превенција од употреба и постапување при сомневање за користење на психоактивни супстанци во училиштето;
- Антибулинг програма;
- Годишно планирање за реализација на активности од Меѓуетничка интеграција итн.

Како посебна добра практика се издвојува системскиот пристап кон благосостојбата на учениците, кој вклучува следење на нивниот развој, рано откривање на потешкотии, советодавна работа, како и соработка со релевантни институции (центри за социјална работа, здравствени установи и други). Дополнително, се имплементираат еколошки и општествено одговорни содржини во наставата и проектните активности, што придонесува за развој на свесни и активни граѓани.

Во делот на меѓуетничката интеграција и младинското учество, училиштето спроведува планирани и координирани активности преку наставата, проектните активности и воннаставните форми (дебати, културни настани, соработка со институции). Учениците активно се вклучуваат во активности кои поттикнуваат толеранција, демократски вредности и општествена одговорност, што придонесува за развој на демократска култура и активно граѓанство.

Од целата оваа анализа може да се заклучи дека училиштето воспоставува функционален, транспарентен и инклузивен систем за креирање и унапредување на училишните политики. Добро развиените процедури, активното учество на сите чинители и континуираното прилагодување кон потребите претставуваат значајни силни страни. Ваквиот пристап овозможува ефективна имплементација на политиките и придонесува за создавање безбедна, поддржувачка и квалитетна образовна средина.

7.2.3. Резултати од развојното планирање

Развојното планирање во училиштето се заснова на јасно дефинирани, прецизни и мерливи резултати, кои целосно ја отсликуваат мисијата, визијата и основните вредности на установата. Процесот на нивно утврдување е инклузивен и партиципативен, со активно учество на наставниците, стручната служба, учениците, родителите и претставници од локалната заедница. Ваквиот пристап овозможува поставените цели да бидат реални, релевантни и усогласени со реалните потреби и приоритети на училиштето.

Врз основа на сеопфатна анализа на наодите од овие документи (наведени погоре), особено на идентификуваните силни и слаби страни, како и преку размена на искуства и стручни согледувања од наставниот кадар, беше утврден сет на приоритети за развој во периодот 2024–2028 година. Овој процес го спроведе тимот за изработка на развојниот училиштен план, во тесна соработка со директорот на училиштето.

Стратешките цели беа поставени како рамка за понатамошно планирање, од кои произлегоа развојните цели, а потоа и конкретни активности и очекувани резултати. Согласно ваквиот пристап, училиштето ги утврди следните приоритетни подрачја на промени, односно стратешки цели:

1. Иновативна, квалитетна и современа настава;
2. Подобрување на организацијата, ефективноста во работата и училишната клима;
3. Подобрување на редовноста на учениците, мотивацијата за учење и партиципативноста на ученичката заедница;

4. Осовременување на постојните инфраструктурни капацитети;
5. Унапредување на активностите во рамки на меѓуетничката интеграција.

За остварување на поставените цели, училиштето изработи акциски планови за секоја стратешка цел. Тие содржат јасно дефинирани активности, рокови за реализација, носители на активностите и индикатори за следење на постигнувањата. Ваквата структура овозможува систематски пристап во спроведувањето и следењето на напредокот. Понатаму, училиштето воспостави функционален систем за следење и евалуација на реализацијата на планираните активности, односно развојните цели. Преку утврдени индикатори редовно се следи степенот на нивно остварување, а добиените сознанија се користат за навремено прилагодување на активностите и за унапредување на идното планирање.

Истовремено, се обезбедува континуирано информирање на сите чинители – наставници, ученици и родители – за поставените цели, очекуваните резултати и динамиката на нивната реализација. На овој начин се зајакнува транспарентноста и се поттикнува заедничка одговорност за постигнување на успехот.

Ваквиот системски, континуиран и инклузивен пристап кон развојното планирање придонесува за одржливо унапредување на квалитетот на воспитнообразовниот процес и создавање на позитивна, мотивирачка и поддржувачка училишна средина.

Во рамки на **Стратешка цел 1: Иновативна, квалитетна и современа настава**, акцискиот план е насочен кон унапредување на наставниот процес преку примена на современи наставни методи, интеграција на ИКТ, диференцирана настава, континуиран професионален развој на наставниците и доследно почитување на критериумите на оценување

Анализата на реализацијата на активностите во рамки на **Стратешка цел 1** покажува високо ниво на усогласеност помеѓу поставените цели, планираните активности и постигнатите резултати. Преку систематско планирање, соодветна распределба на одговорности и континуирано следење од страна на тимот за квалитет, училиштето успешно ги реализирало предвидените мерки, што резултирало со видливи подобрувања во наставниот процес.

Во однос на целта 1.1 – осовременување на наставата со иновативни и интерактивни методи, реализираните активности како заедничко планирање на часови, организирање нагледни часови, размена на добри практики и менторска соработка помеѓу наставниците придонесоа за значително подобрување квалитетот на наставата. Наставниот процес станува поинтерактивен и поученички ориентиран, што е потврдено преку зголеменото задоволство на учениците и позитивните резултати од спроведените анкети. Извештаите од реализираните часови и професионалната соработка дополнително укажуваат дека оваа цел е успешно реализирана.

Во рамки на **целта 1.2 – обуки за наставниот кадар**, семинари, работилници и активности за стручно усовршување, значително се зајакнати компетенциите на наставниците. Воспоставениот систем за професионален развој овозможува континуирано унапредување на наставните практики. Како резултат на тоа, наставниците поефикасно применуваат современи методи и техники, што директно влијае врз квалитетот на наставата.

Во однос на **целта 1.3 – активна примена на ИКТ во наставата**, училиштето постигна значителен напредок преку доопремување на училниците со современа ИКТ опрема и поттикнување на нејзина активна употреба. Зголемениот број на часови реализирани со ИКТ, како и креирањето на база на дигитални материјали од страна на некои колеги наставници, укажуваат на успешна интеграција на технологијата во наставниот процес. Наставниците активно применуваат современи дигитални алатки, што придонесува за поголема ангажираност на учениците и поефективна реализација на наставата.

Реализацијата на целта 1.4 – доследно почитување на критериумите за оценување, резултираше со зголемена објективност, транспарентност и усогласеност во оценувањето. Преку засилена соработка на ниво на стручни активи, изработка и усогласување на бодовни скали, како и креирање заеднички тестови, се обезбеди единствен пристап во оценувањето на учениците. Ова доведе до подобрување на ученичките постигања, што е потврдено преку зголемен процент на успех и подобри резултати на кварталите и на крајот на учебната година

.

Во рамки на **целта 1.5 –** се планира и подготовката на соодветните наставни програми како и интензивирање на соработката со надлежните институции (МОН, БРО, Амбасада на Ребпублика Италија, ФЛФ – Катедра за италијански јазик и книжевност и Здружение на професорите по италијански јазик) за да се создадат сите потребни предуслови за нејзино отпочнување со работа.

Севкупно, може да се констатира дека дел од планираните активности во рамки на сите поединечни цели се реализирани, а дел од нив се во тек на реализација согласно предвидената временска рамка и со ангажман на сите носители. Индикаторите за успех (анкети, извештаи, статистички податоци, документирана практика) јасно потврдуваат дека очекуваните резултати од досегашните реализирани активности се постигнати. Континуираното следење и евалуација од страна на тимот за квалитет обезбедуваат одржливост на постигнатите резултати и создаваат солидна основа за понатамошен развој.

Во рамки на **Стратешка цел 2: Организација, ефективност во работата и училишна клима**, активностите се насочени кон подобрување на организациските процеси, јасна распределба на одговорности, зајакнување на тимската работа и создавање позитивна и поддржувачка училишна средина. Очекуваните резултати се подобрена координација во работењето, зголемена ефикасност, повисоко ниво на задоволство кај наставниците и подобрена училишна клима.

Анализата на реализираните активности во рамки на **Стратешка цел 2** покажува дека училиштето успешно ги реализира поставените цели поврзани со подобрување на организацијата, ефективноста во работењето и унапредување училишната клима. Преку систематски пристап, јасно дефинирани активности и континуирано следење од страна на тимот за квалитет, постигнати се значајни резултати кои придонесуваат за поефикасно и поквалитетно функционирање на училиштето.

Во рамки на целта 2.1 – Подобрување на ефективноста во организацијата на работата на училиштето, реализирани се активностите насочени кон воспоставување пофункционален и потранспарентен систем на работа. Преку утврдување критериуми за распределба на работните задачи и воведување систем

за следење на реализацијата на обврските, обезбедена е поголема правичност и рамномерност во распределбата на задачите меѓу вработените. Дополнително, преку редовно следење на работата на наставниот кадар, ненајавени посети на часови, анкетирање и формирање тимови за поддршка, подобрено е следењето на воспитно-образовниот процес и навременото реагирање на потребите на наставниците. Реализираните наставнички совети, квартални состаноци и изготвените извештаи придонесоа за зголемена транспарентност и навремено информирање на вработените. Резултатите од анкетите и зголеменото задоволство кај вработените потврдуваат дека очекуваните резултати од оваа цел се постигнати.

Во рамки на целта 2.2 – Подобрување на организациската клима и односите меѓу вработените, училиштето реализираше бројни активности и работилници насочени кон развој на тимска работа, комуникациски вештини, емоционална интелигенција и управување со конфликти. Преку најразлични активности како и работилници за управување со стрес, комуникациски тренинзи и симулирани сценарија за разрешување конфликти, значително е подобрена соработката и довербата помеѓу вработените. Дополнително, изработката и имплементацијата на протокол за разрешување конфликти придонесе за воспоставување јасни процедури и конструктивен пристап во решавање на проблемите. Резултатите од прашалниците за евалуација на организациската клима покажуваат повисоко ниво на задоволство кај вработените и подобрени меѓучовечки односи, што укажува дека поставените резултати се успешно реализирани.

Во однос на целта 2.3 – Спроведување на професионалност, работна дисциплина и исполнителност, училиштето реализираше активности насочени кон доследно почитување на куќниот ред, кодексите и протоколите на однесување. Континуираното потсетување на вработените за професионалните обврски, воведувањето систем за следење на реализацијата на задачите, како и воспоставувањето механизми за наградување и санкционирање, придонесоа за поголема одговорност и дисциплина во работењето. Дополнително, воведената практика за задолжително присуство на состаноците на стручните активи и

можноста за онлајн вклучување овозможија поголема вклученост на вработените во процесите на одлучување и координација. Подобрените резултати од прашалниците за евалуација на работната дисциплина и исполнителноста потврдуваат дека активностите придонеле за постигнување на очекуваните резултати.

Во рамки на **целта 2.4 – Подобрување на организацијата и функционалноста на стручните активи**, реализирани се активности за зајакнување на соработката и координацијата помеѓу членовите на активите. Преку реализирани работилници за развој на вештини за соработка и споделување добри практики, како и преку воспоставување правила за работа и функционирање на активите, подобрена е нивната организација и ефикасност. Почестото организирање состаноци, редовното следење на присуството и навременото информирање за активностите придонесоа за поголема ангажираност и одговорност кај членовите. Зголемениот број на одржани состаноци, навременото извршување на задачите и активното учество членовите претставуваат јасни показатели дека очекуваните резултати се постигнати.

Во рамки на **Стратешка цел 3: Подобрување на редовноста на учениците во наставата, мотивацијата за учење и партиципативност на ученичката заедница во работата на училиштето и климата во училиштето**, акцискиот план предвидува активности за следење на редовноста, индивидуална поддршка на учениците, поттикнување на активното учество и зајакнување на улогата на ученичкиот совет. Очекуваните резултати се намалување на изостаноците, зголемена мотивација за учење, поголема вклученост на учениците во училишниот живот и развој на демократски вредности.

Анализата на реализираните активности во рамки на **Стратешка цел 3** покажува дека училиштето успешно спроведува системски и координиран пристап за подобрување на редовноста на учениците, зголемување на мотивацијата за учење и унапредување на учеството на учениците во животот и работата на училиштето. Преку континуирана соработка помеѓу наставниците, класните раководители, стручната служба, менаџерскиот тим, родителите и ученичката

заедница, реализирани се активности кои придонесуваат за подобрување на воспитно-образовниот процес и училишната клима.

Во рамки на **целта 3.1 – Редовна и доследна евиденција и регулирање на изостаноците на учениците**, училиштето воспостави континуиран систем на следење и евидентирање на отсуствата преку редовно внесување на податоците во е-дневникот и педагошката документација. Предметните наставници и класните раководители покажаа висок степен на одговорност во евидентирањето на изостаноците и навременото известување за учениците со зачестени отсуства. Преку засилена комуникација помеѓу класните раководители и предметните наставници се овозможи навремено препознавање на учениците кај кои се забележуваат отстапувања во редовноста. Како резултат на реализираните активности, евиденцијата на изостаноците се води уредно и доследно, а регулирањето на отсуствата се врши навремено и согласно законските насоки и интерните процедури на училиштето.

Во однос на **целта 3.2 – Континуирана соработка со родителите за навремено и соодветно регулирање на отсуствата**, реализирани се активности насочени кон јакнење на комуникацијата помеѓу училиштето и родителите. Класните раководители редовно комуницираа со родителите на учениците кои имаат зачестени изостаноци, при што навремено се реагираше во ситуации на зголемени отсуства. Дополнително, континуирано се следеше регуларноста на оправдувањето на изостаноците преку увид во лекарски потврди, медицински белешки и друга релевантна документација. Ваквиот пристап придонесе за поголема одговорност кај родителите и подобра контрола на редовноста на учениците. Уредната и навремено регулирана педагошка евиденција претставува јасен показател дека очекуваните резултати се постигнати.

Во рамки на **целта 3.3 – Поддршка на класните раководители од страна на менаџерскиот тим и педагошко-психолошката служба**, училиштето обезбеди координиран пристап во следењето на паралелките со поголем број изостаноци. Менаџерскиот тим и педагошко-психолошката служба редовно ги анализираа состојбите, го следеа трендот на редовност и реализираа разговори со ученици, родители и класни раководители. Дополнително, се следеше начинот на

регулирање на изостаноците согласно правилникот и упатствата на училиштето. Изготвените извештаи, записници и реализираните советодавни разговори покажуваат дека е обезбедена навремена и континуирана поддршка на класните раководители, што придонесе за подобро управување со проблемот на изостаноци кај учениците.

Во однос на **целта 3.4 – Постојано поттикнување на учениците низ процесот на учење и стимулирање за повисоки постигања**, реализирани се активности насочени кон создавање стимулативна средина за учење и вреднување на успехот на учениците. Преку јакнење на капацитетите на наставниците за создавање мотивирачка училишна средина, редовно валоризирање на позитивните примери и јавно истакнување на успешните ученици, се зголеми мотивацијата кај учениците за подобри постигања. Дополнително, училиштето поттикнуваше соработка помеѓу учениците преку активности за меѓусебна поддршка при совладување на наставните содржини. Анализите на успехот, извештаите од советите на паралелките и наставничките совети, како и изработените пофалници и признанија, покажуваат дека се забележува подобрување на успехот и поголема ангажираност кај учениците.

Во рамки на целта 3.5 – Советодавна работа со учениците со потешкотии во учење, педагошко-психолошката служба реализираше советодавни активности насочени кон развивање на техники и стратегии за поефикасно учење. На учениците им беа обезбедени насоки за организација на учењето, развивање на работни навики и подобрување на концентрацијата и мотивацијата. Дополнително, континуирано се следеше нивниот напредок преку индивидуални разговори и анализа на успехот. Записниците од реализираните советувања и подобрените резултати кај дел од учениците укажуваат дека активностите придонеле за развивање на компетенциите за учење и подобрување на постигањата.

Во рамки на целта 3.6 – Зголемување на партиципативноста на ученичката заедница и учениците во процесите на одлучување, училиштето реализираше активности за зајакнување на улогата на ученичката заедница во животот и работата на училиштето. Преку работилници, состаноци и заеднички активности, учениците развиваа компетенции за активно учество, иницијативност и

одговорност. Ученичкиот совет активно учествуваше во разгледување прашања поврзани со училишниот живот, предлагање идеи и реализирање активности од интерес за учениците. Поддршката од стручната служба и наставниците придонесе учениците да се чувствуваат прифатени и вклучени во процесите на донесување одлуки. Реализираните активности, записниците од состаноците и извештаите од ученичкиот совет потврдуваат дека очекуваните резултати се успешно постигнати.

Севкупно, анализата покажува дека планираните активности во рамки на **Стратешка цел 3** се реализирани согласно предвидената динамика и придонеле за подобрување на редовноста на учениците, зголемување на мотивацијата за учење и развивање на активно ученичко учество. Индикаторите за успех, како што се уредната педагошка евиденција, извештаите од советодавната работа, анализите на успехот, записниците од состаноците и позитивните резултати од следењето на работата, потврдуваат дека очекуваните резултати од поставените цели се постигнати.

Во рамки на **Стратешка цел 4: Осовременување на инфраструктурните капацитети**, активностите се насочени кон подобрување на просторните и техничките услови за работа, опремување со современи наставни средства и создавање безбедна и функционална средина. Очекуваните резултати се подобрени услови за реализација на наставата, поголема ефикасност во користењето на ресурсите и зголемено задоволство кај сите корисници.

Анализата на реализираните активности во рамки на **Стратешка цел 4** покажува дека училиштето континуирано работи на подобрување и осовременување на инфраструктурните услови со цел создавање поквалитетна, функционална и современа средина за реализација на воспитно-образовниот процес. Преку планирани активности, рационално користење на ресурсите и координирана работа на менаџерскиот тим, наставниот кадар и стручните лица, постигнати се значајни резултати во подобрување на техничките, просторните и дигиталните услови во училиштето.

Во рамки на **целта 4.1 – Обезбедување квалитетен и стабилен интернет**, училиштето реализираше активности за надградба на постојната жичана интернет инфраструктура и проширување на интернет-покриеноста во сите просторни капацитети. Преку редовно одржување на мрежната инфраструктура и подобрување на техничките услови, обезбеден е постабилен и поквалитетен интернет кој непречено се користи во секојдневната работа на вработените и во реализацијата на наставата. Надградената инфраструктура овозможи подобрена дигитална комуникација, непречена примена на ИКТ во наставата и поефикасно функционирање на училиштето. Индикаторите за успех, како што се стабилноста на интернет-мрежата и покриеноста на сите училишни простории, потврдуваат дека очекуваните резултати од оваа цел се постигнати.

Во однос на **целта 4.2 – Доопременување на училниците со ИК опрема**, училиштето реализираше набавка на современа информатичко-комуникациска опрема, вклучувајќи смарт табли, лаптопи, печатачи и дополнителна ИТ опрема. Овие активности значително придонесоа за подобрување на условите за реализација на современа и интерактивна настава. Со опремувањето на училниците се овозможи поголема примена на дигитални алатки, поефикасна презентација на наставните содржини и поголема вклученост на учениците во наставниот процес. Финансиските извештаи од реализираните набавки и увидот во опременоста на училниците претставуваат конкретни показатели дека планираните активности успешно се реализирани и дека очекуваните резултати се постигнати.

Во рамки на **целта 4.3 – Редовно одржување на хигиената во училишната зграда и училишниот двор**, училиштето презема активности насочени кон подобрување на чиста, безбедна и уредена училишна средина. Постоечкиот персонал се труди да ја одржува хигиената во тоалетите, училниците и училишниот хол на задоволително ниво. Дополнително на тоа од страна на менаџерскиот тим се разговараше да се вклучат и дел од наставниците и учениците за одржување на хигиената во училниците и во училишниот двор преку еколошки акции, а со тоа се зајакнува свеста за значењето на чистотата и здравата средина кај самите ученици.

Во однос на **целта 4.4 – Обуки за наставниците за примена на информатичко-комуникациска технологија**, училиштето реализираше

активности за јакнење на дигиталните компетенции на наставниот кадар. Преку организирање и реализација на обуки за примена на ИКТ, наставниците ги унапредија своите вештини за користење современи дигитални алатки и апликации во наставата. Дополнително, реализирана е дисеминација на стекнатите знаења помеѓу наставниците, со што се поттикна професионална соработка и размена на добри практики. Извештаите од реализираните обуки и зголемената примена на ИКТ во наставниот процес покажуваат дека наставниот кадар успешно ги развива и применува дигиталните компетенции, а очекуваните резултати се постигнати.

Во рамки на **целта 4.5 – Обезбедување функционална и ажурирана вебстраница на училиштето**, училиштето реализираше дел од активностите за подобрување на дигиталната комуникација и транспарентноста во работењето. Со редовното ажурирање на веб-страницата, обезбедена е функционална и достапна платформа за информирање на учениците, родителите и јавноста. Дополнително, во рамки на оваа цел во иднина ќе се креираат и службени електронски адреси за вработените, што ќе придонесе за подобра професионална комуникација и организација на работата. Редовно ажурираната веб-страница и достапноста на информациите претставуваат јасни показатели дека дел од планираните активности се успешно реализирани и дека очекуваните резултати од оваа активност се постигнати.

Севкупно, анализата покажува дека училиштето успешно ги реализирало скоро сите планирани активности во рамки на Стратешка цел 4 и значително ги подобрило инфраструктурните и техничките услови за работа и учење. Подобрената интернет инфраструктура, современата ИК опрема, одржувањето на хигиената, развиените дигитални компетенции кај наставниците и функционалната веб-страница придонесуваат за поквалитетен воспитно-образовен процес и современо функционирање на училиштето. Индикаторите за успех и извештаите од следењето на активностите потврдуваат дека очекуваните резултати од поставените цели се успешно постигнати.

Во рамки на **Стратешка цел 5: Зголемување на бројот на активности во рамките на меѓуетничка интеграција,** акцискиот план опфаќа активности кои промовираат толеранција, почитување на различностите и соработка меѓу

учениците од различни етнички заедници. Очекуваните резултати се зголемен број на заеднички активности, подобрена меѓусебна комуникација, развиени интеркултурни компетенции и позитивна училишна клима заснована на почит и разбирање.

Анализата на реализираните активности во рамки на Стратешка цел 5 покажува дека училиштето активно и континуирано работи на унапредување на меѓуетничката интеграција преку поттикнување соработка, комуникација и заеднички активности помеѓу ученици од различни етнички и јазични заедници. Преку системски пристап и вклучување на наставниците, учениците, менаџерскиот тим и партнер училиштата, успешно се реализирани активности кои придонесуваат за развој на интеркултурен дијалог, меѓусебна почит и толеранција.

Во рамки на целта 5.1 – Поголем број на проекти и активности со јазично мешани групи во рамки на меѓуетничка интеграција, училиштето реализираше активности насочени кон воспоставување партнерства и создавање можности за заедничка работа и дружење помеѓу ученици од различни јазични средини. Преку избор и воспоставување соработка со партнер училишта во кои наставата се реализира на мајчин јазик различен од македонскиот, училиштето создаде услови за реализација на заеднички проекти и активности. Потпишувањето меморандуми за соработка и воспоставената континуирана комуникација со партнер училиштата придонесоа за поорганизирана и поодржлива соработка во областа на меѓуетничката интеграција.

Дополнително, училиштето реализираше различни активности во рамки на наставата и воннаставните содржини, во кои активно беа вклучени ученици од јазично мешани групи. Наставниците реализираа содржини и активности преку предметната настава со кои се поттикнува интеркултурно учење, меѓусебно запознавање и почитување на различностите. Паралелно со тоа, организирани се и воннаставни активности, заеднички работилници, средби и проекти во соработка

со партнер училиштата, преку кои учениците имаа можност да комуницираат, соработуваат и развиваат позитивни ставови кон различностите.

Реализираните активности придонесоа за зголемена вклученост на наставниците и учениците во процесите на меѓуетничка интеграција, како и за создавање позитивна и инклузивна училишна клима. Учениците покажаа поголем интерес за учество во заеднички активности, а наставниците активно се вклучија во планирањето и реализацијата на интеркултурни содржини и проекти. Извештаите од реализираните активности, евиденцијата за реализирани средби и проекти, како и зголемениот број активности од областа на меѓуетничката интеграција, претставуваат јасни показатели дека очекуваните резултати од поставената цел се постигнати.

Севкупно, анализата покажува дека училиштето успешно ги реализирало планираните активности во рамки на **Стратешка цел 5** и создало услови за активно унапредување на меѓуетничката интеграција. Преку партнерства со други училишта, реализација на заеднички активности и активно учество на учениците и наставниците, се развива култура на почитување, соработка и прифаќање на различностите. Континуираното реализирање на активности од оваа област придонесува за градење демократски вредности, толеранција и позитивни меѓуетнички односи во училиштето.

Анализата на реализацијата на стратешките цели од овој развоен план покажува дека училиштето успешно воспоставува системски, организиран и развоен пристап во планирањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа. Преку јасно дефинирани приоритети, конкретни цели, планирани активности и мерливи индикатори, училиштето континуирано работи на подобрување на квалитетот на наставата, организацијата на работењето, училишната клима, инфраструктурните услови и меѓуетничката интеграција.

Реализацијата на активностите во рамки на првата стратешка цел придонесе за осовременување на наставниот процес, поголема примена на иновативни методи и ИКТ во наставата, унапредување на професионалниот развој на наставниците и подобрување на системот на оценување. Истовремено, втората стратешка цел овозможи подобра организација и координација во работењето,

зголемена транспарентност, поефикасна комуникација и позитивна организациска клима во училиштето.

Преку реализацијата на третата стратешка цел се постигна значително подобрување во следењето на редовноста на учениците, зајакнување на соработката со родителите, поголема поддршка за учениците и поттикнување на нивната мотивација и активно учество во животот на училиштето. Активностите во рамки на оваа цел придонесоа и за развој на демократска култура и поголема партиципативност на ученичката заедница.

Во рамки на четвртата цел училиштето успешно ги подобри инфраструктурните и техничките услови за работа преку осовременување на ИКТ опремата, подобрување на интернет-инфраструктурата, одржување на хигиената и уредување на училишниот простор, како и преку јакнење на дигиталните компетенции на наставниот кадар. Дополнително, функционалната и ажурирана веб-страница придонесе за поголема транспарентност и подобра комуникација со сите чинители.

Реализацијата на петтата стратешка цел овозможи поголема вклученост на учениците и наставниците во активности од областа на меѓуетничката интеграција, развој на интеркултурен дијалог и градење позитивни односи помеѓу ученици од различни етнички и јазични заедници. Преку партнерства, заеднички активности и проекти, училиштето успешно придонесува за развој на толеранција, почитување и демократски вредности.

Севкупно, реализираните активности и постигнатите резултати потврдуваат дека училиштето успешно ги остварува поставените развојни приоритети и цели. Индикаторите за успех, извештаите од реализацијата, анализите, записниците и позитивните промени во работењето покажуваат дека очекуваните резултати се во голема мера постигнати. Континуираното следење, евалуација и вклученост на сите чинители претставуваат силна основа за понатамошен развој и унапредување

на квалитетот на воспитно-образовниот процес и целокупното функционирање на училиштето.

Клучни јаки страни

- Јасно дефиниран и функционален систем на управување и раководење;
- Високо ниво на транспарентност, отчетност и законитост во работата на Училишниот одбор;
- Добра соработка помеѓу раководниот орган, наставниците, учениците и родителите;
- Инклузивен и партиципативен пристап во креирањето на училишните политики;
- Јасно поставени мисија, визија и стратешки цели усогласени со современите образовни потреби;
- Континуирано професионално усовршување на наставниот кадар преку бројни обуки и работилници;
- Развиен систем за следење, евалуација и самоевалуација, како и унапредување на воспитно-образовниот процес.
- Активно функционирање на стручни активи, тимови и комисии.
- Висока вклученост на учениците преку ученичката заедница и проектни активности.
- Развиена соработка со локални институции, невладини организации и меѓународни партнери.
- Континуирано унапредување на ИКТ инфраструктурата и современите услови за настава.
- Постојат бројни програми и процедури за поддршка на учениците, инклузија, безбедност и ментално здравје.
- Позитивна училишна клима и добри меѓучовечки односи меѓу вработените.
- Развојното планирање е системско, мерливо и засновано на реални потреби и анализи.

Јаките страни во подрачјето „Управување, раководење и креирање политика“ укажуваат дека училиштето поседува добро воспоставен и функционален систем

на управување, заснован на транспарентност, отчетност и законитост. Постои јасна организациска поставеност и ефективна соработка помеѓу раководниот орган, наставниците, учениците и родителите, што придонесува за заедничко учество во донесувањето одлуки и креирањето на училишните политики.

Училиштето има јасно дефинирани мисија, визија и стратешки цели, усогласени со современите образовни потреби, при што развојното планирање се темели на реални анализи, мерливи индикатори и континуирано следење на резултатите. Значајна силна страна претставува и континуираното професионално усовршување на наставниот кадар преку бројни обуки и работилници, како и активното функционирање на стручните активи, тимови и комисии.

Посебно се истакнува високото ниво на ученичка вклученост преку ученичката заедница, проектните и воннаставните активности, што придонесува за развој на демократска култура и активно учество на учениците во животот на училиштето. Училиштето успешно развива соработка со локални институции, невладини организации и меѓународни партнери, со што се збогатува воспитно-образовниот процес и се создаваат дополнителни можности за учениците и наставниците.

Дополнително, континуирано се унапредуваат ИКТ инфраструктурата и условите за реализација на современа настава, а воспоставени се и бројни програми и процедури за поддршка на учениците, инклузија, безбедност и ментално здравје. Сето тоа придонесува за создавање позитивна училишна клима, добри меѓучовечки односи и поддржувачка средина за работа и учење.

Клучни слаби страни

- Дел од планираните активности и стратешки цели сè уште се во тек на реализација;
- Потреба од дополнително јакнење на дигиталните компетенции кај дел од наставниот кадар;
- Потреба од дополнително јакнење на мотивацијата и редовноста кај одреден број ученици;

- Потреба од понатамошно унапредување на системот за следење на ефектите од реализираните активности;
- Дел од училишните политики и процедури бараат континуирано ажурирање согласно новите образовни потреби и предизвици.

Слабите страни укажуваат дека, и покрај значајните постигнувања во работењето на училиштето, постојат одредени предизвици кои влијаат врз целосната реализација на поставените цели. Дел од планираните активности и стратешки цели сè уште се реализираат согласно предвидената динамика, што укажува на потреба од континуирано следење и дополнителна поддршка во нивната имплементација.

Се забележува и потреба од понатамошно јакнење на дигиталните компетенции кај дел од наставниот кадар, со цел поефикасна примена на современите технологии во наставата. Исто така, кај одреден број ученици е потребно дополнително поттикнување на мотивацијата за учење и подобрување на редовноста во наставата.

Воедно, постои потреба од понатамошно унапредување на системот за следење и анализа на ефектите од реализираните активности, како и од редовно ажурирање на дел од училишните политики и процедури согласно новите образовни потреби и современи предизвици. Формирањето на билингвалната паралелка, иако е започнат процес, сè уште е во фаза на подготовка и координација со надлежните институции, што бара дополнителни активности и институционална поддршка.

Идни планирани активности

- Обезбедување дополнителен технички кадар;
- Доопремување на училиштето со современа ИКТ и наставна опрема;
- Продолжување на обуките за наставниците за современа и дигитална настава;
- Унапредување на системот за следење и евалуација на постигнатите резултати;
- Понатамошно јакнење на ученичката партиципативност и демократската култура;

- Развивање нови активности за поддршка на менталното здравје и благосостојбата на учениците;
- Продлабочување на соработката со родители, институции и меѓународни организации;
- Континуирано ажурирање и унапредување на училишните политики и процедури;
- Поттикнување на инклузивност, меѓуетничка интеграција и позитивна училишна клима.

Идните планирани активности се насочени кон понатамошно унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и создавање современа, безбедна и поддржувачка училишна средина. Посебен акцент ќе се стави на подобрување на инфраструктурните и хигиенските услови во училиштето преку обезбедување дополнителен технички кадар и континуирано доопремување со современа ИКТ и наставна опрема, со што ќе се создадат подобри услови за реализација на современа и интерактивна настава.

Воедно, училиштето ќе продолжи со професионалното усовршување на наставниот кадар преку обуки за современи наставни методи и дигитална настава, како и со активности за финализирање на процесот за формирање билингвална паралелка. Планирано е и понатамошно унапредување на системот за следење и евалуација на постигнатите резултати, со цел поефикасно планирање и подобрување на воспитно-образовниот процес.

Дополнително, училиштето ќе работи на јакнење на ученичката партиципативност, демократската култура и позитивната училишна клима преку развивање нови активности за поддршка на менталното здравје и благосостојбата на учениците. Значајно место ќе има и продлабочувањето на соработката со родителите, локалните институции и меѓународните организации, како и континуираното ажурирање и унапредување на училишните политики и процедури согласно современите образовни потреби. Преку овие активности училиштето ќе

продолжи да ја унапредува инклузивноста, меѓуетничката интеграција и целокупниот квалитет на работата.

Предлог - мерки за подобрување на квалитетот на воспитнообразовната работа во средното училиште

Со цел да се обезбеди транспарентност, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 31.08.2026 година, Комисијата ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети.

Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои се приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Предлог - мерки кои произлегоа од дискусијата на Наставничкиот совет се следните:

Подрачје „Наствни планови и програми“

Слаба страна: *„Информирање на родителите за целите во наставните планови и наставните содржини“*

Предлог мерка: Подобрување на процедурата за информирање на родителите за целите во наставните планови и наставните содржини. Родителските состаноци веќе се доволно обемни со содржини кои се презентирани, а изложувањето на целите за секој предмет одделно, согласно со програмските документи на МОН и БРО, би одземале премногу време и би било неефикасно. Можна стратегија би била изработката на скратена верзија на постојните цели на предметите, иницирано од стручните активи и нивно поставување на web-страната на училиштето или да се овозможи преземање на овие информации од официјалната интернет-страна на Бирото за развој на образование каде што можат да се проследат постојните програмски документи (линковска поврзаност со овие информации на web- страната на училиштето за достапност до родителите).

Подрачје „Постигнувања на учениците“

Слаба страна: *„Потреба од уште поголема индивидуализација на наставата“* Предлог мерки:

- Наставниците во својата настава да користат повеќе диференцирани наставни методи.
- Да се одржи обука за наставниците со теми за примената на диференцирана настава, прилагодување на задачите, активностите и оценувањето.
- Да се зголеми проектно и истражувачко учење.
- Да се развијат повеќе активности што ги поттикнуваат индивидуалните интереси и креативност.
- Да се изработат и воведат платформи за онлајн учење и домашна работа што овозможуваат персонализирање на задачите според напредокот на секој ученик.

Слаба страна: *„Делумна недоволна вклученост на родителите кај одредени ученици “*

Предлог мерки:

- Да се организираат работилници и едукативни состаноци за родителите за подобрување на комуникацијата со децата, мотивацијата и домашната поддршка.
- Формирање на групи од родители за размена на искуства, идеи и решавање на заеднички предизвици.

Да се организираат активности во рамките на воннаставните, проектните или слободните часови во кои ќе бидат вклучени и родителите.

Слаба страна: *„ Потреба од дополнително намалување на изостаноците кај одредени паралелки “*

Предлог мерки:

- Воведување на систематска анализа на податоците за изостаноците, со цел идентификување на причините и ризичните групи.
- Да се подготват и развијат индивидуални планови за учениците со големи изостаноци, со конкретни чекори за враќање во редовна настава.

- Да се подобри и зголеми контактот со родителите.
- Да се организираат едукативни работилници во насока на акции за развивање на свесност за важноста на редовното присуство ученици и родители.
- Да се зголемат социјалните и емоционалните активности, со цел да се создаде пријатна и мотивирачка атмосфера во училиште што ќе ги поттикне учениците да бидат постојани.

Подрачје „Учење и настава“

Слаба страна: *„Потреба од појасна и подиректна поддршка од Тимот за меѓуетничка интеграција – дел од наставниците не ја препознаваат доволно неговата улога“*

Предлог мерки:

- Редовни состаноци и работилници за тимот - Организирање месечни состаноци за јасно дефинирање на улогите и задачите во меѓуетничката интеграција.
- Обучувања за наставници- Работилници за важноста и методите на меѓуетничка интеграција, со фокус на поттикнување на соработката.
- Почесто информирање на наставниот кадар за улогата и важноста на тимот преку едукативни сесии.

Слаба страна: *„ Ограничена примена на практики за размена на искуства преку следење наставни часови од колеги“*

Предлог мерки:

- Организирање на редовни наставнички часови за размена на искуства и следење дали се спроведуваат.
- Обука за ефективни методи за следење, евалуација и давање повратна информација.
- Структуирање на распоред за заедничко следење и анализа на наставни часови со цел учење од колегите.
- Воведување на онлајн платформа или група за размена на идеи и искуства.

Во годишната програма за работа на училиштето веќе се интегрирани заеднички часови и размена на искуства помеѓу колеги.

Слаба страна: *„Примената на ИКТ и современи наставни ресурси може да се подобри за целосно вклучување на сите ученици“*

Предлог мерки:

- Интеграција на ИКТ во наставата - Воведување на проекти и задачи кои бараат користење на ИКТ од страна на учениците.
- Следење на примената на ИКТ и собирање повратна информација од наставници и ученици.

Слаба страна: *„Недоволна застапеност на методот на самооценување на учениците“*

Предлог мерки:

- Организирање работилница за наставниците и учениците за важноста и методите на самооценување.

-Воведување на формулари за самооценка. Структуриран пристап со конкретни прашања и критериуми.

Слаба страна: *„ Потребна е поголема разновидност и индивидуализација во наставните активности “*

Предлог мерки:

- Развој на индивидуални планови за учење:
- Прилагодување на задачите според способностите на учениците.
- Користење на различни наставни методи: Проекти, истражувања, групни работи, интерактивни активности.

-

Подрачје „Училишна клима и односи во училиштето“

Слаба страна: *„Недоволна вклученост на сите ученици во процесите на донесување одлуки“*

Предлог мерки:

- Воведување на анкети и истражувања за потребите и предлозите на учениците. - Организирање на јавни средби со ученичките тела за дискутирање на важни прашања.

Слаба страна: „Потреба од унапредување на професионалната комуникација и соработка меѓу наставниците“

Предлог мерки:

- Организирање на редовни тимски состаноци за размена на информации и искуства.
- Создавање на колегијални групи за споделување на најдобри практики и решавање на предизвици.

Слаба страна: „Потреба од понатамошно системско поттикнување на ученичката иницијативност и активност“

Предлог мерки:

Воведување на проекти и натпревари што ги поттикнуваат ученичките идеи и иницијативи.

- Обезбедување ресурси и менторство за учениците кои сакаат да реализираат свои проекти.
- Организирање на работилници за развој на лидерски вештини и претприемачки однесувања.
- Поттикнување на ученичките организации и клубови со конкретни мисији и цели. - Вклучување на учениците во планирање и одржување на настани и активности во училиштето.

Слаба страна: *„Недостиг на метод за проверка на оправданите изостаноци (медицинските белешки) од страна на самото училиште“*

Предлог мерки:

-
- Редовно потсетување и проверување на начините и прописите за оправдување на изостаноците.
- Подготвување на индивидуални образци за следење на изостаноците, причините за истите, како и пронаоѓање начини за намалување на истите, како на квалитативно така и на квантитативно ниво.

Подрачје „Ресурси“

✓ Учениците ја немаат можноста непречено да го користат училишниот интернет;

✓ Училиштето и наставниците треба да обезбедат соодветна дисеминација од обуките на кои некои вработени не можеле да присуствуваат, но и да го применуваат наученото.

✓ Недостиг на паркинг простор.

Подрачје „Управување, раководење и креирање политика“

Слаба страна: „Потреба од дополнително јакнење на дигиталните компетенции кај дел од наставниот кадар“ Предлог мерки:

- Посета на обуки;
- Размена на искуства помеѓу наставниците;

-

Комисија за спроведување на сопствената работа и постигнувањата на средното училиште

Носител на самоевалуација: м-р Николина Ивановска Котевска _____

Помошник носител на самоевалуација:

Мартина Самболец _____

Невенка Трајановска _____

1. **НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

Носител на тимот - Елена С. Трајковска _____

Членови -Надрије Садику _____

Ерсан Муртезани _____

Јулија К. Огненовска _____

2. **ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Носител на тимот - Феми Јусуфи _____

Членови - Ерблина Муаџери _____

Биљана Јовановска _____

Ана Јанкоски _____

3. **УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

Носител на тимот - Виолета Златевска _____

Членови - Башким Исуфи _____

Шукран Ќазими _____

4. **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Носител на тимот - Арта Мемети _____

Членови - Семир Бајрами _____

-
Мелита Чаушоска _____

Доротеа Трајановска _____

5. **УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Носител на тимот - Билјана Анчевска _____

Членови - Леонид Миладинов _____

Арлинда Османи _____

Редифе Сулимановска _____

6. **РЕСУРСИ**

Носител на тимот - Фатмире Балажи _____

Членови - Розафа Ферати _____

Стојанче Тодоровски _____

Анета Милошевиќ _____

7. **УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

Носител на тимот - Мелита Станковиќ _____

Членови - Калина Трајановска _____

Манушаќе Имери _____

Берајет Зекири _____

Врз основа на член 89-а од Законот за средното образование образование („Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.229/20, 269/23, 78/25, 132/25 и 250/25), Записникот од Наставничкиот совет бр.02-18/22 од 31.08.2026 година, Одлуката со деловоден бр.02-1265/1 од 02.09.2026 година и член 90 од Статутот на СГГУ на ГС „Здравко Цветковски"-Скопје, Училишниот одбор на седницата одржана на ден 21.09.2026 година донесе:

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно градежно гимназиско училиште на град Скопје
Shkolla e mesme e ndërtimtarisë dhe gjimnazit e qytetit të Shkupit
ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ - ZDRAVKO CVETKOVSKI
Бр.-Nr. 02-1265/2
22.09 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Одлука

За самоевалуација

1. Се усвојува самоевалуација на СГГУ на ГС „Здравко Цветковски"-Скопје, за период 2024-2026 година.
2. Самоевалуација на училиштето за периодот 2024-2026 година, е составен дел на оваа одлука
3. Одлуката стапува во сила со дено на донесувањето.

СГГУ на ГС „Здравко Цветковски"-Скопје
Претседател на УО,
Феми Јусуфи

Средно градежно училиште на град Скопје • Shkolla e mesme e ndërtimtarisë dhe gjimnazit e qytetit të Shkupit • ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ - ZDRAVKO CVETKOVSKI • Р.С. Македонија • R. e Maqedonisë së V. • СКОПЈЕ - SHKUP

Наставничкиот совет на СГГУ на ГС „Здравко Цветковски“-Скопје, врз основа на член 96 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14 и 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20, 269/23, 78/25, 132/25 и 250/25) и член 99 од Статутот на училиштето, на седницата одржана на ден 01.09.2026 година, донесе:

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно градежно гимназиско училиште на град Скопје
Shkolla e mesme e ndërtimtarisë dhe gjimnazi e qytetit të Shkupit
ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ - ZDRAVKO CVETKOVSKI
Бр.-Nr. 02-1265/1
02.09 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Одлука

За самоевалуација

1. Се усвојува самоевалуација на СГГУ на ГС „Здравко Цветковски“-Скопје, за период 2024-2026 година.
2. Самоевалуација на училиштето за периодот 2024-2026 година, е составен дел на оваа одлука
3. Одлуката стапува во сила со дено на донесувањето.

СГГУ на ГС „Здравко Цветковски“-Скопје
в.д. Директор,
м-р Стево Павловски

Република Северна Македон... ublika e Maqedonisë së Veriut
Средно градежно гимна... učilište na grad Skopje
Shkolla e mesme e ndërtimtarisë dhe gjimnazit e qytetit Shkup
ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ - ZDRAVKO CVETKOVSKI
Бр.-Nr. 03-1453/1
16. 09 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Состанок на Училишна Заедница

На 15.09.2026 година со почеток во 13 часот се одржа Состанок на Училишната заедница на училиштето со следниот

Дневен ред:

1.Усвојување на Самоевалуација
2.Избор на најдобар професор
3.Избор на претседателство на Училишната Заедница

На почетокот учениците беа запознаени со Самоевалуацијата на училиштето по што таа беше усвоена.

Потоа секој претседател го предаде на лист предлогот од својот клас за најдобар професор ,што следи откако им беше објаснето на кој начин да избираат во класот.

На крај учениците со гласање бираа Претседателство на Училишната заедница.

За претседател на заедницата се пријавија тројца кандидати
Дамјан Димитриевски А4а
Емилија Козар Д4аи
Кристијан Радуловски 34а

Се гласаше за тојцата и со најмногу гласови беше избран Дамјан Димитриевски.На истиот начин ,со гласање беше избран и заменик претседател – ХанкаБаки – Д4б.

За Секретар беше избрана Емилија Козар Д4а.

Ученички правобранител останува истата ученичка Сара Иса А3б

Потоа се избираше и претседател претставник на трета година и со гласање од присутните претседатели од трета година ,а откако тој се пријави, беше изгласан – Бошко Букилица –Јордановски од Г3а.

Претседателите за прва и втора година ќе се бираат на друг состанок бидејќи почна наставата од втора смена и учениците побараа да одат на часови .

Во прилог е Списокот на присутни ученици.

Дата
15.09.2026

Одговорни професори
Емилија Јовановска
Мухамед Зенуни

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Ve
Средно градежно гимназиско училиште на град Ско
Shkolla e mesme e ndërtimtarisë dhe gjimnazit e qytetit të Shku
ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ - ZDRAVKO CVETKOVS
Бр.-Nr. 03-1466/1
17 09 2026 год.-v
СКОПЈЕ - SHKUP

ИЗВЕШТАЈ

Од одржаниот состанок со Советот на родители одржан на 15.09. 2026 година со следниот

Дневен ред:

1.Конституирање на Советот
2.Самоевалуација на училиштето
3.Усвојување записник за предлог најдобар професор
4.Избор на членови на Училишен одбор
5.Разно

Состанокот започна во 18.30 часот присутни беа 11 родители , со претставување на членовите на Советот . Од прва година нови членови претставници од Одборот за прва година се Валбон Беџети , А1б, Луција Стојановиќ А1в и Александра Милевска –Петровска 31а и двајца нови родители од Одборот за трета година – Билјана Дуковска III2 и Лирим Нуредини А3б. Со тоа се Конституираше Советот на родители за 2026-27 година.Потоа им беше презентирана Самоевалуацијата на родителите, по што се отвори дискусија за нивната инволвираност и на крај тие ја усвоија истата.(испратена на маил на родителите)

Им беше прочитан записникот за предлог на најдобар професор , кој што исто така беше усвоен.(записник во прилог)

Потоа се продолжи кон избор на членови за Училишен Одбор.Бидејќи на членот Шпреса Ризвановиќ и престанува мандатот потребно е да се избере нов член од редовите на родителите во Училишниот Одбор.Се пријавија две родителки ;Соња Трајковска и Александра Малевска – Петровска.Родителите гласаа јавно ,со кревање на рака и за Соња гласаа 6 родители ,а за Александра гласаа 3 родители и двајца беа воздржани.Со тоа Советот ја одбра Соња Трајковска за претставник од редовите на родители во Училишниот одбор.

Под точка разно Членовите на Советот на родители реагираа на редовноста на состаноците на членовите кои се одбрани во Училишниот одбор.Тие сметаат дека ако не доаѓаат на состаноците на Советот на родители треба да бидат сменети и од Училишнио Одбор .

По исцрпување на Дневниот ред заврши состанокот.

Во прилог е список на присутни родители

Датум

15.09.2026

Претседател :Златко Ангелов

Записничар: Емилија Јовановска